# Собрание на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Македонија
## за периодот
## 01.01/2008 – 12.04/2008

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **1. Вовед** | **5** |
| **2. Седници на Собранието на Република Македонија** | **7** |
| 2.1. Пленарни седници | 9 |
| 2.2. Присуство и учество на седниците | 11 |
| 2.3. Одлучување и гласање | 13 |
| 2.4. Фази и постапка за донесување на закони | 14 |
| 2.4.1. Донесени закони | 19 |
| 2.4.2. Донесени ратификации | 22 |
| 2.4.3. Закони усогласени со Европска легислатива | 23 |
| 2.4.4. Закони во фази | 24 |
| 2.4.5. Повлечени закони | 24 |
| 2.5. Одлуки и други акти | 25 |
| 2.5.1. Одлуки | 25 |
| 2.5.2. Одлуки во судство и обвинителство | 29 |
| 2.5.3. Други акти | 30 |
| 2.6. Амандмани | 31 |
| 2.7. Пратенички прашања | 32 |
| **3. Работни тела на Собранието на Република Македонија** | **35** |
| **4. Претседател и потпретседатели** | **77** |
| 4.1. Претседател | 79 |
| 4.2. Потпретседатели | 81 |
| **5. Меѓународна соработка** | **85** |
| 5.1. Мултилатерална соработка | 87 |
| 5.2. Други меѓународни активности | 96 |
| **6. Одбележување на значајни настани во Собранието на РМ** | **99** |
| 6.1. Меѓународна активност и протоколарни средби | 101 |
| 6.2. Меѓ. конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари | 101 |
| 6.3. Приеми и годишни награди | 102 |
| **7. Јавност во работата на Собранието** | **103** |
| 7.1. Собраниски ТВ канал | 105 |
| 7.2. Електронска комуникација | 107 |
| **8. Активности на клубот на жените пратенички** | **113** |
| **9. Активности на невладини организации во Собранието на Р.М.** | **117** |
| **10. Служба на Собранието на Република Македонија** | **121** |
| 10.1. Служба на Собранието | 123 |
| 10.2. Програма за практиканти | 129 |
| **11. Прилози** | **133** |
| Прилог 1: Одржани седници | 135 |
| Прилог 2: Дневни редови на седници | 137 |
| Прилог 3: Компаративни анализи | 147 |
| Прилог 4: Меѓународни активности | 149 |
| Прилог 5: Интегрални извештаи за активностите на парламантарните групи и делегациите | 153 |

# 1. ВОВЕД

*Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.*

*Собранието е еднодомно кое го сочинуваат 120 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.*

*Во сегашниот состав на Собранието пратениците се избрани врз основа на пропорционален модел и тие својата функција ја вршат професионално.*

*Пратениците се избираат за време од четири години и тие не можат да бидат отповикани.*

*Врз основа на Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија:*

*- го донесува и изменува Уставот;*

*- донесува закони и дава автентично толкување на законите;*

*- ги утврдува јавните давачки;*

*- донесува Републички буџет и завршна сметка на буџетот*

*- донесува просторен план на Републиката;*

*-ратификува меѓународни договори;*

*- одлучува за војна и мир;*

*- донесува одлука за менување на границата на Републиката;*

*- донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;*

*- распишува референдум;*

*- одлучува за резервите на Републиката;*

*- основа совети;*

*- избира Влада на Република Македонија;*

*- избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;*

*- врши избор и разрешување на судии;*

*- врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон;*

*- врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;*

*- дава амнестија и*

*- врши други работи утврдени со Уставот.*

*Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, дек-ларации, резолуции, препораки и заклучоци.*

*Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието се утврдуваат со Деловник што Собранието го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со оглед на тоа што законодавната дејност е основна дејност на Собранието, во Деловникот е прецизно уредена постапката за разгледување и донесување на законите и другите акти. Исто така, со Деловникот се уредени инструментите и постапката преку кои Собранието врши политичка контрола и надзор врз работата на органите на извршната власт, како и други прашања што произлегуваат од уставните надлежностинаСобранието*

# 2. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

## 2.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период одржани се 26 седници од кои 7 останаа незавршени со 102 преостанати точки и тоа 51 закон, 18 одлуки, 1 декларација, 2 информации, 2 програми, 5 извештаи, 2 плана, 1 интерпелација, 17 автентични толкувања, 1 завршна сметка, 1 мислење и 1 стратегија. Истовремено во овој мандатен период се одржаа и едно продолжение од 42-та сеница со 1 точка и 3 продолженија од 65-та седница со 8 преостанати точки со кои оваа седница се заврши, седници кои беа започнати во 2007 година.




вкупно седници - 26

завршени - 18

незавршени - 7

неусвоен дневен ред - 1



# Посебни седници

## Посебни седници во периодот 01.01.2007 – 31.12.2007

**Пратенички прашања - 3**

- 91 седница, одржана на 21.01.2008 година;
- 103 седница, одржана на 28.02.2008 година;
- 108 седница, одржана на 27.03.2008 година;

**Обраќања - 3**

- Претседател на Народното собрание на Република Бугарија, Георги Пирински (102 седница, 11.03.2008 година)
- Претседател на Саборот на Република Хрватска, Лука Бебиќ, (106 седница, 18.03.2008 година)
- Претседавач на Претставничкиот дом на Парламентот нс Босна и Херцеговина, Милорад Живковиќ, (111 седница, 07.04.2008 година).

**Неусвоен дневен ред - 1**

- (101 седница, 07.02.2008 година).

**Комеморативни - 2**

- по повод смртта на првиот Претседател на Владата на Република Македонија, Никола Кљусев (18.01.2008 година)
- по повод смртта на пратеникот Гоце Марковски, (01.04.2008 година)

Времетраење на седници

- Според број на работни денови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 98-та седница со 17 работени денови (71 час и 50 минути).
- Според вкупен број на работни часови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 98-та седница со 71 час и 50 минути.
- Според континуитет, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е почетокот на 114-та седница, кое траело од 13,10 часот на 10 април (четврток) до 02,20 часот следниот ден во петок.
- Според вкупен број на работни часови, најкратки седница на Собранието на Република Македонија се 112-та седница која траела 5 минути.

## 2.2. Присуство и учество на седниците

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| 42 седница | 2 | 7 часа и 30 минути |
| 65 седница | 3 | 12 часа и 50 минути |
| 90 седница | 2 | 7 часа |
| 91 седница | 1 | 10 часа |
| 93 седница | 4 | 14 часа и 05 минути |
| 94 седница | 3 | 3 часа и 30 минути |
| 95 седница | 2 | 6 часа и 15 минути |
| 96 седница | 1 | 20 минути |
| 97 седница | 1 | 4 часа и 50 минути |
| 98 седница | 17 | 71 час и 50 минути |
| 99 седница | 2 | 5 часа и 10 минути |
| 100 седница | 3 | 9 часа и 50 минути |
| 101 седница | 1 | 2 часа и 10 минути |
| 102 седница | 1 | 30 минути |
| 103 седница | 1 | 6 часа и 35 минути |
| 104 седница | 13 | 45 часа и 05 минути |
| 105 седница | 1 | 35 минути |
| 106 седница | 1 | 20 минути |
| 107 седница | 1 | 25 минути |
| 108 седница | 1 | 4 часа и 55 минути |
| 109 седница | 1 | 4 часа и 25 минути |
| 111 седница | 1 | 10 минути |
| 112 седница | 1 | 05 минути |
| 113 седница | 2 | 9 часа и 50 минути |
| 114 седница | 2 | 27 часа и 20 минути |
| 115 седница | 1 | 2 часа и 05 минути |
| комеморативна | | |
| комеморативна | | |
| ВКУПНО: 28 седници | 58 дена | 257 часа и 40 минути |

*Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 58.*
*Во текот на тие работни денови остварени се :*

| | |
|---|---|
| *вкупно присуства:* | *6029* |
| *вкупно отсуства:* | *925 од кои:* |
| *- оправдани* | *754* |
| *- неоправдани* | *171* |

***Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници***




Согласно со Деловникот (член 29) на пратеник кој отсуствува најмалку четири пати континуирано од седници на Собранието, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство.

Во периодот 01.01.2008 година до 12.04.2008 година пратеници со четири последователни отсуства немало.

## 2.3. Одлучување и гласање



## 2.4. ФАЗИ И ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Собранието, како законодавен орган, усвојува закони на неговите седници.*

*Право на предлагање закон има секој пратеник, Владата на Република Македонија и 10.000 избирачи.*

*Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Предлогот за донесување на закон се разгледува на седниците на надлежното работно тело, како и на други работни тела во чиј делокруг спаѓаат прашања што се уредуваат со законот. Работните тела доставуваат извештај до Собранието во кој го изнесуваат својот став во однос на предлогот. Мислење доставува и Владата, доколку таа не е предлагач на законот.*

*Врз основа на заклучокот на Собранието, предлагачот подготвува предлог на закон. Предлогот на закон повторно го разгледуваат работните тела кои го разгледувале во претходната фаза и доставуваат извештај на Собранието.*

*Во оваа фаза може да се поднесуваат амандмани на текстот на предложениот закон, од страна на секој пратеник, работно тело на Собранието и Владата.*

*За посложени и системски закони можна е уште една фаза - односно нацрт на закон пред изготвувањето на предлогот на закон.*

*Доколку не се работи за сложен и обемен закон, можно е тој да се донесе по скратена постапка - односно предлог за донесување на закон, со предлог на закон.*

*По општата и амандманската расправа на пленарна седница на Собранието, Собранието гласа за донесување на законот ако присуствуваат мнозинство пратеници. Законите, по правило, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку една третина од вкупниот број пратеници. Уставот ги утврдува исклучоците, односно оние закони за кои е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.*

*Законите се прогласуваат со указ кој го потпишуваат претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.*

*Претседателот на Републиката мо-же да одлучи да не го потпише указот за потпишување на законот. Во тој случај, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (апсолутно мнозинство), претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише указот и за прогласување на законите кои се донесени со двотретинско мнозинство.*

*Законите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија"*




| | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | повлечени | прва фаза | нацрт закон | усвоени | неусвоени | неосновани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | **101** | 39 | | 9 | 2 | | | | | 51 |
| **2.** | одлуки | **42** | 24 | | | | | | | | 18 |
| **3.** | декларации | **1** | | | | | | | | | 1 |
| **4.** | информации | **2** | | | | | | | | | 2 |
| **5.** | извештаи | **5** | | | | | | | | | 5 |
| **6.** | планови | **3** | 1 | | | | | | | | 2 |
| **7.** | интерпелации | **1** | | | | | | | | | 1 |
| **8.** | авт.толкувања | **17** | | | | | | | | | 17 |
| **9.** | заврш.сметки | **1** | | | | | | | | | 1 |
| **10.** | нац.стратегии | **1** | | | | | | | | | 1 |
| **11.** | програми | **2** | | | | | | | | | 2 |
| **12.** | мислења | **1** | | | | | | | | | 1 |
| **13.** | иницијативи | **1** | 1 | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **178** | **65** | | **9** | **1** | | | | | **102** |


104
100
98
97
95
94
93
90
65
42
4
3
2
9
1
4
15
3
8
1
0
5
10
15
20
РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦИ
број на разгледани закони

| седница | поставени | донесени | недонесени | повлечени | 1 фаза | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **1** | 1 | | | | |
| **65** | **8** | 3 | | 5 | | |
| **90** | **24** | 2 | | 1 | | **21** |
| **93** | **15** | 12 | | 2 | 1 | |
| **94** | **5** | 3 | | 1 | | **1** |
| **95** | **1** | | | | 1 | |
| **97** | **9** | 9 | | | | |
| **98** | **12** | 2 | | | | **10** |
| **100** | **5** | 3 | | | | **2** |
| **104** | **16** | 4 | | | | **12** |
| **113** | **5** | | | | | **5** |
| **вкупно** | **101** | **39** | **-** | **9** | **2** | **51** |

## ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ 51




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 39




## НЕДОНЕСЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ (9)



## 2.4.1. Донесени закони




**ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ**

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризмот | Влада | редовна | 93 03.01.2008 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите | Влада | скратена | 93 03.01.2008 |
| 3. | Закон за ПТТ услуги | Влада | редовна | 94 04.01.2008 |
| 4. | Закон за политички партии | Влада | скратена | 94 04.01.2008 |
| 5. | Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 6. | Закон за рибарство и аквакултура | Влада | редовна | 93 04.01.2008 |
| 7. | Закон за сточарство | Влада | редовна | 93 04.01.2008 |
| 8. | Закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | скратена | 93<br>04.01.2008 |
| **12.** | Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство | Влада | скратена | 93<br>04.01.2008 |
| **13.** | Закон за образование на возрасни | Влада | скратена | 93<br>08.01.2008 |
| **14.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување | Влада | скратена | 94<br>09.01.2008 |
| **15.** | Закон за вонпарнична постапка | Влада | скратена | 93<br>11.01.2008 |
| **16.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција | Влада | скратена | 65<br>16.01.2008 |
| **17.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација | Влада | скратена | 65<br>16.01.2008 |
| **18.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа | Влада | скратена | 65<br>16.01.2008 |
| **19.** | Закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција | пратеници | редовна | 42<br>22.01.2008 |
| **20.** | Закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| **21.** | Закон за гаранција на Р Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи на железницата, кој ќе се склучи меѓу Јавното претпријатие Македонски железници - инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| **22.** | Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи на железницата, кој ќе се склучи меѓу Македонски железнички транспорт АД Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| **23.** | Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| **24.** | Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната банка за обнова и развој ИБРД по Договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **25.** | Закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната комерцијална банка на Република Кина по договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти | Влада | скратена | 97 30.01.2008 |
| **26.** | Закон за изменување на законот за платен промет | Стојан Андов | итна | 100 12.02.2008 |
| **27.** | Закон за високото образование | Влада | редовна | 98 26.02.2008 |
| **28.** | Закон за генетски модифицирани организми | Влада | редовна | 98 26.02.2008 |
| **29.** | Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите | Влада | скратена | 100 11.03.2008 |
| **30.** | Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување | Влада | скратена | 100 13.03.2008 |
| **31.** | Закон за катастар на недвижности | Влада | скратена | 104 19.03.2008 |
| **32.** | Закон за поттикнување и помагање на техно-лошкиот развој | Влада | скратена | 104 25.03.2008 |
| **33.** | Закон за научноистражувачка дејност | Влада | скратена | 104 31.03.2008 |

## 2.4.2. Донесени ратификации

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за ратификација на стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцеларијата на европската полиција | Влада | скратена | 90<br>29.01.2008 |
| 2. | Закон за ратификација на седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз | Влада | скратена | 90<br>29.01.2008 |
| 3. | Закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според инструментот за предпристапна помош ИПА | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| 4. | Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| 5. | Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи | Влада | скратена | 97<br>30.01.2008 |
| 6. | Закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и владите на другите држави-учесници во процесот на соработка за Југоисточна Европа и Привремената административна Мисија на Организацијата на Обединетите нации на Косово, во име на Косово, согласно Резолуцијата број 1244 на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации за аранжманите на државата-домаќин во врска со Секретаријатот на Советот на регионална соработка | Влада | скратена | 104<br>29.02.2008 |

## 2.4.3. Закони усогласени со Европска легислатива

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризмот | Влада | редовна | 93 03.01.2008 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите | Влада | скратена | 93 03.01.2008 |
| 3. | Закон за ПТТ услуги | Влада | редовна | 94 04.01.2008 |
| 4. | Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 5. | Закон за рибарство и аквакултура | Влада | редовна | 93 04.01.2008 |
| 6. | Закон за сточарство | Влада | редовна | 93 04.01.2008 |
| 7. | Закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 8. | Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 10. | Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 11. | Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство | Влада | скратена | 93 04.01.2008 |
| 12. | Закон за образование на возрасни | Влада | скратена | 93 08.01.2008 |
| 13. | Закон за вонпарнична постапка | Влада | скратена | 93 11.01.2008 |
| 14. | Закон за високото образование | Влада | редовна | 98 26.02.2008 |
| 15. | Закон за генетски модифицирани организми | Влада | редовна | 98 26.02.2008 |
| 16. | Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување | Влада | скратена | 100 13.03.2008 |
| 17. | Закон за катастар на недвижности | Влада | скратена | 104 19.03.2008 |
| 18. | Закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој | Влада | скратена | 104 25.03.2008 |
| 19. | Закон за научноистражувачка дејност | Влада | скратена | 104 31.03.2008 |

## 2.4.4. Закони во фази

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги | Влада | 93<br>03.01.2008 |
| 2. | Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка, со Предлог на закон | Влада | 95<br>11.01.2008 |

## 2.4.5. Повлечени закони

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Предлог за донесување на закон за изменување на законот за буџетите, со Предлог на закон | Влада | 94<br>04.01.2008 |
| 2. | Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон | Влада | 93<br>04.01.2008 |
| 3. | Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон | Влада | 93<br>08.01.2008 |
| 4. | Предлог за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, со Предлог на закон | Влада | 65<br>16.01.2008<br>разгледан на 93 |
| 5. | Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон | Влада | 65<br>16.01.2008<br>разгледан на 93 |
| 6. | Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон | Влада | 65<br>16.01.2008<br>разгледан на 93 |
| 7. | Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам | Влада | 65<br>16.01.2008<br>разгледан на 93 |
| 8. | Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги | Влада | 65<br>16.01.2008<br>разгледан на 93 |
| 9. | Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето, со Предлог на закон | Влада | повлечен со допис од Влада од 90 седница на 06.02.2008 |

# 2.5. ОДЛУКИ И ДРУГИ АКТИ

## 2.5.1. ОДЛУКИ






| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа | Влада | редовна | 96 03.01.2008 |
| 2. | Одлука за дополнување на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак | Влада | редовна | 94 04.01.2008 |
| 3. | Одлука за дополнување на одлуката за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа | Влада | редовна | 99 29.01.2008 |
| 4. | Одлука за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан | Влада | редовна | 99 29.01.2008 |
| 5. | Одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 90 29.01.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Одлука за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 97<br>30.01.2008 |
| **7.** | Именување член на Советот на Народната банка на Република Македонија | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 97<br>30.01.2008 |
| **8.** | Одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 100<br>12.02.2008 |
| **9.** | Одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан | Влада | редовна | 105<br>19.02.2008 |
| **10.** | Одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 104<br>29.02.2008 |
| **11.** | Именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија | Влада | редовна | 104<br>29.02.2008 |
| **12.** | Одлука за оснивање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на загинувањето на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски | 34 пратеници | редовна | 104<br>29.02.2008 |
| **13.** | Одлука за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 104<br>29.02.2008 |
| **14.** | Одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 107<br>18.03.2008 |
| **15.** | Одлука за испаќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан | Влада | редовна | 109<br>28.03.2008 |
| **16.** | Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 112<br>03.04.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Верификација на мандат на пратеник на Собранието на Република Македонија | Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања | редовна | 113<br>09.04.2008 |
| **18.** | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА | Влада | редовна | 115<br>12.04.2008 |
| **19.** | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА | Влада | редовна | 115<br>12.04.2008 |
| **20.** | Одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА | Влада | редовна | 115<br>12.04.2008 |
| **21.** | Одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан | Влада | редовна | 115<br>12.04.2008 |
| **22.** | Одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак | Влада | редовна | 115<br>12.04.2008 |
| **23.** | Одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија | пратеници | редовна | 114<br>12.04.2008 |

## 2.5.2.ОДЛУКИ ВО СУДСТВО И ОБВИНИТЕЛСТВО

**Одлуки по предлагачи**




**Одлуки по постапка**




| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Разрешување на заменик на јавниот обвинител во Основното Јавно обвинителство - Скопје | Комисија за прашањата на избори и именувања | редовна | 97<br>30.01.2008 |

# 2.5.3.ДРУГИ ДОНЕСЕНИ АКТИ

## ПЛАНОВИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Нацрт на просторен план на Охридско-Преспански регион | Влада | редовна | 100<br>13.03.2008 |

## ИНИЦИЈАТИВИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Иницијатива за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево | Влада | редовна | 100<br>13.03.2008 |

# 2.6. АМАНДМАНИ




| предлагачи | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| *Пратеници* | *390* | *120* | *165* | *105* |
| *Комисии* | *52* | *52* | *-* | *-* |
| *Влада на Р.М* | *44* | *44* | *-* | *-* |
| *Предлагачи* | *13* | *11* | *-* | *2* |
| **Вкупно** | **499** | **227** | **165** | **107** |

# 2.7.ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА






| Седница број | | 91 | 103 | 108 | - | - | - | - | - | - | - | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на пратеници кои поставиле прашање** | | **17** | **13** | **12** | - | - | - | - | - | - | - | **42** |
| ***ПОСТАВЕНИ*** | **Политички систем** | 15 | 10 | 9 | - | - | - | - | - | - | - | **34** |
| | **Економски систем** | 20 | 11 | 7 | - | - | - | - | - | - | - | **38** |
| | **Јавни дејности** | 12 | 14 | 12 | - | - | - | - | - | - | - | **38** |
| **Вкупно:** | | **47** | **35** | **28** | | - | - | - | - | - | - | **110** |
| ***Одговорени на самата седница*** | **Политички систем** | 8 | 3 | 4 | - | - | - | - | - | - | - | **15** |
| | **Економски систем** | 11 | 4 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | **20** |
| | **Јавни дејности** | 4 | 5 | 6 | - | - | - | - | - | - | - | **15** |
| **Вкупно:** | | **23** | **12** | **15** | | - | - | - | - | - | - | **50** |
| ***Одговорени во писмена форма*** | **Политички систем** | 4 | - | 3 | - | - | - | - | - | - | - | **7** |
| | **Економски систем** | 7 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | **9** |
| | **Јавни дејности** | 3 | 1 | 4 | - | - | - | - | - | - | - | **8** |
| **Вкупно:** | | **14** | **2** | **8** | - | - | - | - | - | - | - | **24** |
| ***Неодговорени прашања*** | **Политички систем** | 3 | 9 | - | - | - | - | - | - | - | | **12** |
| | **Економски систем** | 2 | 7 | 3 | - | - | - | - | - | - | | **12** |
| | **Јавни дејности** | 5 | 5 | 2 | - | - | - | - | - | - | | **12** |
| **Вкупно:** | | **10** | **21** | **5** | - | - | - | - | - | - | - | **36** |

# 3. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 3. РАБОТНИ ТЕЛА

*Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2006, 97/2006 и 102/2006) во Собранието на Република Македонија се основани 20 комисии и еден комитет.*

*Значајна постигнување во работењето на овој парламентарен состав е основањето на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, како своевиден напредок на планот на родовата еднаквост и наше приближување до ЕУ.*

## *Состав на комисиите*

Составот на комисиите од редот на пратениците е утврден со Одлука на Собранието (Службен весник на Република Македонија, бр. 107/2006), во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи. Со цел да се обезбеди поголема стручност и транспарентност, со Деловникот на Собранието на РМ дадена е можност во работата на комисиите да присуствуваат и да учествуваат научни, стручни и јавни работници, како и претставници на локалната самоуправа, јавните претпријатија, синдикатот и други институции.

Работното тело има претседател, заменик на претседателот, одреден број на членови и нивни заменици

## *Организација и функционирање на комисиите*

Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието се утврдени во Деловникот за работата на Собранието на Република Македонија (донесен на 15 јули 2002 година).

Според Деловникот, работното тело работи на седница што ја свикува претседателот на работното тело. Претседателот е должен да свика седница и на барање на претседателот на Собранието, или ако тоа го предложат најмалку една третина од членовите на работното тело, во спротивно седницата на работното тело ја свикува претседателот на Собранието

## *Комисиите - форум за дебати во функција на седниците на Собранието*

Работата на комисиите е во функција на пленарните седници, што претставува квалитетен инструмент за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Покрај разгледувањето на законски предлози и следење на извршувањето на актите на Собранието, комисиите расправаат и на актуелни теми во областите за кои имаат надлежност, што претставува еден вид контролна функција на комисиите на реализацијата на владините политики. Карактеристика на комисиското работење во овој парламентарен состав се и јавните дебати.

Во периодот 01 јануари - 12 април 2008 година, собраниските комисии вкупно 69 седници, на чии дневни редови се нашле 202 точки. Од нив 143 се законски проекти, и тоа законите од економската сфера (50 закони), потоа од политичкиот систем (47 закони) и од јавните дејности (46 закони).

***Табела: работно тело и број на членови***

| реден број | РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ |
|---|---|---|
| 1. | *Комисија за уставни прашања* | *претседател + 16 члена* |
| 2. | *Законодавно - правна комисија* | *претседател + 12 члена* |
| 3. | *Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците* | *претседател + 12 члена* |
| 4. | *Комисија за одбрана и безбедност* | *претседател + 12 члена* |
| 5. | *Комисија за надворешна политика* | *претседател + 12 члена* |
| 6. | *Комисија за европски прашања* | *претседател + 12 члена* |
| 7. | *Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот* | *претседател + 8 члена* |
| 8. | *Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнување и на Агенцијата за разузнување* | *претседател + 8 члена* |
| 9. | *Комисија за финансирање* | *претседател + 12 члена* |
| 10. | *Комисија за економски прашања* | *претседател + 10 члена* |
| 11. | *Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство* | *претседател + 10 члена* |
| 12. | *Комисија за транспорт и врски и екологија* | *претседател + 10 члена* |
| 13. | *Комисија за образование, наука и спорт* | *претседател + 12 члена* |
| 14. | *Комисија за култура* | *претседател + 10 члена* |
| 15. | *Комисија за здравство* | *претседател + 10 члена* |
| 16. | *Комисија за труд и социјална политика* | *претседател + 12 члена* |
| 17. | *Комисија за еднакви можности на жените и мажите* | *претседател +10 члена* |
| 18. | *Комисија за прашања на изборите и именувањата* | *претседател + 12 члена* |
| 19. | *Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања* | *претседател + 8 члена* |
| 20. | *Комисија за надзор над спроведувањето на мерки за следење на комуникациите од страна на министерството за внатрешни работи и од министерството за одбрана* | *претседател + 4 члена* |
| 21. | ***Комитет за односи меѓу заедниците*** | ***претседател + 18 члена*** |

***Разгледани закони по области***



# Комисија за уставни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- спроведување на Уставот;

-предлози за изменување и дополнување на Уставот;

-начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и

- други прашања од уставен карактер.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СТОЈАН АНДОВ,**<br>- претседател | |
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,**<br>- заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ:** | | |
| 1. | Благородна Дулиќ | |
| 2. | Дарко Димитриевски | |
| 3. | Анита К. Крстевска | |
| 4. | Оливер Деркоски | |
| 5. | Тито Петковски | |
| 6. | Бесим Догани | |
| 7. | Ѓорѓи Оровчанец | |
| 8. | Владо Бучковски | |
| 9. | Лазар Китановски | |
| 10. | Мери М. Ѓорѓиевска | |
| 11. | Ристо Пенов | |
| 12. | Иван Стоиљковиќ | |
| 13. | Илија Димовски | |
| 14. | Фазли Велиу | |
| 15. | Блерим Беџети | |
| 16. | Тахир Хани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:** | | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Зоран Петрески | |
| 3. | Ристана Лалчевска | |
| 4. | Шабан Салиу | |
| 5. | Александар Спасеновски | |
| 6. | Јагнула Куновска | |
| 7. | Даут Реџепи | |
| 8. | Данаил Дончев | |
| 9. | Цветанка Иванова | |
| 10. | Борис Кондарко | |
| 11. | Оливер Спасовски | |
| 12. | Јован Манасијевски | |
| 13. | Кенан Хасипи | |
| 14. | Азис Положани | |
| 15. | Џеват Адеми | |
| 16. | Селвие Салиу | |

Во извештајниот период комисијата за уставни прашања не одржа седница.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието и
- други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија.

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** - претседател |
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ:** |
| 1. | Ристанка Лалчевска |
| 2. | Надица Танчева Тулиева |
| 3. | Анета Стефановска |
| 4. | Илија Димовски |
| 5. | Благој Зашов |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Ѓорѓи Оровчанец |
| 8. | Цветанка Иванова |
| 9. | Борис Кондарко |
| 10. | Оливер Спасовски |
| 11. | Аднан Јашари |
| 12. | Блерим Беџети |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:** |
| 1. | Павле Трајанов |
| 2. | Трајко Вељаноски |
| 3. | Дарко Димитриевски |
| 4. | Шабан Салиу |
| 5. | Веле Митановски |
| 6. | Флора Кадри |
| 7. | Валентина Божиновска |
| 8. | Никола Рилкоски |
| 9. | Весна Бендевска |
| 10. | Роза Топузова Каревска |
| 11. | Тахир Хани |
| 12. | Абдулади Вејсели |

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од сите области односно од економската, политичката и областа на јавните дејности.

Од областа на **политичкиот систем** како позначајни Комисијата ги разгледува следниве предлози на закони за:

-изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка,

-лобирање;

-изменување и дополнување на Законот за нотаријат;

-претставки и предлози;

-изменување и дополнување на Законот за личните податоци;

-именување на Законот за одбрана;

-изменување и дополнување на Законот за судовите;

-катастер на недвижности;

-именување и дополнување на Законот за заштита и спасување;

Од областа на **економскиот систем** како позначајни Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони за:
-именување и дополнување на Законот за ловство;
-изменување и дополнување на Законот за даночната постапка;
-изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето,
-изменување и дополнување на Законот за Агенција за странски инвестиции;
-изменување и дополнување на Законот за енергетика;
-изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања;
-измените и дополнувањата на Закон за трговија;
-облигациони и стварно правни односи во воздушниот сообраќај;
-генетски модифицирани организми и
-изменувања на Законот за радиодифузната дејност.

Од областа на **јавните дејности** во овој период како позначајни предлози на закони можат да се наведат:
-измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита;
-заштита на правата на пациентите;
-закон за високо образование;
-изменувања и дополнувања на Законот за работните односи;
-изменувања и дополнувања на Законот за вработување на инвалидни лица;
-за биомедицинско потпомагнато оплодување - научноистражувачка дејност;
-поттикнување и помагање на технолошкиот развој;
-изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;
-изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово;
-Закон за основање на Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот Св.Климент Охридски во Битола;
-Закон за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје;
-изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет Гоце Делчев во Штип;
-Закон за високообразовни установи на верските заедници.

Во овој период Комисијата ги разгледува и следниве предлози на закони за **ратификации**:
-на Стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцеларијата на Европската полиција, со Предлог на закон;
-на Седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз,со Предлог на закон;
-на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон;
-на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царински работи, со Предлог на закон;
-на рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата на соработка во однос на финансиската помошна Евроската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според

Инструментот за предпристапна помош (ИПА), со Предлог на закон;

-на Договорот меѓу Советот на министрите на Босна и Херцеговина и Владите на другите држави учесници во Процесот за соработка на Југоисточна Европа и Привремената адмистративна Мисија на ООН на Косово, во име на Косово согласно Резолуцијата бр.1244 на Советот на безбедност на ООН на аранжманите со државата-домаќин во врска со Секретаријатот на Советот за регионална соработка;

Други материјали и акти разгледувани во овој период во Комисијата:

-Разгледување на Граѓанската иницијатива на 105 граѓани за собирање на 150.000 потписи за распишување на референдум на кој граѓаните на Република Македонија на тајно непосредно гласање со за или против ќе се изјаснат за референдумското прашање: Дали сте за тоа Република Македонија да стане членка во НАТО со променето уставно име, погазена национална гордост и редефиниран национален идентитет;

-Барање за давање на автентично толкување на член 19 став 1 и член 20 од Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, поднесено од општина Струга;

-Граѓанска иницијатива на државно ниво за предлагање на закон за посебни права на припадниците безбедносни сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства поднесена од Здружението на припадници на безбедносните сили ДОСТОИНСТВО.

-Иницијатива на сто и дваесет граѓани, доставена преку овластениот подносител на Здружението на припадниците на безбедносните сили ДОСТОИНСТВО за собирање на 10.000 потписи на избирачи за предлагањето за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>78</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>22</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>22</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>14</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани ратификации</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>31</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>20*</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

* Во овој број влегуваат барањата за автентични толкувања и исправките на законите.

# КОМИСИЈА ЗА ОДБРАНА И БЕЗБЕДНОСТ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- за заштита на поредокот утврден со Уставот;
- остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
- одбрана на Републиката и цивилната заштита;
- соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила;
- интеграцијата на Републиката во евроатланските организации и односите на Републиката со тие организации;
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
- производство,промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
- обезбедување на личности и објекти;
- државјанство;
- оддржување на јавниот ред и мир;
- јавните собири и јавните приредби;
- безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерескиот сообраќај;
- заштита од природни непогоди и епидемии;
- пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето;
- премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
- движење и престој на странците;
- утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
- други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

Во извештајниот период од 01.01.2008 до 12.04.2008 година комисијата за одбрана и безбедност одржа 5 седници.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** - претседател |
| | **ЦВЕТКО ГРОЗДАНОВ,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Павле Трајанов |
| 2. | Томе Даневски |
| 3. | Гоце Маркоски |
| 4. | Илија Китановски |
| 5. | Тито Петковски |
| 6. | Мендух Тачи |
| 7. | Весна Јаневска |
| 8. | Јован Манасијевски |
| 9. | Есад Рахиќ |
| 10. | Иван Стоиљковиќ |
| 11. | Садула Дураку |
| 12. | Фадил Сулејмани |
| **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** | |
| 1. | Зоран Витанов |
| 2. | Зоран Петрески |
| 3. | Веле Ѓорѓиевски |
| 4. | Панче Дамески |
| 5. | Веле Митановски |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Ѓорѓи Оровчанец |
| 8. | Оливер Спасовски |
| 9. | Андреј Жерновски |
| 10. | Никола Рилкоски |
| 11. | Тахир Хани |
| 12. | Зумрете Јакупи |

На овие седници се разгледаа и усвоија неколку закони, извештај, одлука и мислења.

На седниците на Комисијата за одбрана и безбедност беа разгледани следниве закони:

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија;

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за научноистражувачка дејност, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за изменување И дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружје, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за дополнување и изменување на Законот за заштита од експлозивни материи, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прометот на експлозивни материи, со Предлог на закон.

На комисијата за одбрана и безбедност се разгледа и една одлука и тоа:

-Предлог на Одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан.

Информацијата што се разгледа на една од седниците на Комисијата за одбрана и безбедност е следнава:

-Информирање на членовите на Комисијата од министерот за одбарана Лазар Еленовски и началникот на Генералштабот на АРМ Мирослав Стојановски на тема:

-Оцена за тековните реформи;

-Состојби во мировните мисии на Република Македонија во странство;

Комисијата за одбрана и безбедност во своите активности освен горенаведеното донесе и Годишен извештај за работата на МВР во 2007 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 6 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- функционирање на политичкиот систем;
- менување на границите на Републиката;
- државните симболи и нивната употреба;
- судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
- слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
- лични имиња, лични карти и патни исправи;
- попис на населението;
- системот на јавното информирање;
- право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
- избирачко право и начин на избор на пратеници,претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците;
- референдум;
- локална самоуправа;
- народниот правобранител;
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методи-стичката црква, Еврејската заедницаи други верски заедници и религиозни групи;
- одликувања, признанија и награди;
- празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЗОРАН ПЕТРЕСКИ,** - претседател |
| | **РИСТАНКА ЛАЛЧЕВСКА,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Шабан Салиу |
| 3. | Александар Спасеновски |
| 4. | Иван Анастасовски |
| 5. | Ружди Матоши |
| 6. | Валентина Божиновска |
| 7. | Владо Бучковски |
| 8. | Кенан Хасипи |
| 9. | Роза Топузова Каревска |
| 10. | Рафиз Алити |
| 11. | Џеват Адеми |
| 12. | Трајко Вељановски |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Благородна Дулиќ |
| 2. | Павле Трајанов |
| 3. | Оливер Дерковски |
| 4. | Анита Кипаризовска Крстевска |
| 5. | Горан Мисовски |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Весна Јаневска |
| 8. | Мери Младеновска Ѓорѓиева |
| 9. | Борис Кондарко |
| 10. | Неждет Мустафа |
| 11. | Фазли Велиу |
| 12. | Агрон Буџаку |

Во периодот од 01.01.2008 до 12.04.2008 година Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците оддржа 7 седници и ги разгледа следните точки:

***1.Закони***

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет;
- Предлог за донесување на закон за лобирање;

- Предлог на закон за постапување по предлози и преставки;
- Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка;
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за архивската граѓа, со предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за платите на судиите.

***2.Други материјали и акти***

- Иницијатива на Сто и дваесет граѓани, доставена преку овластениот подносител, претседателот на здружението на припадниците на безбедносните сили "ДОСТОИНСТВО" за собирање на 10.000 потписи на избирачи за предлагање за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства

- Граѓанска иницијатива за на 105 граѓани за собирање на 150.000 потписи за распишување на референдум на кој граѓаните на Република Македонија на тајно непосредно гласање со "за" или "против" ќе се изјаснат за референдумското прашање: дали сте за тоа Република Македонија да стане членка на НАТО со променето уставно име, погазена национална гордост и редефиниран национален идентитет.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 14 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;

- политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;

- стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави;

- стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации;

- потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори;

- ратификација на меѓународни договори;

- меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации;

- воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

- воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави;

- иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

- други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ФЛОРА КАДРИ,** - претседател |
| | **РУЖДИ МАТОШИ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Васко Шутаров |
| 2. | Владимир Ѓорчев |
| 3. | Лилјана Поповска |
| 4. | Александар Николоски |
| 5. | Оливер Шамбевски |
| 6. | Благој Зашов |
| 7. | Весна Јаневска |
| 8. | Илинка Митрева |
| 9. | Радмила Шекеринска |
| 10. | Јован Манасијевски |
| 11. | Агрон Буџаку |
| 12. | Азис Положани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Томе Даневски |
| 2. | Александар Спасеновски |
| 3. | Фијат Цановски |
| 4. | Владанка Авировиќ |
| 5. | Петар Поп Арсов |
| 6. | Иван Анастасовски |
| 7. | Данаил Дончев |
| 8. | Игор Ивановски |
| 9. | Славица Грковска |
| 10. | Андреј Жерновски |
| 11. | Фадил Сулејмани |
| 12. | Селвие Салиу |

**1.** Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законски акти, одржани се 10 седници, на 4 седници беа разгледани и препорачани на Собранието 6 предлози за донесување на закони за ратификација на меѓународни договори. На 7 седници на Комисијата беа претставени платформите на 10 Македонски амбасадори пред стапувањето на должност.

**2.** Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на парламентарна соработка на билатерален и мултилатерален план, реализирани се две средби со претставници и делегации на други држави во земјата, учество на член на Комисијата на Конференцијата на

претседатели на комисии за надворешна политика на земјите членки на ЕУ.

**3.** Во пресрет на Самитот на НАТО во Букурешт Комисијата за надворешна политика и Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија во соработка со Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид беа домаќини на Конференцијата на претседатели на комисиите за надворешна политика и за одбрана на земјите членки на НАТО земјите од Јадранската група и земјите од Партнерство за мир од регионот.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 10 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 3 |
| | економски систем | 3 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;

-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;

-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и-остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;

-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;

-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;

-соработката со соодветните комисии на другите земји и

-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

.

За изминатиот извештаен период Комисијата за европски прашања оддржа 6 седници и оствари повеќе активности од своите надлежности.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** - претседател |
| | **БЛАГОЈ ЗАШОВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Александар Спасеновски |
| 2. | Владанка Авировиќ |
| 3. | Петар Поп Арсов |
| 4. | Анита Кипаризовска Крстевска |
| 5. | Валентина Божиновска |
| 6. | Панче Дамески |
| 7. | Ружди Матоши |
| 8. | Радмила Шеќеринска |
| 9. | Илинка Митрева |
| 10. | Андреј Жерновски |
| 11. | Теута Арифи |
| 12. | Агрон Буџаку |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Зоран Витанов |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Илија Димовски |
| 4. | Александар Николовски |
| 5. | Владимир Ѓорчев |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Марјан Додовски |
| 8. | Јован Манасијевски |
| 9. | Славица Грковска |
| 10. | Игор Ивановски |
| 11. | Азис Положани |
| 12. | Фадил Сулејмани |

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања:

-разгледа 15 законски предлози од аспект на нивната усогласеност со европското законодавство;

-расправаше по Нацрт-резолуцијата за напредокот на Република Македонија во 2007 година поднесен од страна на известителот за Македонија од Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент г-инот Ерик Мејер и изготви мислења по Извештајот кои ги достави до европските институции со цел за подобрување на текстот.

-во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република

Македонија за приоритетите на ЕУ Претседателството одржа посебна седница посветена на Приоритетите и програмите за работа на Претседателството на Република Словенија за јануари-јуни 2008 г. за Европската унија;

**Во рамките на меѓународната активност Комисијата:**

-оствари билатерални средби со претседателите и членовите на комисиите за европски прашања на Словенија и Словачка на кои беа разменети мислења и искуства за евроинтеграциските процеси од парламентарен аспект;

-посета на Брисел, во Европскиот парламент и средба со повеќе европратеници во врска со Нацрт-резолуцијата за напредокот на Република Македонија во 2007 година поднесен од европратеникот Ерик Мејер;

-Директорот на Директоријатот Б на ЕК за проширување Г-ин Даниелсон;

**Учествуваше на следниве конференции:**

-на Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ-КОСАК (февруари 2008 г. во Љубљана)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 17 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 5 |
| | економски систем | 5 |
| | јавни дејности | 5 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;

- поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

- предлагање состав на постојаните и повремени работни тела на Собранието;

- предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;

- предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

- предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;

- предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;

- предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;

- давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;

- разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;

- донесување акти за кои е овластена од Собранието;

- донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;

- донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;

- определување во согласност со

прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;

- одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;

- давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и

- разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата во рамките на својата надлежност согласно со Деловникот на Собранието, Одлуката за основање на работните тела и одделни закони, во овој период, има оджано 4 седници со 11 точки на дневен ред.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,**<br>- претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,**<br>- заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 2. | Ристана Лалчевска | |
| 3. | Илија Китановски | |
| 4. | Силвана Бонева | |
| 5. | Ружди Матоши | |
| 6. | Горан Мисовски | |
| 7. | Никола Ќурчиев | |
| 8. | Оливер Спасовски | |
| 9. | Рафиз Алити | |
| 10. | Азис Положани | |
| 11. | Роза Топузовска Каревска | |
| 12. | Марјан Додовски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Надица Танчева Тулиева | |
| 2. | Оливер Шамбевски | |
| 3. | Виолета Ташева | |
| 4. | Нада Станчевска | |
| 5. | Флора Кадриу | |
| 6. | Иван Анастасовски | |
| 7. | Верица Филипова | |
| 8. | Влатко Серафимов | |
| 9. | Блерим Беџети | |
| 10. | Ајше Селмани | |
| 11. | Јован Манасијевски | |
| 12. | Валентина Божиновска | |

Во функција на одржување на седниците,при свикување на седниците до членовите на Комисијата заедно со поканите беше доставуван и материјал, а во функција на седниците на Собранието беа изготвени:

- предлози;
- предлог-одлуки;
- предлог-одлуки за изменување и дополнување.

За одделни прашања Комисијата донесе и поединечни акти.

Позначајни предлози на Комисијата од овој период се предлозите на:

-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членовите и нивни заменици на комисиите на Собрание на Република Македонија;

-Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија;

-одлука за избор на членови на Акентната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;

-одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата при Агенцијата за пошти;

-одлука за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување на државна награда Климент Охридски;

-одлука за разрешување и именување на претседателот и членови на Одборот за доделување на државната награда Мајка Тереза;

-одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на државна награда Мито Хаџи Василев Јасмин;

-одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки и

-избор на членови на Совет на јавни обвинители на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 11 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# ПОСТОЈАНА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ГРАЃАНИНОТ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот има претседател, осум члена и нивни заменици

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МЕРИ МЛАДЕНОВСКА ЃОРЃИЕВСКА ,** - претседател |
| | **ВЕСНА БЕНДЕВСКА ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ружа Ѓорѓеска |
| 2. | Стојан Андов |
| 3. | Шабан Салиу |
| 4. | Јаготка Ивановска |
| 5. | Иван Анастасовски |
| 6. | Хазбије Ибиши |
| 7. | Јован Манасијевски |
| 8. | Тахир Хани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Шамбевски Оливер |
| 2. | Надица Танчева Тулиева |
| 3. | Нада Станчевска |
| 4. | Стојанов Ристо |
| 5. | Горан Мисовски |
| 6. | Агим Рамадани |
| 7. | Верица Филипова |
| 8. | Садула Дураку |

**1)** Во извештајниот период, комисијата оддржа две седници на кои се разгледаа законски проекти и претставки на граѓаните.

***а. Законски проекти разгледани на седница на Комисијата*:**

-Предлог за донесување на закон за заштита од донесување на закон за заштита од семејно насилство, поднесен од група пратеници;

***б. Претставки на граѓани разгледани на седниците на Комисијата:***

-Претставка за повреда на сопственичките права поднесен од страна на група на граѓани сопственици на станови во стамбено деловниот објект на ул Емил Зола бр.6 во Скопје.

**2)** До Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во извештајниот период се поднесени вкупно 23 претставки од граѓани и здруженија на граѓани.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и закони од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;

- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата. преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;

- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;

- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и

- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЕСАД РАХИЌ,** - претседател | |
| | **БОРИС КОНДАРКО,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Павле Трајанов | |
| 2. | Цветко Грозданов | |
| 3. | Зоран Петрески | |
| 4. | Стојче Крстевски | |
| 5. | Оливер Деркоски | |
| 6. | Мендух Тачи | |
| 7. | Лазар Китановски | |
| 8. | *Тахир Хани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Дарко Димитриевски | |
| 2. | Александар Николовски | |
| 3. | Стојан Андов | |
| 4. | Ванчо Коцев | |
| 5. | Анета Стефановска | |
| 6. | Ружди Матоши | |
| 7. | Никола Рилкоски | |
| 8. | Блерим Беџети | |

* Со изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија од 25.12.2007 година Рафис Алити

Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање на Собранието на Република Македонија согласно надлежностите утврдени со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

Во овој мандатен период одржа една седница на која го разгледа Предлог-извештајот за работата на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во 2007 година

# КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
- царинскиот систем;
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
- платниот промет и ревизијата;
- заемите и кредитите;
- јавните набавки;
- системот на осигурување;
-сопственоста и други имотно-правни односи;
- стоковните резерви;
- игрите на среќа и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** - претседател | |
| | **АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Соња Гелова Стојанова | |
| 2. | Ратко Димитровски | |
| 3. | Зоран Витанов | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Горан Петров | |
| 6. | Горан Мисовски | |
| 7. | Хазбие Ибиши | |
| 8. | Данаил Дончев | |
| 9. | Никола Поповски | |
| 10. | Слободан Најдовски | |
| 11. | Игор Ивановски | |
| 12. | Аднан Јашари | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Деркоски | |
| 2. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 3. | Миле Пачемски | |
| 4. | Илија Китановски | |
| 5. | Јован Гинев | |
| 6. | Мирјана Секуловска | |
| 7. | Насер Ајдини | |
| 8. | Марјан Додовски | |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Верица Филипова | |
| 11. | Роза Топузовска Каревска | |
| 12. | Рафиз Алити | |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 97/2006).

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 12 април 2008 година има закажано 2 седници со вкупно 7 точки на дневен ред. Од закажаните, Комисијата има одржано само една седница. Со неа(17-та седница) претседавал членот на Комисијата Слободан Најдовски. На таа седница се разгледани предлозите за донесување на закони за изменување и дополнување на: Законот за ревизија; Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација; Законот за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка; Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од Меѓународните финансиски организации; Законот за даночна постапка и Законот за супервизија на осигурување.

Осумнаесеттата седница беше закажана, односно започната, но се прекина бидејќи пратениците ја напуштија седницата, заради употреба на албанскиот јазик од страна на претседателот на Комисијата при отпочнувањето на водењето на седницата

| Одржани седници | | 1 |
|---|---|---|
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 6 |
| | јавни дејности | - |
| Прашања, предлози | | - |

# КОМИСИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење,
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;

мерки против монополска положба и моно-полско однесување на пазарот;

- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО,** - претседател | |
| | **ИЛИЈА КИТАНОВСКИ,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Ратко Димитровски | |
| 4. | Мирјана Секуловска | |
| 5. | Агим Рамадани | |
| 6. | Верица Филипова | |
| 7. | Незири Хади | |
| 8. | Слободан Најдовски | |
| 9. | Абдулади Вејсели | |
| 10. | Зумрете Јакупи | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ристо Стојанов | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Виолета Ташева | |
| 4. | Горан Мисовски | |
| 5. | Хазбие Ибиши | |
| 6. | Марјанчо Николов | |
| 7. | Ацо Киров | |
| 8. | Игор Ивановски | |
| 9. | Теута Арифи | |
| 10. | Сафет Незири | |

Комисијата за економски прашања има претседател, десет членови и нивни заменици.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа 4 седници. На седниците беа разгледани вкупно 10 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во овој период разгледа 6 закони во скратена постапка, го разгледа Финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година и Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година.

Исто така Комисијата го разгледа и го усвои Годишниот извештај на Регулаторната Комисија за енергетика на РМ за 2006 година.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања на поднесе амандмани.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи

во разгледување на закони од економскиот систем.

Особено значајна е расправата на Комисијата по Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон. Според образложението на претставникот на предлагачот иницијативата за донесување на предложениот закон произлегува од Европската директива 2003/54/ЕК и Договорот за основање на енергетска заедница. Основна цел на Договорот е да се обезбеди слободна трговија со енергија под транспарентни и конкурентни услови меѓу земјите од регионот и земјите членки на ЕУ.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 6 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството:
- ловот и риболовот;
- животинскиот и растителниот свет;
- ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
- употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
- други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МАРЈАН ДОДОВСКИ,** - претседател |
| | **ДАНАИЛ ДОНЧЕВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Фијат Цаноски |
| 2. | Панче Дамески |
| 3. | Ристо Стојанов |
| 4. | Јован Гинев |
| 5. | Даут Реџепи |
| 6. | Ацо Киров |
| 7. | Влатко Серафимов |
| 8. | Слободан Најдовски |
| 9. | Садула Дураку |
| 10. | Сафет Незири |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго |
| 2. | Катерина Димеска |
| 3. | Јаготка Ивановска |
| 4. | Ратко Димитровски |
| 5. | Ружди Матоши |
| 6. | Тале Герамитчиоски |
| 7. | Никола Ќурчиев |
| 8. | Андреј Жерновски |
| 9. | Рафиз Алити |
| 10. | Аднан Јашари |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство има претседател, десет членови и нивни заменици

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија за периодот од 01 јануари до 12 април 2008 година одржа 3 седници на кои се разгледани вкупно 11 точки на дневен ред.

Во извештајниот период Комисијата разгледа: 7 закони во скратена постапка, еден Предлог на закон, една Информација предложена од група пратеници и една точка Предлози и прашања.

Комисијата одржа посебна седница на која беше презентирана Петтата компонента за рурален развој и поддршка на земјоделството и руралните средини од ИПА Програмата за финансиска поддршка во исполнување на критериумите за членство во ЕУ.

Во извештајниот период Комисијата поднесе еден амандман.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата изготвени се посебни извештаи и записници од секоја седница.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на седниците расправаше по предлози за донесување на закони кои се во рамките на нејзините надлежности и од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата особено внимание посвети на Предлогот на законот за водите со кој се уредуваа прашања кои се однесуваат на: површинските води, постојани водотеци, езера, акумулации, извори, подземните води, водните живеалишта, управувањето со водите како и нивната заштита.

Предложениот закон е усогласен со европските директиви од соодветната област. Се воспоставува нов начин на управување со водите, преку формирање на Национален совет за води и совети за управување со речни сливови. Со цел да се обезбеди квалитетно управување со водените ресурси во Република Македонија ќе се донесе национална стратегија за води, водостопанска основа на Република Македонија како и планови за управување со речни сливови.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 8 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | 1 |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот;
- жичарите и ски-лифтовите;
- системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;
- изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
- просторното и урбанистичкото планирање;
- уредувањето на градежното земјиште;
- станбеното и комуналното стопанисување;
- заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;
- обезбедување услови за здрава животна средина:
- спречување на штетната бучава;
- заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
- други прашања што се однесуваат на транспортот,врските, урбанизмот и екологијата.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **НИКОЛА ЌУРЧИЕВ,** - претседател |
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Зоран Витанов |
| 2. | Катерина Димеска |
| 3. | Горан Петров |
| 4. | Веле Митановски |
| 5. | Гарип Каба |
| 6. | Данаил Дончев |
| 7. | Влатко Серафимов |
| 8. | Тале Герамитчиоски |
| 9. | Рафиз Алити |
| 10. | Агрон Буџаку |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Гоце Марковски |
| 2. | Петар Поп Арсов |
| 3. | Фијат Цаноски |
| 4. | Благој Зашов |
| 5. | Агим Рамадани |
| 6. | Марјан Додовски |
| 7. | Хади Незири |
| 8. | Слободан Најдовски |
| 9. | Аднан Јашари |
| 10. | Ајше Селмани |

Комисијата во извештајниот период ги одржа: Дваесет и третата седница, Дваесет и петтата седница и Дваесет и шестата седница на кои беа разгледани теми како точки на дневниот ред и ги усвои следните заклучоци:

**Дваесет и третата седница** на Комисијата за транспорт, врски и екологија се одржа на 9 јануари 2008 година.

1.Предлог на закон за водите;

2.Предлог на Одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности на Собранискиот канал за 2007 година;

3.Предлог на Одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни и инвестициони активности наменети за

емитување на активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година;
4.Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2007-2012 година.
**Забелешка: Седницата е незавршена.**

**Дваесет и петтата** седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија се одржа на 5 февруари 2008 година.
1.Нацрт на Просторен план на Охридско-преспанскиот регион 2005-2020 година;
2.Национална програма за железничка инфраструктура за периодот од 2008-2012 година.

**Дваесет и шестата седница** на Комисијата за транспорт, врски и екологија се одржа на 22 февруари 2008 година.
1.Предлог за донесување Закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон;
2.Предлог за донесување на Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај, со предлог на закон;
3.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност, со Предлог на закон.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | |
| | јавни дејности | 3 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 5 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И СПОРТ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;

- правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;

- системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;

- создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;

- информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;

- организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;

- образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;

- поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;

- едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;

- развој и унапредување на физичката култура;

- развојот на врвниот спорт и

- други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **СЛАВИЦА ГРКОВСКА,** - претседател |
| | **НЕЖДЕТ МУСТАФА,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Виолета Ташева |
| 2. | Фијат Цаноски |
| 3. | Цветко Грозданов |
| 4. | Ружа Ѓорѓеска |
| 5. | Мирјана Секуловска |
| 6. | Насер Ајдини |
| 7. | Тале Герамитчиоски |
| 8. | Благородна Цветковска |
| 9. | Фазли Велиу |
| 10. | Фадил Сулејмани |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марија Андоновска |
| 2. | Горан Петров |
| 3. | Томе Даневски |
| 4. | Васко Шутаров |
| 5. | Веле Митановски |
| 6. | Даут Реџепи |
| 7. | Радмила Шеќеринска |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Теута Арифи |
| 10. | Азис Положани |

**со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија (од 25 декември 2007 година) нови членови на Комисијата се пратениците Марија Андоновска и Сафет Незири, а наместо Фазли Велиу, член на Комисијата е пратеникот Ајше Селмани.*

Во овој период Комисијата одржа 3 седници посветени на законски проекти од областа на образованието и науката. На дневен ред беа измените и дополнувањата на законите за средното образование, просветна инспекција, научноистражувачка дејност и за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Комисијата распраавше и за предлозите за донесување на закони по итна постапка, со кои се предлага основање на нови високообразовни установи во рамките на државните универзитети во државата, како и за основање на нов Универзитет за информатички технологии во Скопје.

**Други активности**

На барање на директорот на Колеџот "Јахја Кемал", претседателот и членови на Комисијата имаа средба со ученици на ова приватна средношколска установа (26 февруари 2008 година). Во оваа пригода учениците направија обиколка на Собранието и присуствуваа на седницата на Собранието.

Во рамките на воспоставената билатерална соработка со комисии за образование од европските земји, беше подготвувана возвратна посета на делегација од Полскиот Сеим, но заради предвремените парламентарни избори, оваа посета не беше реализирана.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 11 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- организацијата, развојот и унапредувањето на културата;
- заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;
- збогатување на историското и уметничкото творештво;
- афирмирање и заштита на врвни културни вредности;
- афирмација и заштита на авторството и авторското право;
- дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;
- издавачка дејност и библиотекарство;
- споменично одбележување и заштита на споменицте на културата;
- употреба и заштита на македонскиот јазик;
- информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;
- определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;
- начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности;
- активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и
- други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ТЕУТА АРИФИ,** - претседател |
| | **БЛЕРИМ БЕЏЕТИ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Оливер Шамбевски |
| 2. | Петар Поп-Арсов |
| 3. | Васко Шутаров |
| 4. | Анета Стефановска |
| 5. | Веле Митановски |
| 6. | Флора Кадриу |
| 7. | Благородна Цветковска |
| 8. | НежДет Мустафа |
| 9. | Роза Топузовска Каревска |
| 10. | Рафиз Алити |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Горан Петров |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Миле Пачемски |
| 4. | Ружа Ѓорѓеска |
| 5. | Мирјана Секуловска |
| 6. | Хади Незири |
| 7. | Влатко Серафимов |
| 8. | Мери Младеновска Ѓорѓиева |
| 9. | Хазбие Ибиши |
| 10. | Сафет Незири |

Комисијата за култура во овој мандатен период нема оддржано седници.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | - |
| Вкупно разгледани точки | - |
| Поднесени амандмани | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | - |
| Информации, извештаи | - |
| Прашања, предлози | - |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- здравствената заштита на населението;
- здравственото осигурување;
- заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- хигиенско-епидемиолошката состојба;
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги;
-санитарниот и здравствениот надзор
-други прашања што се однесуваат на здравството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АЗИС ПОЛОЖАНИ,** - претседател |
| | **АЈШЕ СЕЛМАНИ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Гоце Марковски |
| 2. | Миле Пачемски |
| 3. | Јован Гинев |
| 4. | Веле Георгиевски |
| 5. | Марија Андоновска |
| 6. | Агим Рамадани |
| 7. | Кенан Хасипи |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Кире Гештаковски |
| 10. | Зумрете Јакупи |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ванчо Коцев |
| 2. | Васко Шутаров |
| 3. | Цветко Гроздaнов |
| 4. | Светлана Јакимовска |
| 5. | Ружа Ѓорѓеска |
| 6. | Благородна Цветковска |
| 7. | Никола Поповски |
| 8. | Роза Топузовска Каревска |
| 9. | Елмазе Селмани |
| 10. | Џеват Адеми |

Комисијата за здравство е постојано работно тело на Собранието врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија иработи согласност Деловникот на Собранието.

Согласно член 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за здравство Азис Положани. Седниците беа закажани, односно започнаа, но не продолжија со работа поради напуштање на седниците на мнозинството членови на Комисијата.

Несогласувањето меѓу претседателот на Комисијата и поголем дел членови на Комисијата настанаа бидејќи претседателот на Комисијата започна да ги води седниците на албански јазик.

Според членови на Комисијата службен јазик е македонскиот јазик и седниците треба да се водат на македонски јазик. Овој став се базира на толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието и од страна на Комисијата за деловничко и мандатно-имунитетни прашања на Собранието.

Претседателот на Комисијата смета дека врз основа на Амандманот В став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија има право седниците да ги води на албански јазик.

Претседателот на Комисијата оствари неколку средби на барање на здруженија од стоматолошката, фармацевската дејност за актуелнити состојби во овие дејности. Особено е значајна средбата остварена на Претседателот и членовите на Комисијата на министерот за здравство и

претставници од Фармацевската комора по прашања од фармацевската дејност.

Неодржувањето на седниците на Комисијата за здравство имаат негативен одраз врз работата на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се расправа по прашања од здравствената област.Во извештајниот период од 1 јануари 2008 година заклучно со 14 април 2008 година, комисијата за здравство одржа 1 седница.

Беше закажана и одржана Шестата седница на Комисијата за здравство. Седницата ја водеше членот на Комисијата Кире Гештаковски. Седницата се одржа на 26 март 2008 година со следниов дневен ред:

1.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон и

2.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон, поднесен од пратениците Азис Положани и Кире Гештаковски.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 2 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело на Собранието со утврдени надлежности

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** - претседател |
| | **АЦО КИРОВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Светлана Јакимовска |
| 2. | Нада Станчевска |
| 3. | Виолета Ташева |
| 4. | Миле Пачемски |
| 5. | Дарко Димитриевски |
| 6. | Даут Реџепи |
| 7. | Агим Рамадани |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Кире Гештаковски |
| 10. | Неждет Мустафа |
| 11. | Селвие Салиу |
| 12. | Ајше Селмани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Катерина Димеска |
| 2. | Ратко Димитриевски |
| 3. | Јован Гинев |
| 4. | Владанка Авировиќ |
| 5. | Анита Кипаризовска Крстевска |
| 6. | Елмазе Селмани |
| 7. | Гарип Каба |
| 8. | Оливер Спасовски |
| 9. | Цветанка Иванова |
| 10. | Тале Герамитчиоски |
| 11. | Садула Дураку |
| 12. | Фадил Сулејмани |

Во извештајниот период од 1 јануари 2008 година заклучно со 12 април 2008 година, Комисијата за труд и социјална политика има закажано 5 седници, од кои 4 се одржаа а 23-та не се одржа поради немање кворум.

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги има разгледано следниве закони:

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за заштита од насилство во семејството;

-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на децата и за соработка во областа на меѓународно посвојување со Предлог на закон.

Согласно со член 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и председава претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Јован Манасијевски. Седниците се одржуваат редовно во закажан термин и со присуство на кворум. На седниците на Комисијата беа поканети и придонес во работата дадоа претставници од трудови инвалиди, инвалидни организации, невладини организации и др.

По однос на предлози на закони поднесени од пратеници, согласно членот 140 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата не доставуваше мислење во рок од три дена пред денот определен за одлучување на седница на работно тело, заради што Комисијата не ги разгледуваше овие закони.

***Законските проекти по кои расправаше Комисијата се во насока на усогласување со европското законодавство.***

Со Предлог за донесување на закон за заменување и дополнување на Законот за работни односи беа допрецизирани прекршочните санкции, прекршочната одговорност, изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции.

Со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица се обезбедува целосна евиденција на инвалидните лица вработени во заштитно лице или кај друг работодавач, пријавување на констатирани неправилности на државниот инспекторат за труд, поголемо вработување на инвалидните лица и на други кои не се инвалиди, се допрецизираат критериумите за доделување на средствата за опрема и се врши усогласување на прекршочните одредби.

Во рамките на надлежностите на Комисијата беше разгледана и информацијата за реализацијата на акционите планови содржани во Програмата Декада на вклучување на Ромите-Република Македонија при што беше укажано на повеќе слабости и недостатоци на истата и беше укажано на неадекватниот интезитет на реализацијата.

По однос на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство беше едногласно укажано на реална потреба од овој закон, но исто така се отвори и дискусија по однос на дефиниција на брак и семејство употребена во еден од членовите на овој закон.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 5 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** - претседател |
| | **ВЛАДИМИРЃОРЧЕВ,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Деркоски |
| 2. | Ристана Лалчевска |
| 3. | Благој Зашов |
| 4. | Елмазе Селмани |
| 5. | Никола Рилкоски |
| 6. | Слободан Најдоски |
| 7. | Надица Танчева Тулиева |
| 8. | Аднан Јашари |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Анета Стефанова |
| 2. | Илија Димовски |
| 3. | Јаготка Ивановска |
| 4. | Иван Анастасовски |
| 5. | Ружди Матоши |
| 6. | Влатко Серафимов |
| 7. | Оливер Спасовски |
| 8. | Фазли Велиу |

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
- иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
- предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
- извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
- основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
- имунитетот на пратениците, судиите ијавниот обвинител и неговите заменици и
- други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, во овој периодот има одджано 4 седници со вкупно 4 точки на дневен ред.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, има разгледано:

- Предлог одлука за одземање на имунитетот на пратеникот Весна Бендевска.

Комисијата, исто така, во рамките на својата надлежност ги разгледува и Извештаите на Државната изборна комисија за пратениците избрани од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот. Согласно оваа надлежност, Комисијата ги разгледа:

- Извештајот на Државната Изборна комисија за превземените работи согласно

чен 153 од Изборниот законик број 07-193/3 од 04 април 2008 година.

Исто така, Комисијата разгледува и прашања кои се однесуваат на спроведување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорните прашања. Во овој период, Комисијата на своите седници ги разгледува Барањата за давање мислење кои беа доставени до неа, а се однесуваат на:

-Барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за давање на мислење во врска со примената на член 168 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по однос на поднесениот амандман по Предлог законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција, од пратеникот Павле Трајанов.

-Барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за давање мислење во врска со примена на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по однос на поднесениот амандман на Предлог законот за научноистражувачка дејност, од пратеничката Славица Грковска.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието, и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив;
- разгледување на предлог на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите;
- следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите;
- поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите;
- редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите;
- соработка со соодветните комисии на другите земји и
- други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** - претседател |
| | **СИЛВАНА БОНЕВА** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Катерина Димеска |
| 2. | Јаготка Ивановска |
| 3. | Александар Николовски |
| 4. | Јагнула Куновска |
| 5. | Елмазе Селмани |
| 6. | Цветанка Иванова |
| 7. | Марјанчо Николов |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Селвије Салиу |
| 10. | Ајше Селмани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Веле Ѓорѓиевки |
| 2. | Панче Дамески |
| 3. | Соња Гелова Стојанова |
| 4. | Мирјана Секуловска |
| 5. | Хазбије Ибиши |
| 6. | Верица Филипова |
| 7. | Есад Рахиќ |
| 8. | Иван Стоиљковиќ |
| 9. | Агрон Буџаку |
| 10. | Зумрете Јакупи |

***Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во периодот јануари-април 2008 година одржа една седница на Комисијата и една јавна расправа.***

На седницата на Комисијата беше разгледан Предлог за донесување на закон за заштита од насилство во семејството, поднесен од група пратеници.

Комисијата, во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, на 28 февруари 2008 година, оддржа јавна расправа на тема "Политики и буџетирање по мерка на децата", на која усвои Заклучок, во кој се констатира потребата од доградување на законодавството кое се однесува на децата и донесување на кодекс за децата. Комисијата укажа на потребата

од унапредување на добросостојбата на децата и мониторингот врз спроведувањето на политиките и инвестициите за развој на децата во сите области на нивното живеење, како и потребата од дополнително инвестирање за стручно унапредување на кадровските капацитети на службите за социјални работи кои даваат услуги на децата.

***Меѓународна активност***

- Во организација на Комисијата за правата на жената и родова еднаквост на Европскиот парламент, на 6 март 2008 година се одржа Конференција на тема "Улогата на жените во интеркултурниот дијалог", на која учествуваше делегација на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Собранието на Република Македонија, во чиј состав беа членот на Комисијата Елмазе Селмани и заменикот член на Комисијата Мирјана Секуловска.

На Конференцијата, која ја отвори претседателот на Европскиот парламент господин Ханс Герт Потеринг, учествуваа претставници на парламентарните комисии за еднакви можности меѓу половите од повеќе парламенти на земјите членки и на земјите кандидати за членство во ЕУ.

- Во април 2008 година беше подготвен извештај за активностите на Комисијата и на Собранието на Република Македонија во рамките на паневропската кампања на Советот на Европа, која траеше две години, под мотото "Соединети парламенти во борбата против насилството врз жената, вклучувајќи го и семејното насилство"

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 1 |

# КОМИСИЈАТА ЗА НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршењето на надзорот над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана;

-законитоста во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите.

.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛАЗАР КИТАНОСКИ** - претседател | |
| | **ЦВЕТАНКА ИВАНОВА** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Слободан Најдовски | |
| 2. | Тахир Хани | |
| 3. | Трајко Вељаноски | |
| 4. | Ружди Матоши | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Роза Топузова Каревска | |
| 2. | Блерим Беќети | |
| 3. | Веле Митановски | |
| 4. | Валентина Божиновска | |

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

Во овој мандатен период оваа комисија не оддржа седници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И РАЗГЛЕДАНИ АКТИ

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони по области | | | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти | Информации, извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Политички систем | Економски систем | Јавни дејности | | | | | |
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 8 | 78 | - | 22 | 22 | 14 | 31 | - | 20 | - | - |
| одбрана и безбедност | 5 | 11 | - | 2 | - | 6 | - | - | 1 | 2 | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 7 | 14 | - | 12 | - | - | - | - | 2 | - | - |
| надворешна политика | 10 | 6 | - | 3 | 3 | - | - | - | - | - | - |
| европски прашања | 6 | 17 | - | 5 | 5 | 5 | - | - | - | 2 | - |
| прашања на изборите и именувањата | 4 | 11 | - | - | - | - | - | - | 11 | - | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 2 | 2 | - | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - |
| финансирање и буџет | 1 | 6 | - | - | 6 | - | - | - | - | - | - |
| економски прашања | 4 | 10 | - | - | 6 | - | - | - | 3 | 1 | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 3 | 11 | - | - | 8 | - | 1 | - | - | 2 | 1 |
| транспорт, врски и екологоја | 3 | 9 | - | 1 | - | 3 | - | - | 5 | - | - |
| образование, наука и спорт | 3 | 11 | - | - | - | 11 | - | - | - | - | - |
| култура | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| здравство | 1 | 2 | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | 5 | 6 | - | - | - | 5 | - | - | - | 1 | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 4 | 4 | - | - | - | - | - | - | 4 | - | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 2 | 3 | - | 1 | - | - | - | - | - | 1 | 1 |
| **Вкупно:** | **69** | **202** | **-** | **47** | **50** | **46** | **32** | **-** | **47** | **10** | **2** |

# 4. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 4.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците на Собранието и раководи со нив, се грижи за примената на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Љубиша Георгиевски пратеник од ВМРО-ДПМНЕ на оваа функција беше избран на Првата конститутивна седница на Собранието, одржана на 26 јули и 1 август 2006 година, по штотуку завршените петти парламентарни избори во Република Македонија.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Љубиша Георгиевски во извршувањето на функцијата во текот на 2007 година, продолжи да делува во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија, во функција на владеење на правото и следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската Унија.

Во оваа смисла, зајакнувањето на законодавната улога на Собранието и подобрувањето на квалитетот на законите беа поставени како примарна задача.

Претседателот на Собранието сеопфатно ги остваруваше бројните надлежности утврдени со Уставот и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, од кои како позначајни може да се истакнат:

-Константната потреба за испитување и оценување на уредноста на предлозите за донесување на закони, распишување на референдум, како и планирање на динамиката на седниците на Собранието според природата и времето на поднесување на предлозите на акти и други материјали;

-Грижата за усогласување на активностите на Собранието со Претседателот на Републиката и Владата;

-Продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието;

-Грижа за остварување на правата на Пратениците и за обезбедување услови за нивна работа;

-Претседателот прифати бројни покровителства на одделни прослави и на настани од значење за Република Македонија и определување претставници на Собранието за други настани во земјава и во странство;

-Со нагласен интерес иинтезитет Претседателот ја следеше работата на Службата на Собранието и се грижеше за создавање услови за нејзино современо и ефикасно работење;

-Собранието на Република Македонија, покрај неговата доминантна законодавна функција продолжи да биде значаен субјект и партиципиент во остварувањето на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.;

-Претседателот на Собранието перманентно остваруваше извонредно динамична меѓународна соработка со парламентите, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, меѓународни организации како и со други истакнати личности надвор од државата;

-Претседателот заедно со потпретседателите на состаноците на Колегиум одлучување за прием на Делегации на парламенти на други држави и на претставници на органи и организации од странство како и за испраќање постојани и повремени парламентарни делегации во странство. Во текот на 2007 година беа одржани 28 состаноци на Колегиум на кои покрај споменатото посебен акцент беше ставен на координирањето на активностите на Собранието, работните тела, како и на Делегациите и пратеничките групи за соработка со други парламенти, мешовити работни групи и пратениците во остварувањето на меѓународната соработка.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски (01 јануари 2007 - 31 декември 2007)**

Средба со амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска **Ендру Ки** (10 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Република Словенија **Ален Брајан Бергант** (11 јануари 2008);

Проштална средба со амбасадор на Босна и Херцеговина **Сава Ќеклиќ** (14 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Република Полска, **Дариус Бахура** (16 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Ендру Ки** (17 јануари 2008);

Средба со амбасадор на Царството Јапонија **Акио Танака** (31 јануари 2008);

Средба со министер за надворешни работи на Република Словенија **Димитриј Рупел** (1 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Полска **Дариус Бахура** (8 февруари 2008);

Официјална посета на Република Словенија (13-16 февруари 2008);

Средба со министерот за одбрана на Република Литванија **Јузас Олекас** (26 февруари 2008);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Романија **Адриан Чоројану** (27 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Словачка **Игор Фурдик** (28 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Турција **Танер Каракаш** (28 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Индонезија **Мангаси Сихомбинг** (29 февруари 2008);

Средба со амбасадор на Република Хрватска **Иван Кујунџиќ** (29 февруари 2008);

Официјална посета на Република Турција (2-5 март 2008);

Средба со претседателот на Парламентот на Република Бугарија **Ѓеорѓи Георгиев Пирински** (10 март 2008);

Средба со заменик на амбасадорот на САД и претставник на амбасадата на САД **Томас Навратил** и **Џенифер Босфор** (13 март 2008);

Свечен прием на делегација на Конгресот на САД (17 март 2008);

Средба со претседателот на Хрватски Сабор **Лука Бебиќ** (17 март 2008);

Средба со амбасадорот на Република Србија **Зоран Поповиќ** (19 март 2008);

Средба со амбасадорот на Република Казахстан **Рашид Ибрајев** (20 март 2008);

Средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина **Милан Балабан** (20 март 2008);

Средба со амбасадорот на Република Чешка **Јозеф Браун** (20 март 2008);

Прошталнa средба со амбасадорот на Кралството Саудиска Арабија **Абдулах С. Ал Хамадан** (24 март 2008);

Средба со амбасадорот на Малезија **Каксом Камилан** (25 март 2008);

Средба со претседателот на владата на Естонија **Андрус Ансип** (26 март 2008);

Средба со поранешен министер за животна средина, храна и рурален развој на Велика Британија **Елиот Морли** (28 март 2008);

Средба со претседавачот на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина **Милорад Живковиќ** (7 април 2008);

Средба со амбасадорот на Кувајт **Абдулах Адбулазис Алдувајн** (07 април 2008);

Средба со претседателот на СР Германија **Хорст Келер** (17 април 2008);

Средба со спикерот на Долниот Дом на Канада **Питер Миликен** (21 април 2008);

Средба со амбасадорот на Република Франција **Бернард Валеро** (24 април 2008);

Прошталнa средба со амбасадорот на Република Ирска **Деклан Коноли**, (29 април 2008);

Средба со претседателот на Р Турција **Абдула Ѓул** (4 мај 2008);

Средба со сенатор на Ниевр, Р Франција **Дидије Було** (9 мај 2008);

Средба со амбасадорот на Руската федерација **Владимир Димитријевиќ Солоцински** (9 мај 2008);

Посета на Руската Федерација и учество на **Конференцијата "Информатичката безбедност како фактор за борбата со меѓународниот тероризам"** (11-15 мај 2008);

Прошталнa средба со амбасадорот на Република Турција **Танер Каракаш** (23 мај 2008)

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија (01 јануари 2007 - 31 екември 2007)**

Средба со директор на Канцеларија за демократски институции и човекови права на ОБСЕ, **Кристијан Штрохал** (15 јануари 2008);

Средба со претставници на Светска банка во Република Македонија (17 јануари 2008);

Учество на **Вилтон Парк Конференција**, Лондон, Велика Британија (23-26 јануари 2008);

Средба со претсатвници на **ОБСЕ** во Република Македонија (29 јануари 2008);

Средба со директорот на Конрад Аденауер во Република Македонија **Урлих Клепман** (29 јануари 2008);

Свечен прием на учесниците на Конференцијата на претседатели на комисиите за надворешна политика и одбрана на парламентите на замјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од Партнерството за мир во регионот (17 февруари 2008);

Средба со претставници од организацијата **"Берлинер Конференс"** (20 февруари 2008);

Прием за учесниците на годишната **Конференција на "Европски младински Парламент на Македонија"** (24 февруари 2008);

Средба со комесарот за човекови права во Советот на Европа **Томас Хамарберг** (28 февруари 2008);

Средба со претставници на **"Вестминстер Фоундејшн"** (6 март 2008);

Средба со директорот на УНЕСКО **Коиширо Мацура** (27 март 2008);

Учество на **седмата Конференција на претседатели на парламентите на ПСЈИЕ, Софија**, Република Бугарија (14-15 април 2008);

Средба со потпретседател на ПС на ОБСЕ **Пиа Крисмас Мулер** (30 мај 2008);

Работен состанок со претставници на **НДИ** во Република Македонија (4-6 јуни 2008).

# 4.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и двајца потпретседатели.

Во текот на овој мандатен период (2006-2008) избрани се тројца потпретседатели. Во овој состав потпретседатели на Собранието на Република Македонија беа Иван Анастасовски, Бесим Догани и Благој Зашов.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број на активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно кадешто се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активо учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период, потпретседателите заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија заедно со претседателот пред себе имаа задача законски да ги имплементират Уставните измени, но исто така да донесуваат стотици закони хармонизирани со европското законодавство, зашто со поднесувањето на барањето за прием во Европската унија почнавме да го изодуваме последниот дел од патот кон рамноправно членство

.

## ➢ Потпретседател Бесим Догани (31.11.2006 до 12.04.2008)

Во споменатиот период како пратеник и потпретседател на Собранието на Република Македонија е многу активен и редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

***1. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

.

- Средба со Мк Гурк, 16.01.2008 година
- Средба со Симон Филипини, амбасадор на Кралството Холандија, 22.01.2008 година.
- Средба со Симон Филипини, амбасадор на Кралството Холандија, 30.01.2008 година
- Средба со амбасадорот на Унгарија, 18.02.2008 година
- Средба со директорот на НДИ, 20.02.2008 година.
- Обраќање на Претседателот на Народното собрание на Република Бугарија,11.03.2008 година.
- Средба со Дејв Денехи ИРИ, 11.03.2008 година.
- Средба со Делегацијата од ИПАЛМ институт од Р.Италија, 13.03.2008 година.
- Средба со г-дин Габор Бачо и Јанез Барабаш - Унгарска амбасада, 13.03.2008 година.
- Средба со постојаните претставници во НАТО на Франција, Данска, Холандија и Романија, 14.03.2008 година.
- Средба со амбасадорот на Унгарија, 07.04.2008 година.

***3. Учество на странски конференции надвор од земјава***

- Учество на Молитвен појадок во Вашингтон, САД , 4-9.02.2008 година.
- Свечено отворање на Манифестацијата "Снежен Град 2008", во детското одмаралиште Бунец- Маврово, 16.02.2008 година.
- Конференција на претседателите на комисиите за надворешни работи и одбрана на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од партнерството за мир од регионот, 17.02.2008 година.
- 3-ти Меѓународен лидерски форум - Меѓународна фондација Борис Трајковски, 25.02.2008 година.
- 65 години сеќавање на Холокаустот на 7200 македонски Евреи, 11.03.2008 година.
- Свечено отворање на Библиотеката на Собранието на Република Македонија каде што присуствуваа членовите на Делегацијата од Конгресот на САД, 17.03.2008 година.
- Работна посета на Анкара и Истанбул, 24-27.03.2008 година.

## ➢ Благој Зашов (25.12.2007 до 12.04.2008)

Потпретседателот Благој Зашов на оваа функција беше избран на местото на Иван Анастасовски од истата партија, кој поднесе оставка.

***1. Учество на конференции***

- Учествува на доделувањето на наградата “Борјан Таневски” 23.01.2008 година
- Учествува на јубилејот од 50 -годишнината на Охридската Архиепископија (осветување и божествена литургија) 31.01.2008 година
- Учествува на трибина организирана од Граганската Асоцијација МОСТ, на тема “Дали дислокацијата на Топилницата е единствено можно решение за здравствено-еколошките проблеми на Велешани” оддржана на 01.02.2008 година во Велес
- Учествува на Мегународниот лидерски форум организиран по повод смртта на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, одржан на 25.02.2008 година
- Учество на отворањето на дебатна емисија на Европскиот клуб 04.04.2008 година.

***2. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници.***

- Средба со Г. Чатертон, Амбасадор на Велика Британија во Република Македонија на 17.01.2008 година.
- Средба со високи претставници на ОБСЕ, 29.02.2008 година.
- Средба со Ерван Фуере, Амбасадор на мисијата на Европската унија во Република Македонија - 07.03.2008 година.
- Средба со Симоне Филипини, Амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија - 07.03.2008 година.
- Домаќин на Делегацијата на Собранието по повод пристигнувањето на Претседателот на Собранието на Република Бугарија, Георги Пирински 10-11.03.2008 година.
- Средба со Лука Бебиќ, Претседател на Саборот на Република Хрватска 17.03.2008 година
- Средба со Елион Морлин, пратеник во Долниот Дом на Парламентот на Велика Британија 27.03.2008 година.

# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парла-ментот за оваа област:*

*Парламентарната дипломатија е насочена кон:*

- *натамошно приближување на замјата кон европските и евроатлантските структури;*
- *јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија;*
- *развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа*

## 5.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на делегацијата: г.** Оливер Шамбевски
**Членови**: г. Ружди Матоши, г-ѓа Илинка Митрева
**Заменици-членови**: г. Благој Зашов, г. Азиз Положани, г. Андреј Жерновски

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 46 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот крими-нал и сл.)
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Севетот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде се расправаат проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во

однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите-членки.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2008 година**

На редовната годишна сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа од 21 до 25 јануари 2008 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на Советот на Европа во состав од пратениците: шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски, г. Ружди Матоши, г-ѓа Илинка Митрева, членови на Делегација, г. Благој Зашов, г. Азиз Положани, заменици-членови на Делегацијата во придружба на , ко-секретар на Делегација г-ѓа Марија Стефановата.

На 21 и 22 февруари 2008 година во Берлин, Сојузна Република Германија се одржа Работилница за германските перспективи за проширувањето на ЕУ, на работилницата учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата на ПС на СЕ.

Работна посета на Н.Е. г. Томас Хамарберг, Комесар за човекови права на Советот на Европа на Република Македонија оствари од 25 до 29 февруари 2008 година.

Од 9 до 13 март 2008 година во Франкфурт, Сојузна Република Германија се одржа седница на Европска комисија против рацизмот и нетореланција и на мониторинг комисијата на Парламентарно Собрание на Советот на Еропа(ПС на СЕ). На седниците учествуваше пратеникот, г. Азиз Положани, заменик член на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ.

На 14 март 2008 година во Париз, Република Франција се одржа седница на Комисијата за социјални, здравствени и семејни прашања на ПС на СЕ. На седницата учествуваше пратеникот г. Азиз Положани, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ.

На 17 и 18 март 2008 година во Париз, Република Франција се одржа седници на Комисијата за економски прашања и Мониторинг Комисија на ПС на СЕ. На седници учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ.

На 3 и 4 април 2008 година во Санкт Петерзбург, Русија се одржа седница на Поткомисијата за миграции на Парламентарното Собранието на Советот на Европа(ПС на СЕ) и на Меѓународна парламентарна конференција за глобализација и миграциските процеси. На конферецнија и на седницата на Комисијата на ПС на Се учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ и г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата**: г. Јован Манасиевски

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев, г-ѓа Влора Кадри

**Заменици-членови:** г. Андреј Жерновски, г-ѓа Лилјана Поповска, г. Ружди Матоши

Парламенарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската Повелба за Нова Европа од 1990 година.

Основна задача на Парламентарното Собрание е да го олеснува меѓу-парламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три Генерални комитети: Комитет за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитет за економски работи, технологија и животна средина, како и Комитет за политички работи и безбедност.

Членовите на Делагацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот Комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2008 година**

На 21 и 22 февруари 2008 година во Виена, Република Австрија се одржа Зимската средба на Парламентарното собрание на Оранизацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), на средбата учествуваше шефот на Делегацијата, г. Јован Манасијевски и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на делегацијата:** г. Љубиша Георгиевски

**Членови:** г. Илија Китановски, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Агрон Буџаку и г-ѓа Флора Кадри

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 146 национални парламенти и 7 меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има

статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија (Сл. весник на Република Македонија бр. 85/02) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и четири членови.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2008 година**

Во овој период немаше учество на настани организирани од ИПУ.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г. Петар Поп Арсов

**Членови:** г. Нада Станчевска и г. Никола Поповски

**Заменици-членови:** г. Васко Шутаров, г-ѓа Елмазе Селмани и г. Тале Герамитчиоски

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат седумнаесет земји членки: Алија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина и Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка,

со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2008 година**

Во овој период немаше учество на настани организирани од ЦЕИ.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на делегацијата:** г. Бесим Догани

**Членови:** г. Владо Бучковски и г. Ѓорѓи Оровчанец

**Заменици-членови:** г. Гарип Каба, г. Илија Китаноски и г. Есад Рахиќ

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација која нема формални односи со НАТО. Формирано е во 1955 година, како Северноатлантско собрание, а во ноември 1998 година се преименуваше во Парламентарно собрание на НАТО. Составено е од 26 земји членки и 13 асоцирани делегации, меѓу кои е Делегацијата на Собранието на Република Македонија.

Република Македонија учествуваше за прв пат во работата на Северноатлантско собрание во 1994 година, како набљудувач на 41 сесија, што се одржа во Париз, Франција. На оваа сесија и беше доделен статус на асоцирана делегација.

Од 17 до 19 февруари 2008 година се одржа конференција на претседатели на комисиите за надворешни работи и одбрана на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите на ПзМ од Регионот.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2008 година**

Од 6 до 8 март 2008 година во Баку, Азербејџан се одржа 68-от РОС- РОТ семинар на Парламентарното Собрание на НАТО. На семинарот учествуваше прате-

никот г. Есад Рахиќ, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО.

Посета на постојаните претставници на Француската Република, Кралство Данска, Кралството Холандија и Романија во НАТО на Република Македонија на 13 и 14 март 2008 година.

Од 24 до 27 март 2008 година, шефот на Делегацијата на Парламентарното Собранието на НАТО, г. Бесим Догани во придужба на г-ѓа Лаура Кадриу, секретар на Делегацијата оствари работа посета на Анкара и Истанбул, Република Турција.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Илинка Митрева
**Членови:** г. Балгој Зашов, г. Насер Ајдини, г. Агрон Буџаку, г. Теута Арифи, г. Васко Шутаров

Меѓународната организација на Франкофонијата е меѓувладина организација формирана на 20 март 1970 година, од 21 држави и влади, под името Агенција за културна и техничка соработка (Agence de coopération culturelle et technique - ACCT), а во 1998 година таа се преименува во Меѓународна организација на Франкофонијата (Organization internationale de la Francophonie-OIF). Во оваа организација со седиште во Париз, денес членуваат 53 држави и влади и 10 земји наблудувачи. Република Македонија се здоби со асоцијативен статус во оваа организација на Самитот на Шефови на држави и влади, одржан во септември 1999 година во Монктон, Канада.

Основните цели на меѓународната организација на Франкофонијата се: промовирање на францускиот јазик и јазичната и културната различност, промовирање на мирот, демократијата и човековите права, подршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, развој на соработката во служба на одржливиот развој и солидарноста.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie -APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста помеѓу парламентарните институции и да ја

промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се: слободата и политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл. Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкфонијата се формирани и следните органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 65 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2008 година**

На седницата на извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарни на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што се одржа од 18 до 22 февруари 2008 година во Брисел, Кралството Белгија. На седницата учествуваше пратеникот г-ѓа Благородна Цветковска и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на делегацијата.

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Ко-преседател на МПК РМ-ЕУ:** г. Александар Спасеновски

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република

Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот 1 јануари - 12 април 2007 година**

Од 10 до 12 јануари 2008 година во Европкиот Парламент во Брисел, се одржа Мешовитиот парламентарен состанок. На состанокот учествуваше пратеникот г. Панче Дамевски, член на делегацијата на Собранието на Република македонија во МПК РМ-ЕУ и г-ѓа Маријана Опашинова, секретар на Делегацијата.

## СОБРАНИЕ
## НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николски

**Членови:** г. Насер Ајдини и г. Рафиз Алити

**Заменици-членови:** г. Павле Трајанов, г-ѓа Мирјана Секуловска, г. Борис Кондарко

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, а инаугуративната седница ја одржало на 5 јули 1955 година. Како прво европско интерпарламетарно собрание за безбедносни и одбрамбени прашања, Собранието преставува форум за дебата со три главни домени на активност:

- ја претставува парламентарната димензија на Западноевропската унија;
- дејствува како *Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана,* со фокус на Европската безбедносна и одбранбена политика (ESDP)
- врши контрола на меѓувладината соработка во полето на вооружувањето и истражувањето и развојот на вооружувањето, односно активностите на Западноевропската групата за вооружување (WEAG) и Западно-европската организација за вооружување (WEAO).

Во Собранието на Западноевропската унија членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 37 европски држави. Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на

Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно. Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбрамбени и безбедностни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во декември 2003 година Република Македонија се здоби со стасус на "специјален гостин" во Собранието на ЗЕУ. Со овој статус се овозможува делегација од двајца пратеници редовно да учествува на седниците на СЗЕУ (без право на глас), како и на седниците на комисиите и во другите форми на редовна активност на СЗЕУ (семинари, конференции, колоквиуми и слично).

**Активности во периодот 1 јануари до 12 април 2008 година**

Делегација на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на 11 февруари 2008 година, Брисел, Кралство Белгија остварија работна посета на седиштето на НАТО. Делегацијата ја предводеше г. Павле Трајанов, шеф на Делегацијата, г. Насер Ајдини, г. Рафиз Алити, членови на Делегацијата и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На 25 февруари 2008 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа Заедничка седница на Комисјата на СЗЕУ со постојаниот совет на ЗЕУ и политичко - безбедносниот комитет на ЕУ. На седницата учествува Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ предводена од г. Рафиз Алити, г. Насер Ајдини, членови на Делегацијата и г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

Од 3 до 5 март 2008 година во Љубљана, Република Словенија се одржа Конференција на тема: 2008 одлучувачка година за Западен Балкан. На конференцијата учествуваа шефот на Делегацијата на СЗЕУ, г. АЛександар Николоски, г. Насер Ајдини, г. Рафис АЛити, членови на Делегацијата и г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

На седници на Комисијата за политички прашања, Комисијата за одбрана, комисијата за парламентарни прашања, комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и комисијата за деловник и привилеги на Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ), што се одржаа на 17 и 18 март 2008 година во Париз, Република Франција, учествува пратениците г. Павле Тајанов, г. Борис Кодарко, г-ѓа Мирјана Секуловска, членови на Делегацијата на СЗЕУ и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски

**Членови:** г- ѓа Мирјана Секуловска и г. Џеват Адеми

# 5.2.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

## БИЛАТЕРАЛА

Делегација на Собранието на Република Македонија предводена од потпретседателот на Собранието на Република Македонија г. Бесим Догани, г. Владимир Ѓорчев и Лилјана Поповска, пратеници во Собранието на Република Македонија учествуваа на Молитвениот појадок во Вашингтон, САД, што ќе се одржи на 7 февруари 2008 година.

Официјална поосета на Министер за национална одбрана на Република Литванија Н.Е. Јуозас Олекас на Република Македонија на 25 и 26 февруари 2008 година.

На 13 и 14 март 2008 година на Делегацијата од Ипалмо институтот од Република Италија остварија посета на Република Македонија за потребите на проектот "Придонес во модернизацијата и демократизацијата на парламентите на Албанија, БиХ, Македонија, Србија, Црна Гора и Косово.

На 17 и 18 март 2008 година претседател на Саборот на Република Хравтска, Н.Е г. Лука Бебиќ оствари официјална посета на Република Македонија.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на СОХ Програмата на Европскиот парламент за соработка со Собранието на Република Македонија, група од државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, оствариjа посета на европските институции во Брисел, Кралството Белгија од 25 до 28 март година. Делегацијата ја предводеше г. Музафер Камбери, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г, Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка, г-ѓа Марија Пулевска, државен советник, г-ѓа Станка Николовска Поп Ристова, државен советник, г-ѓа Маја Ермилова Левкова, раководител на Секторот за работните тела на Собранието на Република Македонија, г. Чедомир Дамјановски, раководител на Одделение, г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерала, г-ѓа Виолета Димева, советник во секторот за законодаство, г-ѓа Лилјана Трпкова, советник во комисијата за надворешна политика, г-ѓа Лилајана Петревска, советник во комисијата за европски прашања, г-ѓа Ленче Глигоровска, советник во комисијата за образование, наука и спорт, г-ѓа Розе Мангароска, советник во комисијата за избор и именување, г. Александар Лазов, помлад соработник, г. Антонио Ставрев, помлад соработник, г-ѓа Беса Дрндар, преведувач по албански јазик и Сања Богатиновска, помлад соработник.

Од 6 до 9 април 2008 година група од пет државни службенци од Службата на Собранието на Република Македонија, кои работат во доменот на меѓународната соработка и надворешната политика, оствариjа студиски престој во Италијанскиот парламент, во рамките на ТАИЕЦ Програмата на Европската комисија. На посетата учествува г-ѓа Лидија

Каракамчева, раководител на секторот за меѓународна сорбаотка, г-ѓа Ана Качакова, Помошник раководител на секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Лиле Трпковска, советник во Комисијата за надворешна политика, г-ѓа Христина Рунчева, помлад соработник за меѓунаордна сораборка во Кабинетот на претседателот на Собранието и г-ѓа Лаура Кадриу, помлад соработник за односи со јавноста во Кабинетот на претседателот на Собранието.

Од 7 до 14 април 2008 во Анкара, Република Турција, група службеници од Службата на Собранието на Република Македонија остварија студиска посета на Големото национално собрание на Република Турција, во рамките на Програмата за споделувањето на знаењето од Турската владина администрација за развој и соработка - ТИКА. Делегацијата беше предводена од заменик генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г.Вјекослав Анѓеловски, г-ѓа Снежана Гушева, државен советник за уставен и политички систем, г-ѓа Лиле Ивановска, раководител на Секторот за законодавство, г-ѓа Ана Петрова Чемирикиќ, раководител на Одделението за преведување, г. Тодорче Лукаревски, раководител на Одделението за библиотека, г. Тодор Пендаров, советник за односи со јавноста во Кабинетот на претседателот на Собранието, г-ѓа Илмије Јашари, советник на одделението за подготвување на седници, г-ѓа Маријана Опашинова, советник за мултилатерална соработка, г-ѓа Ѓулсер Клинче, преведувач по турски јазик, г. Владо Кралевски, виш соработник за протокол.

# 6. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

# 6.1. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И ПРОТОКОЛАРНИ СРЕДБИ




# 6.2. МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ, МАНИФЕСТАЦИИ, ГОДИШНИНИ, СВЕЧЕНОСТИ И СЕМИНАРИ

| |
|---|
| Комеморативна седница за трагично загинатите мировници на АРМ од Мисијата Алтеа-Босна и Херцеговина |
| Комеморативна седница по повод смртта на академик Никола Кљусев,претседател на Првата Влада на Република Македонија |
| Основачко Собрание на Здружени на пратеници и министри од прв состав (8 јануари -19 ноември 1991 година) |
| Конференција на претседатели на Комисиите за надворешна политика и Одбрана на Парламентите на земјите членки на НАТО,земмјите од јадранската група и земјите од партнерството за мир од регионот |
| Годишна конференција на Европско Младински Парламент на Македонија |
| Трет меѓународен лидерски Форум |
| Јавна расправа:"Политики и буџетирање по мерка на децата" |
| Конференција на Клубот на жени парламентарки во Собранието на Република Македонија(Јубилеј 5 години) |
| Одбележување на 15 годишнината од основањето на Паневропската Унија на |

| |
|---|
| Македонија и промоција на книгата "Паневропа" |
| Комеморативна седница по повод прераната смрт на Гоце Марковски, пратеник во Собранието на Република Македонија |
| ФОРУМ-Скопје 2008 година |
| Манифестација по повод доделување на традиционалното признание Плакета Борис Трајковски |
| Трибина на тема: "Предизвик за интеграција на ромската заедница", по повод одбележување на светскиот ден на Ромите-8 Април |

## 6.3. Приеми и годишни награди

| |
|---|
| Прием по повод Трет меѓународен лидерски Форум |
| Прием за учесниците на годишната Конференција на Европско Младински Парламент на Македонија |
| Прием за Јубилеј 5 години - жени парламентарки во Собранието на Република Македонија |
| Прием по повод Одбележување на 15 годишнината од основањето на Паневропска Унија на Македонија |

# 7.ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# 7.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Согласно Законот за радиодифузна дејност, член 117 став 6 и став 7, (Службен весник на Република Македонија број 100/2005) Македонската Радио Телевизија обезбедува програмски сервис исклучиво наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија.

Во време кога нема активности во Собранието на Република Македонија и додека не се создадат сите со закон предвидени услови за емитување на програмскиот сервис, МРТ на мрежата ќе емитува содржини од сопствено производство и обработена програма. Во тој случај, емитувањето ќе се врши со идентификациски знаци на МРТ, како комплементарен сервис (член 3 од Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРТ за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, склучена помеѓу Претседателот на Советот на собранискиот канал и Работоводниот орган на ЈП МРТ).

Собранискиот канал/МРТ емитува програма во траење од 14 часа дневно, од 10:00-24:00 часот, а по потреба и подолго од овој термин.

Покрај  дирекните преноси на пленарните седници на Собранието, на Собраниски канал, дирекно или со снимки, се презентира пред јавноста работењето во собраниските комисии,а се емитуваат и преноси или снимки од други активности во Собранието што се составен дел од неговото функционирање (Меѓународни конвенции, официјални посети на странски парламентарни делегации, прес-конференции,активности на Клубот на жени пратенички, на имплементарни лоби групи, на невладини организации итн). Сите активности во Собранието кои се пренесуваат на Собранискиот канал се емитуваат со собраниско лого.

На овој начин се остварува основната функција на Собранискиот канал-јавност во работењето на собранието на Република Македонија со што, работењето на пратениците се става на увид на оние кои им го дале мандатот, односно граѓаните на Македонија.

Од 01.01.2008 до 12.04.2008 година на програмата се пренесувани вкупно 60 собраниски заседанија.

Позначајни настани во Собранието што се емитувани на Собраниски канал:

-Обраќање и прес конференции на државни парламентарни делегации во Собранието на РМ;

-Обраќање и прес конференции на Претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски;

-Свечени собири по повод значајни датуми од македонската историја, доделување на државни награди и признанија итн.

Согласно Спогодбата, кога во Собранието нема активности, за вренме на паузите и пред почетокот на пленарните седници МРТ емитува програма од сопствено производство и обработена програма, што е во надлежност на уредувачката политика на МРТ, и се емитува со идентификациски знак МРТ.

Во делот од програмата кој е во надлежност на уредувачката политика на МРТ (значи, кога нема собраниски седници) во наведениот период е реализиран еден пренос од отворените седници на Владата на РМ.

Во овој дел од програмата се вршеа директни преноси од судскиот процес што се води во Трибуналот во Хаг против Љубе Бошковки и Јохан Тарчуловски.

## 7.2. Електронска комуникација






Целосната транспарентност во работата на Собранието се огледува и преку содржината на WEB страницата која секојдневно се збогатува со нови податоци.







ПРЕБАРУВАЊЕ
ПО СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ






**ОТВОРЕНИ СЕ ЛИНКОВИ ДО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ МЕЃУ НВО-и И СОБРАНИЕТО, ПОРТАЛ ПРАВО, Е-ИЗБИРАЧКИ СПИСОК И СОВЕТ НА ЕВРОПА**


















ПОБРЗ ПРИСТАП ДО НОВОСТАСАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОЕКТИ СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ СТРАНАТА ЗА ПРИМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ





# 8.АКТИВНОСТ НА КЛУБОТ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЧКИ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КЛУБОТ НА ЖЕНИ-ПРАТЕНИЧКИ**

**(јануари 2008 - април 2008 год.)**

Во изминативе четири месеци, од јануари до април 2008 година, Клубот на пратенички оствари исклучителни резултати во напредувањето на родовите прашања, во давањето на се поголем придонес во работата на Собранието на Република Македонија преку активно учество на пратеничките во законодавните расправи поврзани со унапредување на родовата еднаквост, и имплементирање на Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените. Исто така, во овој период Клубот на пратенички одржа повеќе настани со кои се потврди определбата и мисијата на клубот:унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот за еднакви можности, иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнувања на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштитата од дискриминација од областа на трудот и социјалното осигурување и социјалната заштита.

Од 1-3 февруари 2008 година, Македонското женско лоби и ИРИ организираа семинар во Битола во хотелот Молика, на тема: Мултипартиски семинар за жени во политиката Комуникација со медиуми, на кој активно учество зедоа пратеницкит: Цветанка Иванова, Ристана Лалчевска, Лилјана Поповска, Катерина Димеска, Анита Кипаризовска-Крстевска, Наде Станчевска.

На 7 февруари 2008 г. клубот на пратенички одржа работилница за надворешна комуникација како да ја продадете вашата приказна на медиумите. Работилницата започна со воведно обраќање на Цветанка Иванова-координатор на клубот на пратенички, Крис Хеншо-директор на НДИ, Скот Хејзлет-програмски директор на НДИ. Предавачи на работилницата беа: заменик уредникот на дневниот весник Вест Снежана Костова, Венера Љатифи - дневен весник Коха, Васко Поп Петревски - Канал 5 телевизија. Модератор на работилницата: Слаѓања Марјановиќ-Пановска.

На 8 февруари 2008 г, клубот на пратенички организира јавна расправа во врска со Предлог законот за заштита од насилство во семејството, предложен од група пратеници. Расправата ја отвори: Цветанка Иванова, координатор на Клубот на пратенички. Сведоци на јаваната расправа беа предлагачот на законот, МЖЛ, СОЖМ, НДИ, ЕСЕ, Министерството за труд и социјална работа преку свој претставник, како и бројни невладини организации кои го третираат прашањето на насилство во семејството.

На 12 февруари 2008 г. по одржувањето на јавната расправа клубот на пратенички го донесе следново мислење во врска со Предлог-законот за заштита од насилство во

семејството: Се констатира дека предлогот за донесување на закон за заштита од насилство во семејството од група пратеници е добра иницијатива за отпочнување на процес на кодификација на законодавството, но понудените решенија го третираат проблемот на пониско ниво од досегашниот третман;

На 20 февруари 2008 г. претседателство на клубот на пратенички и амбасадорот на УНДП во Република Македонија, г-ѓа Марија Луиза Силва Мејиас, оддржаа работна средба.Тема на оваа средба беше барање подршка од УНДП во деонесување на Закон за заштита од насилство во семејтвото и барање за поддршка и соработка за идни проекти.

На 28 февруари 2008 г. претседателството на Клубот на пратенички и г-ѓа Нијам Волш политички советник во Канцеларијата на Евроската Унија во Република Македонија имаа работен ручек.Тема на оваа средба беше добивање поддршка и од Канцеларијата на ЕУ во РМ за работата на Клубот на пратенички и можност за заедничко учество на идни проекти.

На 07март 2008 г. Клубот на пратенички ја одбележа 5-годишнината од формирањето.На прослават свое обраќање имаа координаторот на Клубот, Цветанка Иванова, како и членовите на претседателството на Клубот на пратенички. Беа поканети претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија,пратениците од актуелниот состав на Собранието на РМ, поранешни пратенички, бројни невладини организации како и електронските и пишани медиуми. Свеченоста се одржа во Кристална сала во Собранието на РМ, беше медиумски покриена, проследена со обиколка на Собранието и со свечен коктел.

На 17 март 2008 г. високата делегација на Конгресот на САД го посети Собранието на Република Македонија. Во текот на еднодневната посета, се оджаа посебни работилници, со пратеничките и претседателите на комисиите на Собранието на следниве теми: подготовка на законски текст, барање и добивање, поддршка од надворешни групи, лобирање помеѓу колегите-пратеници за одредени иницијативи, следење на имплементација на легислативата и пренесувања на искуства од работата во Конгресот на САД. Од гостите беше искажана поддршка во пресрет на Самитот во НАТО во Букурешт од 2-4 април, за добивањето на покана на Република Македонија.

На 30 март 2008 г. се реализираше проектот на клубот на пратенички заедничко дружење на пратеничките и дипломатскиот кор во Република Македонија во насока на НАТО и ЕУ интеграции во Лешок, Лешочки манастир. Настанот беше одржан под мотото "култура, традиција, исхрана" и беше медумски покриен од повеќе електронски и пишани медиуми.

# 9. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Активностите на канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

**Канцеларија за контакт помеѓу НВО и Собрание на Република Македонија е успешна алатка за лобирање и застапување.**

Има за цел поврзувањето на граѓанските организации и граѓаните со законодавните тела во македонскиот  Парламент и притоа користење на целиот ресурс на цивилниот сектор со сите релевантни препораки и заклучоци,истражувања, се со цел да се зголеми влијанието во процесот на креирање политики и донесување одлуки.

Канцеларијата за контакт помеѓу НВО и Собранието на Р. Македонија е проект на граѓанска асоцијација МОСТ,к ој што се реализира во соработка со Собранието на Р.Македонија.

Оваа канцеларија е дел од програмата Отворени институции, која ја спроведува Граѓанската асоцијација МОСТ, а чија основна цел е зголемување на одговорноста на цивилните, политичките и владините институции кон  потребите на граѓаните.

Канцеларијата за контакт е во вистинска смисла сервис за граѓаните, но и на пратениците. Пратениците овде можат да добијат повеќе  информации од граѓанските организации во секојдневните подготовки на пратеничките активности, со посебен акцент на законските решенија.

Граѓанските здруженија овде можат да ги добиваат сите потребни материјали за работата на Собранието и да ги доставуваат  своите  предлози. Една од целите е Канцеларијата да послужи и како место за состаноци на пратениците и нервладините организации.

Канцеларијата е постојано отворена за сите заинтересирани и за тие кои што доаѓаат во просториите, и за оние кои преку веб адресата 24 часа сакаат да бидат во директна линија и комуникација со Собранието на Р. Македонија.

**ЦЕЛИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА**

- Институционализирање на соработката помеѓу Собранието и граѓанските организации,
- Поврзување на граѓаните со законодавните тела,во насока на зголемување на инпутот од цивилниот сектор во процесите на донесување одлуки,
- Обезбедување на релевантни податоци неопходни за остварување на интензивниот дијалог помеѓу Собранието и цивилниот сектор,со употреба на сите комуникациски средства.

**РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ**

-Сопствената библиотека, каде секој граѓанин ќе може да ги најде законите донесени од Собранието на Р. Македонија, законите од соседните земји и земјите од Европската Унија, исто како и други корисни материјали,

-Сопствена интернет страна каде што се сместени сите материјали од библиотеката, како и секојдневни информации за активностите на Собранието,

-Можност за он-лине контакт, каде цивилниот сектор би доставувал предлози и измени и дополнувања на законите,

-Компјутери за јавна употреба, каде што заинтересираните граѓани и членови на граѓански организации можат да ѓи поднесат своите материјали,

-Канцеларијата е технички опремена што овоможува брз проток на информации.

# 10.СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# 10.1. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, службата на Собранието ги врши стручните и другите работи за потребите на Собранието, собраниските работни тела и за пратениците.

Во извештајниот период, службата на Собранието на Република Македонија настојуваше стручно, професионално, навремено и одговорно да ги изврши поставените задачи, кои произлегуваа, првенствено, од делокругот на нејзината работа, но и од потребите на пратениците, од соработката со надлежните државни органи и институции во земјата и од барањата на меѓународната заедница.




Во мај 2003 година, врз основа на Законот за државни службеници (донесен во јули 2000 година), беа донесени внатрешните акти за организација и систематизација, со што, за прв пат, вработените во службата се здобија со статус на државни службеници. Службата, организационо и функционално, беше поставена според современи стандарди кои претпоставуваа квалитетно и ефикасно извршување на поставените задачи, раководејќи се притоа, од принципите на деполитизираност, професионалност и непристрасност во работата. Со воведувањето на новиот систем на контрола, оценување и наградување, се обезбеди пообјективно вреднување и стимулација на стручноста, креативноста, иницијативноста и одговорноста во работењето.

Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во службата.

Со стручната служба на Собранието раководи Генералниот секретар **г-дин Жарко Денковски**, а негови заменици се **г-дин Вјекослав Ангеловски** и **г-дин Музафер Камбери.**

Државните советници ги вршат најсложените задачи од соодветната област, ја координираат работата на одделни организациони облици, предлагаат ставови по прашања од собраниска надлежност, и ги советуваат генералниот секретар и другите функционери за релевантни прашања.

Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работите и другите услови потребни за нивно вршење, во службата постојат следниве организациони облици: кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.

Кабинетот на претседателот на Собранието со две одделенија ги врши стручните и административно-техничките работи за потребите на претседателот на Собранието, вклучително координативните, консултативните, организационите и другите работи што произлегуваат од функцијата на претседателот и на потпретседателите на Собранието.

Секторот на генералниот секретар со седум одделенија ги врши нормативно-правните работи од делокруг на генералниот секретар, преведувачките, лекторските, протоколарните работи, како и оние што се однесуваат на кадровските прашања во Собранието, на канцеларијата на генералниот секретар и на внатрешната ревизија.

Секторот за законодавство со две одделенија, подготвува мислења по предлозите за донесување закони, нацртите и предлозите на законите и на другите акти што ги донесува Собранието, дава стручна помош на пратениците во подготвувањето на законите и другите акти и на амандманите и ги подготвува за објавување во "Службен весник на Република Македонија" текстовите на законите и на другите акти од областа на политичкиот систем, јавните дејности и економскиот систем.

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и други работи во врска со подготвувањето и реализацијата на седниците, како и работи што се однесуваат на пратеничките прашања.

Секторот за работни тела со четири одделенија, врши работи во врска со одржувањето на седниците на работните тела, обезбедува стручна помош на членовите на работните тела , подготвува извештаи, предлози на заклучоци и амандмани од седниците на работните тела по прашања од областа на политичкиот, економскиот систем и јавните дејности и разгледува прашања во врска со усогласеноста на законите со законодавството на Европската Унија.

Секторот за истражување и анализа со две одделенија, врши истражувања и подготвува анализи, информации и мислења во областите на политичкиот, економскиот систем и јавните дејности по прашања од надлежност и интерес на Собранието.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, помага во остварувањето на билатералната и мултилатералната соработка на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата.

Секторот за документација, библиотека и информатика е составен од шест одделенија и врши работи за обработка и чување на документационите материјали, унапредување на библиотечната дејност, функционирањето на информатичкиот систем и техниката на Собранието, за прашањата сврзани со публицистичката дејност и за остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиско- материјално работење со две одделенија, врши работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието.

Секторот за административни и општи работи со четири одделенија, врши административни, општи, инвестициони, технички работи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.




**1-Раководни државни службеници**
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

## Преглед на секторите во Службата на Собранието

| *назив на секторот* | *вкупен број на вработени во сектор* | *Државни службеници* | | | *работници кои не се државни службеници* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *рако-водни* | *стручни* | *стручно-админис-тративни* | |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | *5* | *2* | *3* | *-* | *-* |
| *Сектор на генералниот секретар* | *24* | *6* | *14* | *4* | *-* |
| *Државни советници* | *10* | *10* | *-* | *-* | *-* |
| *Сектор за законодавство* | *6* | *3* | *2* | *1* | *-* |
| *Сектор за седници на Собранието* | *10* | *5* | *3* | *2* | *-* |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | *19* | *7* | *11* | *1* | *-* |
| *Сектор за истражување и анализа* | *7* | *3* | *4* | *-* | *-* |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | *7* | *4* | *2* | *1* | *-* |
| *Сектор за документација, библиотека и информатика* | *17* | *3* | *4* | *10* | *-* |
| *Сектор за финансиско-материјално работење* | *8* | *1* | *-* | *7* | *-* |
| *Сектор за административни и општи работи.* | *75* | *5* | *1* | *41* | *28* |
| *Одделение за внатрешна ревизија* | *2* | *1* | *1* | *-* | *-* |
| ***ВКУПНО:*** | ***190*** | ***50*** | ***45*** | ***67*** | ***28*** |

## *Страни на стенограм на седници на Собранието*



## Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата




## Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата



## Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"




## ИЗВРШЕН ПРЕВОД 1356 страници



## 10.2. Програма за практиканти во Собранието на Република Македонија

Програмата за практиканти на Собранието на Република Македонија има за цел на студентите од различни образовни институции кои се во завршна година на студирање им овозможи дополнително практично образование и едукација како практиканти во Собранието на Република Македонија и практично сознавање на процесот на работа на Собранието на Република Македонија.

Имајќи ја во предвид потребата на младите луѓе за практично образование во областа на законодавството, нивно едуцирање и активно вклучување во институциите на системот, Собранието на Република Македонија и во 2008 година ја организираше Програмата за практиканти..

Во Собранието на Република Македонија на 19 февруари 2008 година беше одржана средба меѓу Генералниот секретар на Собранието, координаторот на практикантите во Собранието со претставници од Националниот Демократски Институт НДИ во врска со активностите од програмата за практиканти за 2008 година. На средбата беше разговарано за времетраењето на програмата за практиканти за 2008 година, утврдување на вкупниот број на практиканти кои ќе се ангажираат за работа во Собранието по сектори и во пратенички групи, работни задачи на практикантите, менторство и следење на работењето на практикантите, начин на определување на надомест на практикантите за нивното ангажирање во Собранието, начинот на селекција и избор на кандидатите за практиканти, потребата за медиумска промоција на Програмата за практиканти во Собранието, времетраење на процесот на избор на кадри за практиканти.

Собранието на Република Македонија на 29 февруари 2008 година достави барање за објавување на конкурс за прием на практиканти во дневните весници "Време", "Дневник", "Факти" и "Коха" и истиот беше објавен на 01 март 2008 година. Со конкурсот беше определено: времетраењето на програмата (од 31 март до 31 декември), бројот на практикатите, потребните општи и специфични квалификации, специфичен опис на секое работно место по сектори и пратенички групи, со рок за поднесување на апликации до 16 март 2008 година. Студенти во завршна година на студирање (четврта година на студии и апсолвенти) имаа право да конкурираат во програмата за практиканти.

Медиумската промоција на програмата за практиканти се реализираше во периодот од 1 до 15 март и истата беше остварена преку Собранискиот канал, сајтот на Правниот факултет-Скопје како и сајтот на ФОН Универзитетот.

Во периодот од 1-16 март 2008 година беа доставени вкупно 246 апликации за практиканти, од кои 210 апликации беа прифатени, односно се оценија како уредни и со доставени потребни документи.

Комисијата за спроведување на постапката за избор на практиканти на 26, 27, 28 и 29 март 2008 година спроведе одделни интервјуа со сите 210 апликанти.

Генерална констатација е дека програмата за практиканти наидува на огромен интерес кај студентите, со голем ентузијазам и желба за нивно практицирање во работата на Собранието.

Врз основа на извршената оценка на документите од доставените апликации како и резултатите постигнати од спроведените интервјуа, се изврши селекција на 50 практиканти. Во интервјуата покрај Комисијата, по препорака на НДИ беше вклучен надворешен член претставник на Младинскиот демократски форум, здружение на поранешни практикати во Собранието.

Воведната сесија за практикатите беше одржана на 2 април 2008 година, во Сала 2 во Собранието. На воведната сесија Генералниот секретар на Собранието ги поздрави практикантите и ги запозна со надлежностите на Собранието како и функционирањето и организацијата на Службата..

***Планирани активности во периодот од 02 април до 31 декември 2008 година***

Во насока на остварување на успешна реализација на програмата за практиканти на Собранието на Република Македонија за 2008 година како и со цел обезбедување на едукација на практикантите, во периодот од 16 до 29 мај 2008 година, во Собранието на Република Македонија ќе се организираат три работилници за практикантите.

Оваа иницијатива за организирање на работилници за практиканти е во насока на обезбедување на квалитетна едукација на практикантите во Собранието, и од повеќе аспекти практично запознавање со функционирањето на Собранието на Република Македонија, како и процесот на работа на собраниската Служба.

Сесиите на работилниците како и термините за одржување беа подготвени врз основа на претходно одржани средби и консултации со одделни раководители на сектори и државни советници во Собранието на Република Македонија, кои со задоволство ја прифатија иницијативата за одржување на работилници за едукација на практикантите.

***Структура на практикантите во Собранието на Република Македонија***
***април-декември 2008 година***

***1. ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ***

| **ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Универзитет"Кирил и Методиј" Скопје** | | **Универзитет "Климент Охридски"Битола** | | **Државен Тетовски Универзитет** | |
| Правен Факултет | 18 практиканти | Факултет за јавна администрација | 1 практикант | Правен факултет | 2 практиканти |
| Филолошки факултет | 3 практиканти | - | | - | |
| Економски факултет | 6 практиканти | - | | - | |
| Филозофски факултет | 4 практиканти | - | | - | |
| Природно математички факултет | 1 практиканти | - | | - | |
| Машински факултет | 1 практиканти | - | | - | |
| **Вкупно: 33 практиканти** | | **Вкупно:1 практикант** | | **Вкупно: 2 практиканти** | |
| **Вкупно : 36 практиканти** | | | | | |

| **ПРИВАТНИ УНИВЕРЗИТЕТИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФОН Универзитет Скопје** | | **Универзитет "Американ Колеџ" Скопје** | | **Универзитет ЈИЕ Тетово** | |
| Факултет за правни студии-Европско право | 4 практиканти | Факултет за политички науки-меѓународни односи | 1 практикант | Правни студии | 5 практиканти |
| Факултет за политички науки | 2 практиканти | - | | Факултет за јавна администрација | 1 практиканти |
| Факултет за дипломатија и меѓународна политика | 1 практикант | - | | - | |
| **Вкупно: 7 практиканти** | | **Вкупно: 1 практикант** | | **Вкупно: 6 практиканти** | |
| **Вкупно : 14 практиканти** | | | | | |

**Вкупно на државни универзитети: 36 практиканти**
**Вкупно на приватни универзитети: 14 практиканти**

*2. РАСПОРЕДЕНОСТ НА ПРАКТИКАНТИТЕ  ВО СОБРАНИЕТО*

| СЕКТОРИ ВО СОБРАНИЕТО | ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ |
|---|---|
| 29 | 21 |

*3. РОДОВА СТРУКТУРА*

| МАШКИ РОД | ЖЕНСКИ РОД |
|---|---|
| 23 практиканти | 27 практиканти |

*4. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА*

| НАЦИОНАЛНОСТ | |
|---|---|
| МАКЕДОНЦИ | АЛБАНЦИ |
| 43 практиканти | 7 практиканти |

# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од -до) |
| **1.** | Четириесет и втора седница | 16.01.2008<br>22.01.2008 | -среда<br>-вторник | |
| **2.** | Шеесет и петта седница | 11.01.2008<br>14.01.2008<br>16.01.2008 | -петок<br>-понеделник<br>-среда | |
| **3.** | Деведесетта седница | 28.01.2008<br>29.01.2008 | -понеделник<br>-вторник | 14,30-18,05<br>13,20-16,45 |
| **4.** | **КОМЕМОРАТИВНАСЕДНИЦА** | **18.01.2008** | **-петок** | |
| **5.** | Деведесет и втора седница | 24.12.2007<br>25.12.2007 | -понеделник<br>-вторник | 11,50-21,00<br>11,10-16,10 |
| **6.** | Деведесет и трета седница | 03.01.2008<br>04.01.2008<br>08.01.2008<br>11.01.2008 | -четврток<br>-петок<br>-вторник<br>-петок | 12,05-17,30<br>15,30-18,00<br>11,35-17,30<br>12,25-12,40 |
| **7.** | Деведесет и четврта седница | 04.01.2008<br>08.01.2008<br>09.01.2008 | -петок<br>-вторник<br>-среда | 12,20-15,10<br>17,35-17,50<br>11,50-12,15 |
| **8.** | Деведесет и петта седница | 10.01.2008<br>11.01.2008 | -четврток<br>-петок | 12,10 -18,00<br>11,45-12,10 |
| **9.** | Деведесет и шеста седница | 03.01.2008 | -четврток | 11,35-11,55 |
| **10.** | Деведесет и седма седница | 30.01.2008 | -среда | 11,30-16,20 |
| **11.** | Деведесет и осма седница | 30.01.2008<br>31.01.2008<br>01.02.2008<br>04.02.2008<br>05.02.2008<br>06.02.2008<br>07.02.2008<br>13.02.2008<br>14.02.2008<br>15.02.2008<br>19.02.2008<br>20.02.2008<br>21.02.2008<br>22.02.2008<br>25.02.2008<br>26.02.2008<br>27.02.2008 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 16,40-17,50<br>12,20-17,50<br>11,40-15,45<br>11,40-18,00<br>11,40-17,50<br>12,00-16,35<br>12,50-15,35<br>11,15-16,30<br>11,20-15,35<br>11,05-13,20<br>16,55-17,50<br>12,25-16,25<br>11,50-16,10<br>12,00-15,50<br>11,40-18,00<br>11,50-16,40<br>11,55-17,10 |
| **12.** | Деведесет и деветта седница | 23.01.2008<br>29.01.2008 | -среда<br>-вторник | 12,20-16,30<br>12,05-13,05 |
| **13.** | Стотта седница | 12.02.2008<br>11.03.2008<br>13.03.2008 | -вторник<br>-вторник<br>-четврток | 11,30-16,35<br>12,15-15,35<br>11,40-13,05 |
| **14.** | Сто и прва седница | 07.02.2008<br>08.02.2008 | -четврток<br>-петок | 15,40-16,00<br>11,10-13,00 |
| **15.** | Сто и втора седница | 11.03.2008 | -вторник | 11,15-11,40 |
| **16.** | Сто и трета седница | 28.02.2008 | -четврток | 11,20-17,55 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Сто и четврта седница | 29.02.2008<br>03.03.2008<br>10.03.2008<br>13.03.2008<br>14.03.2008<br>18.03.2008<br>19.03.2008<br>20.03.2008<br>24.03.2008<br>25.03.2008<br>26.03.2008<br>31.03.2008<br>02.04.2008 | -петок<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-четврток<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник<br>-среда | 11,55-17,10<br>11,25-16,05<br>11,35-17,20<br>13,25-15,25<br>12,05-13,30<br>16,10-16,50<br>12,00-14,05<br>11,30-14,15<br>11,40-16,55<br>11,50-16,45<br>12,10-15,30<br>11,50-16,05<br>12,35-15,20 |
| **18.** | Сто и петта седница | 19.02.2008 | -вторник | 15,15-15,50 |
| **19.** | Сто и шеста седница | 18.03.2008 | -вторник | 11,15-11,35 |
| **20.** | Сто и седма седница | 18.03.2008 | -вторник | 15,30-15,55 |
| **21.** | Сто и осма седница | 27.03.2008 | -четврток | 11,25-16,20 |
| **22.** | Сто и деветта седница | 28.03.2008 | -петок | 11,45-16,10 |
| **23.** | **КОМЕМОРАТИВНА СЕДНИЦА** | **01.04.2008** | **-вторник** | |
| **24.** | Сто и единаесетта седница | 07.04.2008 | -понеделник | 13,10-13,20 |
| **25.** | Сто и дванаесетта седница | 03.04.2008 | -четврток | 11,50-11,55 |
| **26.** | Сто и тринаесетта седница | 08.04.2008<br>09.04.2008 | -вторник<br>-среда | 12,20-17,10<br>12,40-17,40 |
| **27.** | Сто и четиринаесетта седница | 10.04.2008<br>11.04.2008 | -четврток и петок<br>-петок и сабота | 13,10-05,30<br>11,40-00,10 и<br>02,15-02,20 |
| **28.** | Сто и петнаесетта седница | 12.04.2008 | -сабота | 00,10-02,15 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

***Четириесет и втора седница** **16.05.2007 (среда)**

**10. Предлог на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција;**

***Шеесет и петта седница** **29.08.2007 (среда)**

8. Предлог за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, со Предлог на закон;
**9. Предлог на закон за високото образование;**
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон;
18. Предлог на закон за Советото на јавни обвинители на Република Македонија;
**13. Предлог на закон за Јавно обвинителство;**
14. Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;
17. Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, со Предлог на закон.

**Деведесетта седница** **28.01.2008 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки;
2. Предлог за донесување на закон за ратификација на стратешкиот договор меѓу Република Македонија и Канцеларијата на европската полиција, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на закон за ратификација на седмиот дополнителен протокол на Уставот на Светскиот поштенски сојуз, со Предлог на закон;
4. Предлог на закон за водите;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехрамбени производи, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат, со Предлог на закон;

---

* седница започната во претходен мандат

* седница започната во претходен мандат

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за здружување на земјоделците, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за арондација, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за комесација, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ловството, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за лобирање;
18. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за за преземање на гаранции по користени кредити од Европската инвестициона банка, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на односите во врска со отплатата на користени кредити од Меѓународните финансиски организации, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, со Предлог на закон;
21. Предлог за разрешување на господин Љубиша Георгиевски од функцијата претседател на Собранието на Република Македонија;
22. Предлог за донесување на закон за техничка инспекција, со Предлог на закон;
23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето, со Предлог на закон;
24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, со Предлог на закон;
25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа, со Предлог на закон;
26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;
27. Информација за состојбите на производителите на шеќерна репка во Полошкиот регион;
28. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Собранискиот канал за 2008 година;
29. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;
30. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2008 година;
31. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот радио програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;
32. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и на другите континенти на македонски јазик за 2008 година;

33. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за активностите на Собранието на Република Македонија за 2008 година;
34. Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Сателитскиот втор телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и на другите континенти на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик за 2008 година;

**Деведесет и прва седница** **21.01.2008 (понеделник)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Деведесет и трета седница** **03.01.2008 (четврток)**

1. Предлог на закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризмот;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на закон за условен пристап до заштитените електронски услуги;
4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;
6. Предлог на закон за рибарство и аквакултура;
7. Предлог на закон за сточарство;
8. Предлог за донесување на закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за образование на возрасни, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за вонпарнична постапка, со Предлог на закон.

**Деведесет и четврта седница** **04.01.2008 (петок)**

1. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак;
2. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за буџетите, со Предлог на закон;
3. Предлог на закон за ПТТ услуги;
4. Предлог за донесување на закон за политички партии, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон.

**Деведесет и петта седница** **10.01.2008 (четврток)**

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка, со Предлог на закон

**Деведесет и шеста седница** **03.01.2008 (четврток)**

1. Предлог на одлука за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа;

**Деведесет и седма седница** **30.01.2008 (среда)**

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамки на спроведувањето на помошта според инструментот за предпристапна помош ИПА, со Предлог на закон;
2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи, со Предлог на закон;
4. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за реализирање на постапката за изведување на реконструкцијата, доградбата и надградбата на зградата на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи на железницата, кој ќе се склучи меѓу Јавното претпријатие Македонски железници - инфраструктура Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем наменет за проектот за реформи на железницата, кој ќе се склучи меѓу Македонски железнички транспорт АД Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната банка за обнова и развој ИБРД по Договорот за заем за проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународната комерцијална банка на Република Кина по договорот за кредит за реализација на инфраструктурни проекти, со Предлог на закон;
11. Предлог за именување член на Советот на Народната банка на Република Македонија;

12. Предлог за разрешување на заменик на јавниот обвинител во Основното Јавно обвинителство - Скопје.

**Деведесет и осма седница** **30.01.2008 (среда)**

1. Предлог на закон за високото образование;
2. Предлог на закон за генетски модифицирани организми;
3. Предлог на закон за заштита на правата на пациентите;
4. Предлог на закон за постапување по претставки и поплаки;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за гробишта и погребални услуги, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за аудиовизуелните добра, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на потрошувачите, со Предлог на закон;
13. Граѓанска иницијатива на 105 граѓани за собирање на 150 000 потписи за распишување на референдум на кој граѓаните на Република Македонија на тајно непосредно гласање со взаг или впротивг ќе се изјаснат за референдумското прашање: Дали сте за тоа Република Македонија да стане членка во НАТО со променето уставно име, погазена национална гордост и редефиниран национален идентитет.

**Деведесет и деветта седница** **23.01.2008 (среда)**

1. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа;
2. Предлог на одлука за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан.

**Стотта седница** **12.02.2008 (вторник)**

1. Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите;
2. Предлог на закон за изменување на законот за платен промет;
3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за биомедицинско потпомогнато оплодување, со Предлог на закон;
5. Иницијатива за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево;
6. Нацрт на просторен план на Охридско-Преспански регион;
7. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на

работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година;
8. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година;
9. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување;
10. Национална програма за железничка инфраструктура за периодот од 2008 до 2012 година;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за заштита од насилство во семејството;
13. Интерпелација за работата на гувернерот на Народната банка на Република Македонија, господин Петар Гошев;
14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии;
15. Барање за давање автентично толкување на одредбата на членовите 13 и 59 од Законот за градење, а во врска со одредбата на член 116 став 2 од Законот за сопственост и други станарски права, поднесено од пратениците Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски;
16. Барање за давање автентично толкување на одредбата на членот 384 став 5 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Катерина Димеска;
17. Барање за давање автентично толкување на член 25 а во врска со член 3 точка 7 од Законот за комунални дејности, поднесено од пратеникот Миле Пачемски;
18. Барање за давање автентично толкување на член 349 и член 460 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Надица Танчева Тулиева;
19. Барање за давање автентично толкување на член 6 од Законот за здравствено осигурување, а во врска со член 7 став 1 точка 1 од истиот закон, поднесено од пратеникот Миле Пачемски;
20. Барање за давање автентично толкување на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, поднесено од претседателот на Советот на општина Штип;
21. Барање за давање автентично толкување на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, поднесено од претседателот на Советот на општина Кочани;
22. Барање за давање автентично толкување на член 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, поднесено од Градоначалникот на општина Аеродром;
23. Барање за давање автентично толкување на член 151 од Законот за работни односи, поднесено од пратеникот Анета Стефановска;
24. Барање за давање автентично толкување на член 23 став 1 точка 9 од Законот за данокот на додадена вредност, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски;
25. Барање за давање автентично толкување на одредбата на членовите 80-а, 80-ѓ и 80-з од Законот за основното образование, поднесено од пратеникот Славица Грковска.

**Сто и прва седница** **07.02.2008 (четврток)**

**Предлог на дневен ред:**

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

**ЗАБЕЛЕШКА НЕ СЕ УСВОИ ДНЕВНИОТ РЕД**

**Сто и втора седница** **11.03.2008 (вторник)**

- Обраќање на Претседателот на Народното Собрание на Република Бугарија, г-дин Георги Пирински.

**Сто и трета седница** **28.02.2008 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Сто и четврта седница** **29.02.2008 (петок)**

1. Предлог на одлука за упатување на јавен повик до овластените предлагачи за доставување предлог на кандидати за членови на Советот за радиодифузија;
2. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на загинувањето на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;
4. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Агенцијата за пошти;
5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина и владите на другите држави-учесници во процесот на соработка за Југоисточна Европа и Привремената административна Мисија на Организацијата на Обединетите нации на Косово, во име на Косово, согласно Резолуцијата број 1244 на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите нации за аранжманите на државата-домаќин во врска со Секретаријатот на Советот на регионална соработка, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за катастар на недвижности, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за научноистражувачка дејност, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за облигациони и стварноправни односи во воздушнот сообраќај, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, со Предлог на закон, поднесен од пратеникот Анита Кипаризовска Крстевска;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, со Предлог на закон, поднесен од пратеникот Владимир Ѓорчев;

15. Предлог за донесување на закон за најниска плата во Република Македонија, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за обештетување на политичките затвореници и на нивните семејства во Република Македонија во периодот од 1946 до 2007 година, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала, со Предлог на закон;
21. Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2007-2012 година;
22. Годишен извештај за резултатите од работењето на Македонската радио-телевизија за 2006 година;
23. Предлог на програма за формирање на стокови резерви во периодот 2008-2010 година;
24. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;
25. Годишен финансиски план на Македонската радио-телевизија за 2007 година;
26. Предлог на Декларација за почитување на Повелбата од Организацијата на Обединетите нации и меѓународниот поредок;
27. Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година;
28. Извештај за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2006 година;
29. Извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 септември до 31 за 2006 година;
30. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност за 2006 година;
31. Барање за давање автентично толкување на член 19 став 1 и член 20 од Законот за територијална организација на Локалната самоуправа во Република Македонија, поднесено од Градоначалникот на општина Струга;
32. Барање за давање автентично толкување на член 122 алинеја 1 од Законот за градење, поднесено од Градоначалникот на општина Карпош;
33. Барање за давање автентично толкување на членот 39 и членот 40 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од пратеникот Весна Бендевска;
34. Барање за давање автентично толкување на член 13 став 2 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, поднесено од Народниот правобранител;
35. Барање за давање автентично толкување на член 116 став 2 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова;
36. Барање за давање автентично толкување на член 34, а во смисла на член 8 точки 60 и 61 и членовите 97 и 98 од Законот за енергетика, поднесено од Советот на општина Штип;

**Сто и петта седница** **19.02.2008 (вторник)**

1. Предлог на одлука за испраќање на единицата на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

**Сто и шеста седница** **18.03.2008 (вторник)**

- Обраќање на Претседателот на Саборот на Република Хрватска, г-дин Лука Бебиќ.

**Сто и седма седница** **18.03.2008 (вторник)**

1. Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

**Сто и осма седница** **27.03.2008 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Сто и деветта седница** **28.03.2008 (петок)**

1. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан;
2. Предлози за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки;
4. Предлог на одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за загинувањето на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски;
5. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Климент Охридски";
6. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "11 октомври";
7. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Мајка Тереза";
8. Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на државната награда "Мито ХаџиВасилев Јасмин".

**Сто единаесетта седница** **07.04.2008 (понеделник)**

-Обраќање на претседавачот на Претставничкиот дом на Парламентот на Босна и Херцеговина, г-дин Милорад Живковиќ.

**Сто и дванаесетта седница** **03.04.2008 (четврток)**

Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

**Сто и тринаесетта седница** **08.04.2008 (вторник)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово;
3. Предлог на закон за основање на Технолошко-технички факултет, Ветеринарен факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола;
4. Предлог на закон за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип;
6. Предлог на закон за високообразовните установи на верските заедници.

**Сто и четиринаесетта седница** **10.04.2008 (четврток)**

1. Предлог на одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија.

**Сто и петнаесетта седница** **12.04.2008 (сабота)**

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА;
2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА;
3. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина, ЕУФОР АЛТЕА;
4. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан;
5. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

# Прилог 3
# Компаративни анализи

| Реден број | АНАЛИЗА | ДАТА | НАРАЧАТЕЛ |
|---|---|---|---|
| 1. | Политички систем на Република Македонија Надлежниости и улога на Собранието и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците | 08.01.2008 | Пратеник |
| 2. | Прашалник наменет за Одделите на Парламентарното собрание на Франкофонијата-Комисија за соработка и развој во врска со оддржливиот развој | 15.02.2008 | Секретар на Делегацијата на Парламентарното собрание на Франкофонијата |
| 3. | Прашалник од Парламентарното собрание на Франкофоннијата наменет за имплементација на меѓународната конвенција на ООН за правата на децата | 31.01.2008 | Секретар на Делегацијата на Парламентарното собрание на Франкофонијата |
| 4. | Организација и функционирање на бикамералните парламенти во државите со унитарно уредување | 23.01.2008 | Пратеник |
| 5. | Пребарување и обезбедување на Деловници на парламентите од повеќе држави | 25.01.2008 | Работна група на Собранито |
| 6. | Координација и обезбедување на материјали за Извештајот за работа на Собранието на РМ за 2007 година | 31.01.2008 | Координатор на работна група |
| 7. | Компаративна анализа за изборните законици и постапката за обезбедување на пратенички места за малцинските групи и партии | 10.02.2008 | Пратеник |
| 8. | Статистички податоци за законите и другите акти донесени во актуелниот пратенички состав | 01.01.2008 | Пратеник |
| 9. | Учество во креирањето на паноата на Собранието на РМ за изложбата во Европскиот парламент | 31.01.2008 | Работна група |
| 10. | Компаративна анализа за Закони за Парламент, односно Закон за пратеници и нивниот статус | 29.02.2008 | Пратеник |
| 11. | Статистичка обработка на податоци компаративно за двата последни мандатни состави /легислатива | 29.02.2008 | Пратеник |
| 12. | Статистичка обработка на податоци за потребите на Проектот "Мој пратеник "што се реализира во соработка со "МОСТ" | 24.03.2008 | МОСТ |

**Забелешка:**

* Сите компаративни анализи и истражувања се изготвени со обезбедување на иницијална национална легислатива и нејзин превод од страна на вработените во Секторот, што е достапна во документацијата на Секторот за истражување и анализа.

# Прилог 4

## Меѓународни активности

| Датум | Меѓународна организација | Настан | Место на одржување |
|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ 2008** | | | |
| 21-25 | ПС на СЕ | Учество на Првиот дел на Редовната годишна сесија на ПС на СЕ за 2008 година (Оливер Шамбевски, Ружди Матоши, Илинка Митрева, Благој Зашов и Азис Положани) | Стразбур, Република Франција |
| **ФЕВРУАРИ 2008** | | | |
| 7 | | Учествува на Молитвениот појадок во Вашингтон, САД (Владимир Ѓорчев, Бесим Догани и Лилјана Поповска) | Вашингтон, САД |
| 10-12 | МПК РМ-ЕУ | Учество на Мешовит парламентарен состанок во ЕП, Брисел (Панче Дамески) | Брисел, Кралство Белгија |
| 11 | СЗЕУ | Учество на работна посета на седиштето на НАТО во Брисел (Павле Трајанов, Насер Ајдини и Рафиз Алити) | Брисел, Кралство Белгија |
| 17-19 | ПС на НАТО | Конференција на претседатели на комисиите за надворешни работи и одбрана на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите на ПзМ од регионот | Скопје, Република Македонија |
| 18-22 | ПСФ | Учество на седница на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ (Благородна Цветковска) | Брисел, Кралство Белгија |
| 21-22 | ПС на СЕ | Учество на Работилница за германските перспективи за проширувањето на ЕУ (Андреј Жерновски) | Берлин, Сојузна Република Германија |
| 21-22 | ПС на ОБСЕ | Учеството на Зимската средба на ПС на ОБСЕ (Јован Манасијевски) | Виена, Република Австрија |
| 25 | СЗЕУ | Учество на заедничка седница на Комисјата на СЗЕУ со Постојаниот совет на ЗЕУ и Политичко - безбедносниот комитет на ЕУ | Брисел, Кралство Белгија |
| 25-26 | | Посета на Министерот за национална одбрана на Република Литванија Јуозас Олекас на РМ | Скопје, Република Македонија |
| 25-29 | ПС на СЕ | Работна посета на Томас Хамарберг, Комесар за човекови права на Советот на Европа на РМ | Скопје, Република Македонија |

| МАРТ 2008 | | | |
|---|---|---|---|
| 3-5 | СЗЕУ | Учество на Конференција на СЗЕУ на тема: 2008 одлучувачка година за Западен Балкан (Александар Николовски, Насер Ајдини и Рафиз Алити) | Љубљана, Република Словенија |
| 6-8 | ПС на НАТО | Учество на 68-от РОС-РОТ на ПС на НАТО (Есад Рахиќ) | Баку, Азербејџан |
| 9-13 | ПС на СЕ | Учество на седница на Европската комисија против расизмот и нетолеранција и на седница на мониторинг комисијата на ПС на СЕ (Азис Положани) | Франкфурт, Сојузна Република Германија |
| 13-14 | ИПАЛМО | Посета на Делегацијата на РМ од Ипалмо институтот од Република Италија за потребите на проектот "Придонес во модернизацијата и демократизацијата на парламентите на Албанија, БиХ, Македонија, Србија, Црна Гора и Косово | Скопје, Република Македонија |
| 13-14 | ПС на НАТО | Посета на постојаните претставници на Француската Република, Кралство Данска, Кралството Холандија и Романија во НАТО на РМ | Скопје, Република Македонија |
| 14 | ПС на СЕ | Учество на седница на Комисијата за социјални, здравствени и семејни прашања на ПС на СЕ (Азис Положани) | Париз, Република Франција |
| 17-18 | | Официјална посета на Лука Бебиќ, претседател на Саборот на Република Хравтска на РМ | Скопје, Република Македонија |
| 17-18 | СЗЕУ | Седници на Комисијата за политички прашања, Комисијата за одбрана, Комисијата за парламентарни прашања, Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања и Комисијата за деловник и привилеги на Собранието на Западноевропската унија (Борис Кондарко, Павле Трајанов и Мирјана Секуловска) | Париз, Република Франција |
| 17-18 | ПС на СЕ | Учество на седница на Комисијата за економски прашања и Мониторинг комисијата на ПС на СЕ (Андреј Жерновски) | Париз, Република Франција |
| 24-27 | ПС на НАТО | Работна посета на Анкара и Истанбул (Бесим Догани) | Анкара, Истанбул, Република Турција |
| 25-28 | COX Програмата | Посета на европските институции во Брисел | Брисел, Кралство Белгија |

| АПРИЛ 2008 | | | |
|---|---|---|---|
| 3-4 | ПС на СЕ | Учество на седница на Поткомисијата за миграции на ПС на СЕ и на Меѓународната парламентарна конференција за глобализација и миграциските процеси (Андреј Жерновски) | Санкт Петерсбург, Руска Федерација |
| 6-9 | TAIEX | Службата на Собранието на Република Македонија, која работи во доменот на меѓународната соработка и надворешната политика оствари студиски престој во Италијанскиот Парламент, во рамките на TAIEX Програмата на Европската комисија | Рим, Република Италија |
| 7-14 | ТИКА | Група службеници од Службата на Собранието на Република Македонија ќе остварат студиска посета на Големото национално собрание на Република Турција, во рамките на Програмата за споделувањето на знаењето од турската владина администрација за развој и соработка - ТИКА | Анкара и Истанбул, Република Турција |
| 14-18 | ПС на СЕ | Учество на редовната априлска сесија на Парламентарното Собранието на Советот на Европа | Стразбур, Република Франција |

**Објаснување на кратенките:**

**ПС на СЕ** - Парламентарно собрание на Совет на Европа;
**ПС на НАТО** - Парламентарно собрание на НАТО;
**ПС на ОБСЕ** - Парламентарно собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;
**ИПУ** - Интерпарламентарна унија;
**ПС на ЦЕИ** - Парламентарно собрание на Централноевропската иницијатива;
**СЗЕУ** - Собрание на Западноевропската унија;
**ПСФ** - Парламентарно собрание на Франкофонија
**МПК** - Мешовит парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ
**ПзС** - Пакт за стабилност
**СТО** - Светска трговска организација
**ЕП** - Европски парламент
**ПАМ** - Парламентарно собрание на Медитеранот

Прилог 5

# ИНТЕГРАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ГРУПИ И ДЕЛЕГАЦИИ

**1. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТ НА ЕВРОПА** **157**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Првиот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2008 година, одржана од 21 до 25 јануари 2008 година во Стразбур, Република Франција 157

**ИЗВЕШТАЈ** од состанок на поткомисијата за миграции на советот на европа и меѓународната парламентарна конференција за глобализацијата на миграциските процеси, што се одржа во Санкт Петерсбург, Русија на 4 и 5 април 2008 година 165

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Вториот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2008 година, одржан од 14 до 18 април 2008 година во Стразбур, Република Франција 169

**2. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ** **175**

**ИЗВЕШТАЈ** од Седмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана на 21 и 22 февруари 2008 година во Виена, Австрија 175

**3. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО** **183**

**ИЗВЕШТАЈ** од Конферецијата на претседатели на Комисиите за одбрана и надворешни работи на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од Партнерство за мир од регионот на тема" НАТО - Букурешт потоа", што се одржа од 17 до 19 февруари 2008 година во Собрание на Република Македонија 183

**4. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈА** **209**

**ИЗВЕШТАЈ** од седницата на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржана од 18 до 21 февруари 2008 година во Брисел, Белгија 209

**5. СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКА УНИЈА** **215**

**ИЗВЕШТАЈ** од посетата на НАТО на Делегација на Собранието на Западноевропската унија, остварена на 11 февруари 2008 година 215

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на заедничкиот состанок со Постојаниот совет на Западноевропската унија - Политичко-безбедносниот комитет на ЕУ, оддржан на 25 февруари 2008 година во Брисел, Кралство Белгија 221

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на колоквиумот на тема: "2008 - одлучувачка година за Западниот Балкан", Љубљана, Република Словенија, 3-5 март 2008 година 227

**6. ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ** **233**

**ИЗВЕШТАЈ** од Четвртиот мешовит парламентарен состанок за Лисабонската стратегија, одржан на 11 и 12 февруари 2008 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија 233

| | |
|---|---|
| **7. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО** | **239** |
| **ИЗВЕШТАЈ** од Студиската посета на Италијанскиот парламент на група државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, реализирана на 7 и 8 април 2008 година во Рим, Република Италија | 239 |
| **ИЗВЕШТАЈ** за посетата на Делегацијата од Службата на Собранието на Република Македонија на Големото народно собрание на Република Турција, остварена од 12 до 20 април 2008 година | 247 |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Првиот дел од редовната сесија на***
***Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2008 година,***
***одржана од 21 до 25 јануари 2008 година во Стразбур, Република Франција***

***Скопје, февруари 2008 година***

*На Првиот дел од редовната сесија за 2008 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, која се одржа од 21 до 25 јануари 2008 година во Стразбур, Франција, учествуваа: г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата, членовите г. Ружди Матоши, и г-ѓа Илинка Митрева, замениците на членовите на Делегацијата г. Благој Зашов, и г. Азис Положани како и косекретарот на Делегацијата Марија Стефанова.*

*На сесијата свое обраќање според редоследот имаа: Премиерот на Република Словачка г. Роберт Фико, министерот за надворешни работи на Холандија, г. Франс Тимерманс, премиерот на Унгарија г. Ференц Гурчуани, Претседателот на Албанија г. Бамир Топи, Претседателот на Грузија г. Михаил Саакашвили и други.*

*На јануарската сесија се расправаше за процедуралните насоки за правата и обврските на опозицијата во демократски парламент, за идниот статус на Косово, потоа следеше расправа за човековата околина: глобалното затоплување и еколошките катастрофи како и заштитата на околината во регионот на Арктикот, за црните листи на Советот за безбедност на ОН и на Европската унија, за надворешните односи на Парламентарното собрание и во таа насока за зајакнувањето на соработката со земјите на Магреб и за ситуацијата во републиките на Централна Азија, за Советот на Европа и земјите кои во СЕ имаат статус на набљудувачи, потоа за потребата за се задржи европскот спортски модел, за проблемот на изчезнувањето на новороденчиња за нелегално посвојување во Европа како и за прекуграничната соработка.*

**1.** На почетокот на јануарската сесија се избираше претседател на Парламентарното собрание и бидејќи имаше само една кандидатура, кандидатот **Луис Марија де Пуџ** беше избран без гласање со акламација за мандат од две години. Во своето обраќање новоизбраниот претседател г. де Пуџ рече дека Собранието избра претстедател кој верува во Европа и во Советот на Европа и кој е оптимист за иднината на оваа институција. Мисијата на Советот на Европа е да биде организација која ќе биде поблиска до граѓаните и ќе биде поефикасна и потранспарентена. Она што ни е потребно, истакна де Пуџ, е Европа во која социјалните вредности се цврсти, Европа која нема да застане се додека насилството врз жените и децата не стане минато, Европа која се бори против трговијата со луѓе, Европа која гледа на малцинствата како на придобивка, Европа која одлучно се бори со секаков вид на корупција, која се грижи за животната средина и се залага за одджлив развој, Европа која гледа на имиграцијата како на можност за иднината а не како на опасност, Европа која му дава приоритет на образованието и најпосле Европа која го иницира меѓукултурниот дијалог како средство во борбата против расизмот, ксенофобијата и нетолеранцијата.

На почетокот на секоја редовна сесија Собранието назначува и членови на осумтте комисии на предлог од националните делегации, како и на Мониторинг Комисијата и на Комисијата за Деловник, имунитет и институционални прашања на предлог на политичките групи.

**2.** Премиерот на Словачка **г. Роберт Фико** во своето излагање се задржа на улогата на Советот на Европа во иднина и рече дека идниот изглед и структура на СЕ ќе зависи од волјата на земјите членки, од развојот на другите европски структури како и од способноста за прилагодување на Советот на Европа. Организацијата ги отвори своите врати за нови членки и покрај некои предупредувања дека тоа може да доведе до ерозија на некои од нејзините стандарди. Меѓутоа благодарение на тоа, многу држави вклучувајќи ја и Словачка се полноправни членки на Советот на Европа. На крајот г. Фико изрази уверување дека Советот на Европа е организација која е способна да одговори на предизвиците на европскиот континент.

**3.** Во врска со **улогата на опозицијата во демократските парламенти**, во извештајот на Комисијата за Деловник, имунитет и институционални прашања беше истакнато дека опозицијата игра важна улога за правилно функционирање на демократијата. Членовите на опозицијата треба да покажат политичка зрелост и да ја употребат

својата сила да ја зајакнат ефикасноста на Парламентот наместо само да го критикуваат. Сепак правата на опозицијата различно се третираат во земјите членки на Советот на Европа и се движат од неформално признавање во Деловникот до формално признавање во Уставот.

Комисијата за Деловник, имунитет и институционални прашања верува дека опозицијата има право на јасно дефиниран статус кој ќе им гарантира право на слободно изразување, право на контрола врз работата на владата, право на поставување прашања кон власта и право на добивање исти информации како и пратениците од власта. Опозицијата треба да има право да свика седница (ако е постигнат кворум од четвртина од нејзините членови), редовно да го утврдува дневниот ред, да бара отварање на расправи и да бара формирање на анкетни комисии во кои таа ќе биде соодветно претставена.

Опозицијата треба да биде претставена и во управните тела на Парламентот според политичката сила, а треба да и биде отворена и позицијата на потпретстедател како и други одговорни позиции. Претседателските места во комисиите, составот на комисиите и известителите треба да бидат пропорционално распоредени - а членови на опозицијата треба вообичаено да бидат на чело на комисиите чија задача е да ја следат работата на Владата, како онаа која го контролира буџетот или ја надгледува работата на агенциите за разузнавање. Опозицијата треба да има право да поднесува закони до Уставниот суд или други компетентни органи за мислење.

Националните парламенти исто така треба да им обезбедат на политичките групи или на индивидуалните членови на опозицијата финансиски и други материјални средства неопходни за извршување на нивните должности, како и целосен пристап до медиуми. Парламентарните правила особено оние кои се однесуваат на правата на опозицијата не треба да се менуваат по секои избори.

Насоките содржани во Извештајот и овозможуваат на опозицијата да ја надгледува Владата, да учествува во законодавната работа и да ја контролира уставноста на законските текстови. Но, опозицијата не треба само да бара права и средства туку и да покаже волја да ги искористи и да направи се што е во нејзина можност да ја зајакне ефикасноста на Парламентот.

Националните парламенти се повикуваат да ги земат предвид овие насоки при дополнување или менување на Деловникот.

**3.** Темата која предизвика најголем интерес на јануарската сесија беше прашањето на **идниот статус на Косово.** Во Извештајот кој во име на Политичката Комисија го изготви лордот Расел Џонстон беше истакнато дека изнаоѓањето на решение за статусот на Косово, со сите регионални и меѓународни импликации е клучно за долгорочната стабилност на Европа. Но бидејќи по повеќе од две години преговори страните не успеаја да постигнат компромис, известителот смета дека потенцијалот за постигнување компромис е исцрпен и затоа Советот за безбедност треба да ги надмине постоечките разлики и да наметне решение. Но ако СБ не успее да постигне едногласна позиција, не треба да се исклучи можноста Косово унилатерално да прогласи независност. Ако тоа се случи, ЕУ треба да има единствена позиција кон ваквото прогласување. Според лордот Расел Џонстон во отсуство на заедничко прифатливо решение независноста е единственото одржливо решение и не е неразумно да се постави прашањето за моралното право на Србија да управува со Косово имајќи ја предвид катастрофалната политика во минатото. Но членовите на српската парламентарна делегација рекоа дека е прерано да се донесе заклучок дека преговорите се дефинитивно неуспешни и повикаа на продолжување на напорите за изнаоѓање на компромис во рамките на меѓународното право.

Комисијата ги повика сите страни да се воздржат од било какво поттикнување на насилство и нагласи дека без оглед на тоа какво ќе биде решението, Косово треба да биде мултиетничко општество во кое целосно се применуваат стандардите на Советот на Европа.

На оваа тема зборуваа и пратениците Шамбевски, Положани и Матоши.

**Шамбевски** истакна дека како непосреден сосед разбирливо е дека Република Македонија со големо внимание го следи развојот на политичката и безбедносната состојба во регионот особено во однос на одлуката за идниот статус на Косово. Се надеваме, рече тој, дека решението ќе придонесе за регионалната стабилност и за евроатланската перспектива на регионот. За нас е особено важно да се заврши демаркацијата на нашата северна граница во согласност со меѓународниот договор депониран во ОН. За таа цел неопходно е техничката постапка да започне на време и без одлагање како што беше предложено од специјалниот пратеник на генералниот секретар на ОН за Косово. Понатаму Шамбевски изрази надеж дека, откако статусот ќе биде утврден, Косово ќе започне да генерира стабилност и дека регионот како целина ќе може да се посвети на економијата, на привлекување на странски инвестиции и на целосно интегрирање во НАТО и ЕУ. Еден од клучните приоритети треба да биде унапредување на владеењето на правото, како и заштитата и признавање на националните малцинства во идниот конститутивен акт, вклучувајќи ги и Гораните, малцинство чиј мајчин јазик е македонскиот. Република Македонија е подготвена да му пружи конкретна помош на Косово и во пoстстатусниот период, во трансфер на позитивните искуства за определени прашања, како локалната самоуправа, процесот на децентрализација, институционалните аранжмани за интеретничките односи, итн.

Верувам, заврши Шамбевски дека до решавање на стаусот ќе дојде по мирен пат и што е можно поскоро, бидејќи како што се наведува и во Извештајот на лордот Расел Џонстон нерешениот статус на Косово е извор на несигурност постои опасност да се претвори во замрзнат конфликт на Балканот. А тоа е закана за понатамошната политичка стабилизација на регионот, која треба да биде одбегната.

Пратеникот **Положани** го пофали известителот за изработка на реален Извештај кој ги содржи сите елементи и специфичности на прашањето на Косово, вклучувајќи го и статусот како фундаментално прашање.Јас сум сигурен, истакна Положани, дека сега на сите им е јасно дека ниту еден од аспектите како демократијата, човековите права, социјалните права, културното наследство, образованието и соодветната здравствена грижа не можат да бидат соодветно решени без основната предиспозиција во тој конеткст - дефинирањето на правниот статус на Косово. Но се разбира дека дефинирањето на статусот оди рака под рака со правата и обврските. Без јасна институционална одговорност заснована на демократска легитимност, Советот на Европа нема да биде во можност да најде соодветен и одговорен партнер за воспоставување, унапредување и консолидирање на основните вредности. Дефинирањето на статусот, надгледувана независнот како што предвидуваат различни документи за Косово, сега е неопходност за граѓаните на Косово за да можат својата енергија да ја насочат на дневните економски и социјални проблеми, кои можат да се претворат во закана ако продолжи состојбата на статус кво. Затворањето на поглавјето за Косово е неопходно и за меѓународната заедница бидејќи таа ќе идентификува партнер во Косово кој ќе биде одговорен за понатамошната демократизација на земјата и за почитување на основните стандарди на Совеот на Европа. На крајот Положани рече дека го подржува документот на лордот Џонстон бидејќи тој покажува дека со дефинирањето на статусот на Косово сите сме победници а најголемиот победник е демократијата.Наспроти тоа со состојбата статус кво сите сме губитници, заврши Положани, освен оние кои продолжуваат да профитираат политички и економкси од оваа нерешена и несигурна состојба.

Во обраќањето **Ружди Матоши** ги дефинираше аргуметите зошто Косово треба да биде независна држава. Србија и Русија се против независноста на Косово и сметаат

дека независноста ќе претставува преседан. Ваквата претпоставка е погрешна поради преседанот со распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, кој се случи пред Косово. Словенија, Хрватска, Македонија Босна и Херцеговина се независни држави кои потекнуваат од оваа федерација, рече Матоши. Косово има право на самоопределување бидејќи беше административен ентитет во составот на федерацијата Југославија. Косово не го нарушува Хелсиншкиот договор за неповредливост на границите за кој меѓународниот субјект беше Југославија бидејќи со независноста на Словенија и другите делови на Југославија тој е договор е прекршен. Денес, истакна на крајот Матоши, сите веруваме дека независноста на Косово е реалност која ќе се случи. Тоа ќе биде нова држава и ќе има демократска ориенатација, која ќе вклучува еднакво почитување на сите граѓани кои живеат на Косово.

* * * * *

Во текот на сесијата на седници на одделни комисии беа разгледувани повеќе прашања од директен интерес за Собранието и Република Македонија. На Комисијата за политички прашања во која членува **г. Оливер Шамбевски** се расправаше за Информацијата на известителот Педро Аграмунт за привременото име на Република Македонија во Советот на Европа. На почетокот на седницата на Комсијата Шамбевски предложи одложување на точката за некоја од следните седници на Комисијата поради почетокот на преговорите за разликите околу името истиот ден во Охрид. Предлогот беше ставен на гласање меѓутоа не беше прифатен. Во Информацијата која се разгледуваше во Комисијата за политички прашања но за која нема повеќе да се расправа, се предлага Советот на Европа да не зазема позиција за употребата на уставното име на Република Македонија бидејќи тоа би било во спротивност со преодниот договор меѓу Македонија и Грција.

Зад затворени врати на седница на Мониторинг Комисијата се расправаше и за Пост-мониторинг извешатајот за Република Македонија. На седницата, шефот на Делегацијата и член на Мониторинг Комисијата **г. Оливер Шамбевски** информираше за постигнатиот напредок во Република Македонија од почетокот на 2008 година како откочувањето на политичкиот дијалог меѓу парламентарните партии и постигнатиот договор за 45 закони кои ќе се донесуваат со Бадинтерово мнозинство, комплетирањето на Судскиот совет, донесувањето на Закон за комитет за односи меѓу заедниците и Одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, формирањето на Националниот совет за евроинтеграции итн.

Во заклучоците на Извештајот се вели дека Македонија мора да покаже резултати во спроведувањето на реформите и во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Известителот Линтнер препорачува да продолжи пост-мониторинг дијалогот и неговиот наследник, идниот претседател на Мониторинг комисијата и Известител да оствари уште една посета на Република Македонија во првата половина на 2008 година. Линтнер на седницата изрази уверување дека ако Македонија успее да покаже дека се спроведуваат клучните реформи пост-мониторинг дијалогот би можел да биде финализиран во текот на 2008 година.

Во текот на сесијата на иницијатива на Шефот на Делегацијата Шамбевски беа реализирани две одделни билатерални средби со делегациите на Бугарија и на Албанија во ПС на СЕ. Идејата беше да членовите на делегациите да се запознаат подобро со цел да настапуваат заедно за прашања кои се однесуваат на регионот. На средбата со бугарската делегација беше поздравена иницијативата за вакви средби и беше констатирано дека постојат прашања кои не обединуваат како земји од Балканот и по кои би требало да имаме заеднички став. Беше нагласена потребата од меѓусебна размена на информации заради изградување став по прашања од зеднички интерес. Од наша страна беше изразено жалење што во извештајот на Расел Џонстон по толку важното прашање за регионот како прашањето на Косово недостасуваше поширока

слика за регионот. На средбата членовите на бугарската делагација изразија подршка во однос на прашањето за разликите околу нашето уставно име и истакнаа дека не само Бугарија туку и други земји од Европа сметаат дека нашата кауза е правилна.

И на средбата со членовите на Делагацијата на Албанија беше поздравена нашата иницијатива за зајакнување на соработката меѓу двете земји во рамките на Парламентарното собрание на Советот на Европа и беше нагласено дека поинтензивната соработка меѓу балканските земји е особено важна сега кога Словенија претстедава со ЕУ. Заеднички беше оценето дека во рамките на ПС на СЕ постои простор за соработка меѓу малите земји особено меѓу соседите и тоа како во политичките групи така и во комсиите. И Република Македонија и Република Албанија очекуваат покана за членство во НАТО и забрзување на процесот за членство во ЕУ и затоа има многу прашања од зеднички интерес за кои е потребна соработка и во Советот на Европа и во Европскиот парламент.

Беше предложено членовите на Делагациите да се состануваат еднаш годишно во пресрет на седниците на ПС на СЕ и да се разменуваат информации за важни прашања како и заеднички да лобираат по примерот на нордиските земји. Шамбевски предложи првата ваква средба на Делагациите на земјите од Балканот да се одржи во Охрид.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од состанокот на Поткомисијата за миграции на Советот на Европа и Меѓународната парламентарна конференција за глобализацијата на миграциските процеси Санкт Петерсбург, 4-5 април 2008 година***

***Скопје, април 2008 година***

*Покрај редовниот состанок на Поткомисијата за миграции на Парламентарното собрание на Советот на Европа на 4 и 5 април 2008 година во Санкт Петерсбург, Русија се одржа и Конференција за глобализација на миграциските процеси, во ко-организација со Интерпарламентарното собрание на Заедницата на независни држави (ЗНД). На состанокот учествуваше членот на Поткомисјата за миграции* ***Андреј Жерновски,*** *а беше придружуван од Марија Стефанова, советник за билатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка.*

На состанокот на Поткомисијата се расправаше за нацрт извештајот на известителот Тадеуш Ивински (Полска, SOC) за миграциите и мобилноста во Евроазискиот регион и изгледите за иднина. Во воведот на извештајот беше наведено дека во текот на вековите миграциските движења одиграа голема улога во заедничката историја, социјалниот, економскиот и културниот развој и на Европа и на Азија, а Турција и Русија биле и се источните врати кој ја поврзуваат Европа со Блискиот Исток, Централна Азија и Далечниот Исток. По распадот на Советскиот сојуз и создавањето на независни држави се појавија нови форми на миграции. Транзициите кон пазарни економии го зголемија јазот на приходи меѓу земјите наследнички и меѓу регионите во рамките на Руската Федерација. Ова, како и релаксирањето на строгите гранични режими создадоа силни поттици за миграции. Поради заедничката историја, култура и лингвистичка сличност Заедницата на независни држави (ЗНД) останува социјално и економски тесно поврзана. Заедничкиот пазар на труд на ЗНД може да биде ефикасен економски инструмент за зголемување на вработеноста во регионот, за воспоставување рамнотежа меѓу недостатокот и вишокот на работна сила, за потикнување на помалку развиените економии и за забрзување на регионалната интеграција. Но и надвор од територијата на ЗНД, слободата на движење на луѓето може да биде важен фактор за економскиот развој во поширокиот регион на Евроазија. Сепак, како резултат на порозните граници, безвизниот режим меѓу најголемиот број на земји од ЗНД и долгите бирократски процедури за издавање дозволи за престој и работа, миграциите на работниците во регионот на Евроазија се во најголема мерка нелегални. Нелегалната миграција и нелегалните вработувања на работниците мигранти се загрижувачки и за земјите приматели и за земјите на потекло бидејќи тие доведуваат до пореметувања на пазарите на труд, зголемување на сивата економија, корупцијата, криминалот и шверцот, но пред се до експлоатација на неевидентираните мигранти и кршење на нивните човекови права. Имајќи предвид дека регулирањето на миграциите е релативно нов политички приоритет во евроазискиот регион, многу е важно да им се помогне на земјите да воспостават стандарди во однос на правата на работниците мигранти и нивните семејства и да ја подигнат свеста за човековите права на сите мигранти.

На состанокот на Комисијата беше подвлечено дека е потребно да се интензивираат активностите на меѓувладините комисии на Советот на Европа, на Меѓународната организација на трудот и Меѓународната организација за миграции со цел да се промовираат стандардите и насоки како тие да се применат во контекст на регионот на Евроазија. Парламентарното собрание на Советот на Европа ги повика главните земји кои се крајни дестинации и транзит за мигрантите, како Русија, Турција, Украина и Казахстан, да преземат чекори во однос на миграциите на работници, како развој на механизми за редовна размена на информации, зајакнување на улогата на службите за вработување и управување со краткорочните миграции и заштита на човековите права на мигрантите, потоа подобрување на интегрирањето на внатрешно раселените лица и имплементацијата на Европската конвенција за правниот статус на работниците мигранти.

На Конференцијата посветена на глобализацијата на миграциските процеси се водеше расправа за важноста од донесување на закон за миграциите на работниците во земјите членки на ЗНД и за потребата за хармонизирање на домашните законодавства во однос на справување со нелегалните миграции, а беше промовиран и концептот за заеднички миграциски простор на земјите членки на ЗНД.

На Конференцијата беше усвоена Финална декларација која ќе биде претставена на осмата Паневропска конференција на министри задолжени за прашања на миграции во организација на Советот на Европа која ќе се одржи на 4-5 септември 2008 година во Киев, Украина. Во неа се истакнува дека слободата на движење, изборот на место на живеење и делување е перманентен услов за демократија и мора да биде заштитен во согласност со Универзалната декларација за човекови права (1948) и Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи (1950). Парламентите и владите на односните земји членки се повикуваат да воспостават тесна соработка со цел да се изнајдат меѓународни правни механизми за поефикасно справување со нелегалните миграции, вклучувајќи ја и трговијата со луѓе. Во однос на нелегалните мигранти треба да се почитува Резолуцијата 1509 (2006) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за човековите права на нелегалните мигранти, и кога тие не можат да бидат вратени, треба да се разгледа можноста да се регулира нивниот статус.

Декларацијата понатаму ги поздрави активностите на Парламентарното собрание на Советот на Европа поврзани со давањето правна рамка на миграциските политики, засновани на принципите на социјална кохезија, културна различност и мирна коегзистенција, заштита на човековите права и правата на работниците мигранти. Исто така беше поздравена и кампањата на Советот на Европа "сите различни - сите еднакви", со која се промовира искоренување на расизмот ксенофобијата и нетолерантноста. На крајот беше изразено уверување дека ефикасното управување со миграциските процеси може да се оствари преку соработка меѓу земјите, и дека тоа ќе создаде поповолни услови за унапредување на толеранцијата и разбирањето меѓу луѓето.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Вториот дел од редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2008 година, одржан од 14 до 18 април 2008 година во Стразбур, Република Франција***

***Скопје, мај  2008***

*На Вториот дел од редовната сесија за 2008 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кој се одржа од 16 до 18 април 2008 година во Стразбур, Франција, учествуваа заменикот на членот на Делегацијата Азис Положани и косекретарот на Делегацијата Марија Стефанова.*

*Според редоследот свое обраќање на сесијата имаа: Претседателот на Република Словачка г. Иван Гашпаровиќ, Канцеларот на Сојузна Република Германија г-ѓа Ангела Меркел, Комесарот за човекови права г. Томас Хамарберг, премиерот на Украина г-ѓа Јулија Тимошенко, министерот за надворешни работи и европски прашања на Франција г. Бернард Кушнер и други.*

На априлската сесија се расправаше за европските муслимански заедници соочени со екстремизам, пристапот до безбеден и легален абортус во Европа, за проблемот на самоубиствата меѓу децата и тинеџерите во Европа, потоа промовирањето на наставата за европската литература, пристапот на Европската унија кон Европската конвенција за човекови права, а точки за итна расправа беа консеквенците од прогласувањето на независноста од страна на Собранието на Косово и функционирањето на демократските институции во Ерменија.

**1.** Во врска со темата за **европските муслимански заедници соочени со екстремизам** Извештај во име на Политичката комисија поднесе известителот г. Мота Амарал. Во извештајот се наведува дека Исламот е втората религија во Европа, и е вткаена во европскиот живот. Сепак многумина беа вознемирени кога дознаа дека некои млади Муслимани, родени и израснати во Европа, беа инволвирани во терористичките напади во Лондон, Мадрид и на други места. Според Политичката комисија мора да се направи јасна разлика меѓу Исламот како религија, која мирно ја практикуваат милиони Европејци и исламскиот фундаментализам како идеологија која заговара екстремна агенда, промовира општество кое е спротивно на човековите права и демократските вредности, а во својата најекстремна форма заговара убиство на недолжни луѓе. Европските влади и исламските заедници мораат да работат заедно за да спречат радикализација, се вели во извештајот. Муслиманските лидери треба цврсто и јасно да го осудат тероризмот, да го нагласат совпаѓањето на исламската вера со европските вредности, да го промовираат умерениот Ислам во медиумите, во училиштата и во затворите. Европските држави, од своја страна, треба да ги елиминираат факторите кои создаваат плодно тло за екстремизам како дикриминацијата и исламофобијата и да промовираат политичка и граѓанска интеграција на емигрантите. На крајот треба да се запрашаат дали нивната надворешна политика особено во однос на Блискиот Исток придонела за радикализација и да се осигурат дека ги следат и изведуваат пред правдата терористите на начини кои доследно ги почитуваат човековите права и владеењето на правото.

**2.** Канцеларот на Сојузна Република Германија **г-ѓа Ангела Меркел** во своето прво обраќање пред Парламентарносто собрание на Советот на Европа се заблагодари за поканата и рече дека двата парламенти со седиште во Стразбур го одредуваа и минатото и иднината на Европа. Постојат многу разлики во Европа, истакна Меркел но различноста треба да се смета за предност, бидејќи она што се случува во Европа има влијание врз целиот свет и предизвиците се глобални. Во последните 60 години Европа ги брани принципите на демократијата, човековите права, мирот, правдата и солидарноста и постои заедничка желба да се изгради позитивна иднина за Европа. Преку еврото, Шенгенскиот договор и заедничкиот пазар, Европа изгради поинаква форма на соживот заснована на заедничка доверба и почитување. Но европските држави ќе бидат поуспешни ако заеднички работат на тоа. Европските вредности не смеаат да останат апстрактни, тие мораат да се применуваат. Европа мора секојдневно да ги преиспитува предизвиците а Советот ќе остане да биде независен водич за европските вредности. Не постоји оправдување дека се работи за внатрешни работи кога се во прашање човековите права, бидејќи тие мора да се применуваат

универзално. На крајот г-ѓа Меркел рече дека Советот на Европа е успешна приказна со значителни достигнувања на полето на демократијата, човековите права и владеењето на правото и упати апел сите да продолжат да ја градат Европа на темелите на мирот, слободата и демократијата со што ќе дадат пример и за останатиот дел од светот.

**3.** Темата која предизвика голем интерес беше **пристапот до безбеден и легален абортус во Европа**, за која Извештај подготви Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените. Во него се неведува дека аборусот е легален во речиси сите земјите членки на Советот на Европа, освен во Андора, Ирска, Малта, Монако и Полска. Според Комисијата, абортусот треба да се одбегнува колку што тоа е можно и да не се користи како метод на планирање на семејство, но не би требало ниту да се отфрли, бидејќи тоа најчесто доведува до опасни и трауматични тајни абортуси. Но и таму каде што е теоретски легално, многу жени немаат пристап до абортус поради недостаток на локални здравствени капацитети, недостаток од доктори спремни да го извршат или поради статутарните периоди на чекање. Резултатот е дека жените кои се поинформирани или се подобро ситуирани можат полесно да обезбедат легален и безбеден абортус. Според Комисијата за еднакви можности ова доведува до дискриминација и ваквите ограничувања треба да се отстранат. На жените кои бараат абортус треба да им се обезбеди соодветна парична помош како и соодветни услови за медицинска и психолошка грижа. Во исто време, со цел да се избегнат што е можно повеќе несакани бремености на жените, на мажите треба да им бидат на достапни контрацептивни средства по разумни цени а образованието за сексот и за врските треба да бидат задолжителни во училиштата.

**4.** На оваа сесија се расправаше и за **консеквенците од прогласувањето на независност од страна на Собранието на Косово**, како итна точка на иницијатива на пратеникот фон Сидоу од Шведска. Тој рече дека на 17 февруари 2008 година Косово прогласи независност од Србија и дека и покрај тензиите на северот на Косово, безбедносната состојба се чини дека е под контрола. До денес, рече фон Сидоу, 26 земји членки на Советот на Европа го призанаа Косово како независна и суверена држава, додека некои се изјаснија дека нема да го сторат тоа. Целата на Парламентарното собрание, според фон Сидоу, без оглед на статусот, Косово да биде мултиетничко општество безбедно за сите кои живеат таму, и место каде што целосно се применуваат стандардите на Советот на Европа за демократија, владеење на правото, заштитата на човековите права и правата на малцинствата. Фактот што земјите членки на Советот на Еворпа се поделени во однос на признавањето на Косово не смее да е пречка во имплементацијата на Препораката 1822 која нуди сеопфатна листа на области во кои Советот на Европа треба да му понуди експертиза на Косово.

На дебатата може да се слушнат спротивставени мислења, како оние дека прогласувањето на независноста претставува кршење на меѓународното право како и кршење на Повелбата на ОН и односните резлолуции на Советот за безбедност на ОН, кои се однесуваат на почитувањето на сувереноста, независноста и територијалниот интегритет на било која држава. Беше нагласено дека одговорноста за создавање на оваа крајно ризична состојба лежи кај државите кои го охрабруваа Косово да прогласи независност, ветувајќи дека тоа целосно ќе го подржат.

**5.** На априлската сесија се расправаше и за **самоубиствата меѓу децата и тинејџерите** за што Извештај подготви Комисијата за социјални, здравствени и семејни прашања. Беше истакнато дека е крајно време проблемот на самоубиствата меѓу младите - често повик за помош соочувајќи се за првпат со комплексноста на животот на возрасните - да се сфати како сериозен здравствен проблем чии причини се и социјални и психолошки.

Неколку земји членки преземаа чекори за спречување на самоубиствата меѓу тинејџерите, но тие мерки треба да се прошират на цела Европа и да опфаќаат програми кои ќе ги оформат ставовите на младите кон самоубиството и смртта општо, како и отворање дијалози со проблематични млади луѓе за прашања како

злоупотребата, културните и сексуалните разлики. Комисијата е особено загрижена што статистиката покажува дека самоубиствата се побројни меѓу младите со хомосексуална ориентација што е знак на дискриминацијата со која се соочуваат. Извештајот содржи предлози за она што можат да го направат владите на земјите членки како признавање на "наука која се занимава со самоубиствата" како академски предмет и да ги финансираат истражувањата во оваа област, да преземат повеќе мерки за справување со проблемот на злоупотреба на droги и алкохол меѓу младите. Но клучот е во психо-социјалната поддршка, линии за помош на проблематичните тинеџери како и програми за семејна подршка кои ќе им дадат предност на младите кои се обиделе да си го одземат животот и кои ќе ги вклучат и родителите и блиските пријатели.

**6.** Комисијата за култура подготви Извештај **за промовирањето на учењето на Европската литература**. Познавањето на големите дела на литературата и актуелната и онаа од минатото и ја збогатува мислата и го подигнува квалитетот на животот. И додека учењето за литературата на мајчиниот јазик е природен пат за оформување на националната свест меѓу учениците, учењето на другите литератури помага во формирањето на Европската националност. Известителот се задржа и на отвореноста на Европа за влијанијата на светската литература и нејзиното влијание врз глобалното ширење на идеите во текот на вековите. Но тој призна и некои од предизвиците: дисбалансот меѓу Истокот и Западот поради политиките на преведување и советската интелектуална изолација, како и вртоглавиот развој на технологијата. Европските земји, се наведува во извештајот, треба да го промовираат учењето на Европската литература на сите нивоа и да го подржи преводот на текстови на европските јазици. Треба да се охрабри и отворањето на веб страници за литературното наследство на Европа, вклучително и предлогот на Европскиот парламент да основа дигитална библиотека како единствено, мултилингвално место за пристап до европското наследство.

**7.** Во своето обраќање пред Парламентарното собрание, министерот за надворешни работи и европски прашања на Франција, **г. Бернар Кушнер** зборуваше за мирот и човековите права и за мирот преку човековите права. Човековите права се мир, рече тој, и тоа е убедување кое го делеа и основачите на Советот на Европа. Проширувањето на Советот на Европа создаде европски континент обединет околу заедничките вредности. Но бранењето на мирот не беше секогаш мирно, рече Кушнер. Човековите права не можат да бидат наметнати и неопходно е да се убедат сите за нивната важност, подвлече Кушнер. Тие се универзални а надгледувањето врз нив е она што го прави Собранието единствено.

Кушнер зборуваше и за важноста од имплементација на пресудите на Судот за човекови права, како симбол на Советот на Европа и единствен суд кој работи со индивидуални случаи на човекови права. Судот потврдува дека човековите права не се само реторика на моќните бидејќи тој ги става граѓаните над државите. Советот на Европа е форум во кој оние на кои им биле повредени човековите права можат да им дадат глас на своите искуства. На крајот, министерот Кушнер истакна дека сите земји членки треба да ги исполнат своите обврски, да ги почитуваат човековите права и владеењето на правото и правилно да ги третираат малцинствата, бегалците како и луѓето без државјанство. Европа, човековите права и мирот се трите идеи од кои е создаден сонот на граѓаните на Европа. Европа може да му понуди не светот модел заснован на дијалог, закони и преговори а Советот на Европа може да смета на целосна посветеност на Франција, заврши министерот Кушнер.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Седмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржана на 21 и 22 февруари 2008 година во Виена, Австрија***

***Скопје, февруари 2008 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), ја одржа својата редовна Зимска сесија на 21 и 22 февруари 2008 година во Виена, Австрија. Во рамките на Седмата зимска сесија беа одржани: седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ, одделни седници на Постојаната комисија за политички прашања и безбедност, Постојаната комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина и Постојаната комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, заедничка седница на трите постојани комисии, како и одвоени специјални дебати на темата Косово, како и за Договорот за конвенционално вооружување во Европа (ЦФЕ).*

*На Седмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Јован Манасијевски, шеф на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

*На сесијата учествуваа над 217 парламентарци од 51 земја од вкупно 56 земји членки на ОБСЕ и земји партнери. Беа разгледани бројни прашања од надлежност на оваа Организација, од аспект на безбедноста, економскиот развој и човековите права.*

## СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЕСИЈА

На свеченото отворање на Седмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ говореа: **г. Горан Ленмаркер**, претседател на ПС на ОБСЕ, **г-ѓа Барбара Прамер**, претседател на парламентот на Австрија и **г-ѓа Тија Тиликајнен,** државен секретар во МНР на Финска, во име на г. Илка Канерва, министер за надворешни работи на Финска, земја актуелен претседавач со ОБСЕ, како и г. **Марк Перин д Бришамбо**, генерален секретар на ОБСЕ.

**Претседателот на Парламентот на Австрија г-ѓа Палмер** им посака добредојде на учесниците на Седмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ и изрази задоволство од големиот број на присутни пратеници, со што ова заседание претставува најголема досега одржана Зимска сесија. Таа ја нагласи значајната улога на Парламентарното собрание на ОБСЕ во унапредувањето и продлабочувањето на активностите и целите на ОБСЕ.

На пратениците им се обрати и **г-ѓа Тија Тиликајнен,** која истакна дека "парламентарната димензија е витална за доброто здравје" на ОБСЕ. Таа се задржа на три прашања, а како најважно го посочи прашањето дека финското претседавање е детерминирано да обезбеди континуирано ангажирање на Косово. Понатаму таа укажа дека ќе се залагаат за континуиран дијалог за прашањата на изборите меѓу земјите членки, а во тој поглед улогата на ПС на ОБСЕ е основна. ПС на ОБСЕ секогаш игра важна улога во поддржување на набљудувањето на изборите на ОБСЕ и владината димензија на ОБСЕ е особено благодарна за искуството на парламентарците во обезбедување на парламентарна димензија за она што е важен и деликатен процес. Таа посочи дека за време на финското претседателство се планира спроведување на "структурен дијалог" за прашањето на изборите. Како прашање за кое ќе се залага финското претседателство е барање на страните да продолжат со дијалогот во врска со Договорот за конвенционално вооружување во Европа (CFE) со цел да пронајде решение за значајните разлики.

Во своите воведни обраќања, претседателот **Ленмаркет** ја подвлече важноста од зачувување на Договорот за конвенционално вооружување во Европа и континуираното присуство на ОБСЕ на Косово. Тој им се заблагодари на сите парламентарци кои учествуваа во мисиите за набљудување на изборите, кои треба да се спроведуваат и на исток и на запад од Виена. ПС на ОБСЕ треба да направи дополнителни напори за да ги набљудува претседателските избори во САД. Тој го истакна значењето на Медитеранската група на Собранието и во овој контекст изрази надеж дака Палестина ќе стане партнер на ОБСЕ.

Претседателот Јоран Ленмаркер посочи дека настанатите околности спречуваат ПС на ОБСЕ да ја прифати поканата да ги набљудува руските претседателски избори закажани за 2 март 2008.

## СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 21 февруари 2008 година. На седницата беа разгледани тековните и идните активности на Парламентарното собрание.

Претседателот Ленмаркер го отвори Постојаниот комитет на кој учествуваат шефовите на делегациите и ги извести за активностите на ПК од последната сесија во Порторож, Словенија. Тој извести за неговите последни посети на Алжир, Јордан и Палестина, учеството на Министерскиот совет на ОБСЕ во Мадрид и неговото учество како лидер на Делегацијата на руските парламентарни избори.

Г. Ханс Рајдел, благајник на ПС на ОБСЕ, извести за финансиската состојба на Парламентот и дека повеќето парламенти ги надмириле своите обврски.

**Генералниот секретар на ОБСЕ г. Марк Перин д Бришамбо,** се обрати на Постојаниот комитет и одговараше на прашањата пред пратениците. Тој извести дека иако немало усвоени декларации на мадрискиот министерски совет сепак донесените одлуки особено во безбедноста на животната средина, посочуваат дека ОБСЕ е единствена меѓународна организација која ги поврзува овие две прашања. Тој ги коментираше актуелните приоритети на ОБСЕ, а особено значајната активност на ОБСЕ на Косово. Понатаму се дискутираше за финансиските предизвици со кои се соочува ОБСЕ, можните реформи, особено во врска со мандатот на ОДИХР и идната улога на ОБСЕ на Косово. Се заклучи дека овие предизвици повикуваат на силна организација.

Генералниот секретар на ОБСЕ г. Оливер Спенсер, извести за екстензивната програма за набљудување на изборите, околу 250 пратеници учествувале во набљудувачките мисии на ОБСЕ. Извести и за идните активности на ПС на ОБСЕ, состанокот на Бирото, претстојната годишна сесија во Астана и есенските сесии во Торонто. Пратениците беа информирани за минатите набљудувачки мисии на ОБСЕ во Украина, Русија, Киргистан, Грузија и Ерменија. Се оцени дека овие мисии претставуваат скапоцено искуство за членовите на Собранието и понатаму го поттикнуваат активното учество во идните мисии.

Се претстави активностите на Ad-Hoc комитетот за Молдавија и Белорусија, како и извештајот на постојаниот претставник на Југоисточна Европа, Гвантанамо, Медитеранот, буџетот на ОБСЕ и борбата против организираниот криминал.

Шефот на Казакстанската и Канадската делегација известуваа за подготовките на Седумнаесеттата годишна сесија која ќе се одржи во Астана од 29 јуни до 3 јули 2008 година и есенските состаноци што ќе се одржат во Торонто од 18 до 21 септември 2008 година.

Постојаниот комитет заврши со договор за Осумнаесеттата годишна сесија на ПС на ОБСЕ да се одржи во Вилнус, Литванија од 29 јуни до 3 јули 2009 година и се прифати поканата на Норвешкиот парламент Деветнаесеттата сесија да се одржи во Осло во јули 2010 година.

## СЕДНИЦИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ

**Првата постојана комисија за политички прашања и безбедност,** седницата ја одржа на 21 февруари 2008 година. Со седницата претседаваше г. Жан-Чарлс Гардето од Монако кој ги поздрави учесниците и информираше дека од страна на Постојаниот комитет г. Волвганг Гросрук (Австрија) е назначен за известител на Првиот комитет.

Господинот Гардето се фокусираше на работата на Комитетот и потенцираше дека со цел да се продуцираат подобри декларации е потребно повеќе внимание и дисциплина во подготвителните фази и амандманскиот процес пред годишните сесии.

Господинот Џери Графстен го претстави Извештајот за потребните идни активности поврзани со политичките препораки усвоени од Комисијата на Годишната сесија во 2007 во Киев. Тој заклучи дека само одредени препораки се имплементирани и дека уште многу треба да се доработи. Постојаниот совет на ОБСЕ во Виена во

последно време многу позитивно го вреднува статусот на Парламентарното собрание како интегрален дел на ОБСЕ и се потенцира улогата на ПС на ОБСЕ во набљудувачкиот процес. Сепак политичките препораки на Собранието во врска со реформите на ОБСЕ се уште не се формално разгледани од Постојаниот совет. Во Извештајот се изразува жалење за неуспехот на ОБСЕ да го усвои Нацртот на конвенцијата за организацијата на ОБСЕ како правно лице, нејзините надлежности, привилегии и имунитет на Мадридскиот министерски совет. Во врска со енергетската безбедност, исто така, се истакна големиот број иницијативи за соочување со предизвикот. Во Извештајот се нагласи улогата на жените во конфликтни ситуации и се посочија неколку примери.

Членовите на Комитетот ја истакна потребата за итно изнаоѓање решенија на нерешените конфликти, како и појасно дефинирање на обврските на ОБСЕ.

Известителот Гросрук ја подвлече неговата иницијална идеја за подготовка на извештај и нацртот на резолуција за идната Годишна сесија. Тој предложи фокусирање на Комитетот на парламентарна контрола на вооружените сили во регионот на ОБСЕ. Се разви дискусија за приватизираното оружје и неговото влијание врз економијата, потребата од зајакнување на антитерористичките напори и борбата против транснационалниот организиран криминал.

Високиот комесар г. Волебек го подвлече безбедносниот аспект во врска со националните малцинства. Се задржа на примарната улога што може да ја играат парламентите и меѓупарламентарните тела. Се заложи демократската одговорност и парламентарната контрола да станат норми во секоја меѓународна организација, како што е тоа во демократските држави.

Претседавачот со Постојаниот совет финската амбасадорка **Анти Турунен**, истакна дека ќе се залага да продолжи со спроведување на политиката на ОБСЕ, особено во врска со Косово. Се дискутираше и за улогата на ОБСЕ во Авганистан и можното вклучување во изборите во земјата.

**Господинот Петрос Ефтимиу,** потпретседател на **Вториот постојан комитет за економски прашања, наука, технологија и животна средина**, претседаваше со седницата на Комисијата што се одржа на 21 февруари 2008 година. Известителот на Комитетот г. **Ролан Блум** (Франција), посочи дека во Извештајот за претстојната Годишна сесија ќе се концентрира на безбедноста на животната средина, а особено на климатските промени.

Специјалниот претставник за миграции конгресменот г-ѓа **Хилда Солис** (САД), информираше за напорите на САД за промовирање на "зелената енергија", вклучително и обновливи извори.

Во врска со имплементацијата на донесените декларации на Киевската сесија, г. **Ефтимиу** забележа дека има напредок на национално и меѓународно ниво во врска со управувањето на миграциите, транспортот на мало и лесно оружје и стратегијата за безбедноста на животната средина. Понатаму се разви балансирана дискусија за позитивните и негативните аспекти на миграционите движења, како и развивање на свеста за потребата од подобрување на состојбата во регионите од каде што мигрантите доаѓаат. Тој го поддржа концептот од времето на португалското претседателство на ЕУ за "Глобален пристап кон миграциите", кои ја нагласуваше потребата од интензивирање на партнерството меѓу земјите на потекло, транзиција и дестинација на миграционите движења.

Со седницата на **Третата постојана комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања,** што се одржа на 22 февруари 2008 година претседаваше г. Исус Лопез Медел од Шпанија. Потпретседателот на Комитетот г-ѓата Хилда Солис, го претстави својот Извештај и извести за работата на полето на толеранција и недискриминација. Таа се задржа на прашањето на родовата еднаквост и рече дека уште многу треба да се работи на овој план.

Во дискусиите се посочи дека во регионот на ОБСЕ недостасува транспарентност. Главни места каде што тие проблеми се забележуваат се законодавството, администрацијата и изборните процедури, како и во работата на парламентите и владеењето на правото.

Амбасадорот Кристијан Строхал, директор на ОБСЕ/ОДИХР посочи дека има природно партнерство меѓу ПС на ОБСЕ и ОДИХР. Тие им помагаат на земјите да се спроведуваат добри избори, но одговорноста лежи во самите држави. Уште еднаш се побара од парламентарците да се заложат за имплементација на донесените препораки на годишните сесии на ПС на ОБСЕ.

**Заедничката седница на трите постојани комисии** се одржа на 22 февруари 2008 година. На оваа седница, со која претседаваше претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Лентмаркер, се посочи на значењето на темите за Косово и Договорот за конвенционално оружје во Европа, како и ракетната одбрана.

**Дебатата за Косово** ја отвори амбасадорот Алберт Роан, заменик на специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН на Косово и даде оцена за состојбите на Косово по прогласената независност на 17 февруари 2008 година. Тој истакна дека во Косовската Декларација за независност се истакнува дека тие се обврзуваат на целосна имплементација на предлозите на планот на Марти Ахтисари. Тука се вклучени и меѓународни набљудувачи за надгледување на независноста, постојано меѓународно цивилно и воено присуство и гаранции за заштита на српското малцинство и другите малцинства на Косово.

Во дискусијата што следеше се демонстрираа конфликтните визии кои постојат по ова прашање. Неколку делегации укажаа дека нивните земји не ја признаваат независноста на Косово и дека се нарушува Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и Хелшинскиот финален акт со кои се заштитува територијалниот интегритет на меѓународно признатите држави.

Пратениците дискутираа и за можните консеквенци од косовската независност. Други пратеници независноста на Косово ја претставуваат како природен резултат на долгиот процес. Тие се повикуваа дека косовската ситуација е единствена и произлегува уште од распаѓањето на Југославија, обидот за "етничко чистење" од касните деведесетти години на минатиот век и десетгодишното присуство на меѓународна администрација.

Се забележа дека ова прашање и во иднина ќе биде предизвик на меѓународната зедница и европските партнери.

Во своите заклучоци претседателот Ленмаркер повика на клучната улога што ја има ОБСЕ во зачувување на правата на Србите на Косово. Тој забележа дека некои членови на ПС на ОБСЕ бараа натамошно вклучување на организацијата во дијалогот за уредување на Косово, задача којашто сега се спроведува од страна на ОН. Неколку пратеници предложија да се формира работна група која ќе го разгледа прашањето на Косово, која би ја предводел специјаниот претставник на ПС на ОБСЕ за Југоисточна Европа **г. Роберто Батили** (Словенија). Оваа идеја ќе се разгледа од Бирото на ПС на ОБСЕ и доколку се прифати, можно е да се задолжи претставникот да подготви извештај кој би се разгледувал на престојната годишна сесија што ќе се одржи во Астана. По тој повод, шефот на Делегацијата г. Јован Манасијевски оствари билатерална средба со г. Роберто Батили во која потенцираше дека Република Македонија е подготвена да даде поддршка на работната група и со свои размислувања и идеи да го помогне работењето на групата.

Дискусијата за **Договорот за конвенционално вооружување во Европа (CFE)** и **ракетната одбрана,** исто така, предизвика интересна дискусија меѓу пратениците. Неколку од нив го претставија CFE договорот како "основа на евроатлантската безбедност", која креира животна средина од заедничка доверба и транспарентност во врска со вооружените сили. Сепак одлуката на Руската федерација да ја суспендира имплементацијата на CFE договорот се закана за егзистенцијата и вредностите на политичко-воената димензија на ОБСЕ. Овој чекор води кон губење на доверба, предвидливост и транспарентност во воената сфера која води кон натамошно "милитаризирање" на политичкиот дијалог. Други пак сметаат дека Руската Федерација била приморана да ја суспендира имплементацијата на Договорот поради одредбите во Договорот, а идниот став на Русија ќе зависи од спремноста на партнерите и соседите да покажат воздржаност.

Пратениците сметаа дека овие потешкотии можат да ги поделат сојузниците. Други пак го потенцираа постигнатиот прогрес од режимот на овој договор за уништување и елиминирање на воениот арсенал. Имајќи го предвид значењето на овој режим, пратениците повикаа на обновување на напорите за наоѓање решение прифатливо за Русија и другите земји.

Некои пратеници ги отфрлија претпоставките дека постои врска меѓу Договорот за конвенционално вооружување во Европа и плановите на ОН да распоредат ракетни сили во Централна Европа. Се сметаше дека дискусијата за распоредување на овие сили е преуранета поради потребата прво да се добие парламентарно одобрување во односните земји.

Во врска со извештајот на **родовата еднаквост,** потпретседателот на ПС на ОБСЕ и за родови прашања г-ѓа Тоне Тингард (Шведска), информираше за нејзините активности и ги покани сите членови поактивно да учествуваат во профилирање на родовите прашања. Учеството на пратенички во националните делегации оставува ниско, помалку од 25 %. Некои пратеници бараа анализи за состојбите за еднаквите можности за вработување и еднакви плати, додека други бараа формирање на работна група за еднакви можности со цел да се вклучат пратеници во истражување на недостатоците и можните решенија за родовата еднаквост.

* * * * *

Седмата зимска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ во целост ги исполни своите поставени цели: интеракција со владината димензија на ОБСЕ, следење на препораките што Парламентарното собрание ги донесе на Годишната сесија одржана во јули 2007 година во Киев и овозможување на дијалог и меѓусебно влијание за теми и прашања во врска со активностите на ОБСЕ, особено за Косово.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Парламентарното собрание
на НАТО***

***ИЗВЕШТАЈ***

***од Конференцијата на претседатели на Комисиите за одбрана и надворешни работи на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група и земјите од Партнерството за мир од регионот "НАТО-Букурешт и потоа"
Скопје, 18 февруари, 2008***

***Скопје, февруари 2008 година***

*Во периодот од 17- 19 февруари 2008 година, во Република Македонија се оддржа Конференцијата НАТО - Букурешт и потоа, на која учествуваа претседатели, заменици и преставници на Комисиите за одбрана и надворешни работи на земјите членки на НАТО, земјите од Јадранската група, земјите од Партнерството за мир од регионот, и највисоки државни и парламентарни претставници на Република Македонија, како и високи НАТО функционери, дипломатски претставници и експерти. Присуствуваа 118 учесници со свои преставници од следниве држави: Бугарија, Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Холандија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Турција, Албанија, Хрватска, како и преставници од сите амбасади во Македонија. Се зборуваше на неколку теми, и токму ова кратко резиме преставува своевидно јадро на дискусиите. Темите на кои се базираше Конференцијата "НАТО - Букурешт и потоа" беа: "НАТО во новиот глобален безбедносен амбиент (борбата против тероризмот)", "Улогата на НАТО во безбедноста во Југоисточна Европа и пошироко", "Научени лекции "На прагот на НАТО, успешни последни чекори", "Улогата на парламентарните комисии за надворешни работи и одбрана во имплементацијата на целите и политиката на НАТО".*

За прв пат во Република Македонија беше организирана Конференција со партнерство помеѓу цивилно општество од една страна и Собранието на Република Македонија од друга страна. Конференцијата претставува синергија меѓу цивилното општество, претставувано од Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД и Парламентот на Република Македонија, симбиоза на едно единство кое се покажа како успешна формула за прогресот на државата и Собранието на Република Македонија.

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи е основан во 2006 година, и претставува непрофитна, непартиска организација, независна од било какви религиски, бизнис или владини групи, при што се стреми кон одржување на добри односи со креаторите на политиките со различни идеолошки тенденции. Институтот ОХРИД е центар за студии, истражувања, формирање и пропагирање во јавноста прашања поврзани за Владата, политиката, економијата, општеството и културата, со една и единствена цел, подобра иднина на граѓаните на Република Македонија и стремеж кон ЕУ и НАТО интеграцијата.

Поаѓајќи дека главната карактеристика во развојот на мирот и безбедноста во светот е зацврстување на безбедноста заснована врз кооперативни односи, заемно координирани активности, превенција во решавање нови предизвици и кризи, чиј клучен столб и гарант на модерната евроатлантска безбедносна структура е НАТО, прагматичниот пристап и конструктивниот дијалог на парламентарната димензија ќе придонесе кон вкупните напори на државите за ефикасно справување со предизвиците на новото време, односно, обезбедување мир, безбедност и економски просперитетен простор за сите нас. Прашањата што ги адресираше оваа Конференција, се случуваа во круцијален временски момент - пред Самитот на НАТО во Букурешт. Период во кој ќе се донесат дефинитивните одлуки на земјите членки на НАТО за нивните позиции во однос на главните теми во Букурешт. И токму тука лесно се препознава значајноста и важноста на парламентарната димензија, која како и многупати досега беше и е главниот стожер во изградбата на визијата за Европа целосно слободна, безбедна и во мир. Конференцијата НАТО - Букурешт и потоа, придонесе Република Македонија да издејствува силно лобирање, остварување контакти и воопшто зголемување на капацитетот на администрацијата. Со остварувањето на различни контакти, размена на искуствотото во работата на различните земји, Македонија стана дел и ја почувствува еднаквоста со земјите членки на НАТО. На Конференцијата главно беше посочено на неопходната потреба од засилување на односите меѓу НАТО и Европската унија на највисоко политичко ниво и на институционален начин. Начин на кој треба да бидат надминати лимитите поврзани со дејствувањето не само на воен план, односно потребно засилување на цивилната компонента во мисиите на безбедност. Како пример за тоа беше посочена Босна, а во моментот тоа се случи на Косово со мисијата ЕУЛЕКС. Од голема вазност беше напомената и поддршката на Авганистан за станување на

стабилна држава. Учесниците на Конференцијата со еднаков став за ова прашање, потврдија и укажаа дека со заеднички пристап и целосна политичка посветеност можат успешно да ги реализираат мисиите во Авганистан, Косово, Дарфур како и други региони. Политиката на НАТО и НАТО воопшто како клучен играч на глобален план, каде се потврди во ресавањето на низа кризни состојби во светот, на отворени врати беше поздравувана во текот на целата дводневна расправа. Притоа се изразија оптимистички очекувања дека на НАТО самитот ке бидат донесени вистински одлуки базирани на прогресот на трите земји на Јадранската група.

Во повеќе дискусии и обраќања беше укажано на улогата на НАТО во креирањето на безбедноста и стабилноста на Косово. При тоа се нагласи дека е потребно во оваа исклучително сложена ситуација да се дејствува со ладна глава и со потребната сила за надминување на ситуацијата со цел да се избегне насилството или повторното враќање на регионот во меѓуетнички судири.

Презентирано беше искуството од научените лекции, остварена беше и мошне корисна размена на мислења со членови на парламентите кои неодамна го минаа патот на зачленување во НАТО. Беше потенцирано дека членството во НАТО треба да биде врз основа на индивидуалните постигнувања на земјите. Тоа не се однесува само на реформите на одбраната и придонесот на воен план, туку се однесува на суштината на промените во општеството и интегрирањето на демократските вредности и стандарди на Евроатлантската заедница.

Преку оваа Конференција може да се заклучи дека парламентарците во земјите од регионот значајно придонесуваат во обезбедување на прогресот поврзан со правниот систем, реформирањето на стопанството, во борбата против криминалот и корупцијата, децентрализацијата на власта, одбранбените реформи на регионалната безбедносна соработка. Дијалогот и соработката меѓу парламентарците во регионот е незаменлив елемент за јакнење на свеста и разбирањето на заклучните безбедносни прашања и политики на НАТО.

Како интегрален дел од Конференцијата во продолжение се наоѓаат извадоци од говорите и дискусиите на модераторите, говорниците и дел од учесниците.

***Г-дин Владимир Ѓорцев,***
***Претседател на Комисијата за одбрана и безбедност***

Со Конференцијата ке се интензивира вклучувањето на парламентите на политиката на отворени врати на Алијансата и во промовирањето на интересите на Македонија, Албанија и Хрватска за добивање на покана за членство во НАТО на следниот самит за проширување на Алијансата во Букурешт оваа година.

Потребата за алијанса каква што е НАТО, е очигледна. Таа разви важна култура на мултилатерална консултација и соработка, исклучителна институција која ги поврзува САД и Западна Европа во безбедносна заедница.

Но НАТО ќе остане единствена трансатлантска безбедносна структура адаптирана на геополитичките услови, во иднина и клучен инструмент на трансконтиненталната безбедносна структура, фактор на европската интеграција и еден од главните играчи на светската безбедност.

***Г-ѓа Флора Кадриу,***
***Претседател на Комисијата за надворесна политика***

Политичките водства на 26 земји членки ги очекуваат важни одлуки. Една од нив, секако е поврзана за идното проширување на НАТО.

Македонија, Албанија и Хрватска, последните осум години сериозно се подготвуваат за членство во НАТО, а искуството покажува дека Алијансата никогаш немала причина да зажали за своите одлуки за проширување.

Проширувањето на Алијансата значително ќе придонесе за поголема стабилност и безбедност на сите земји во евроатлантската област. Тоа ќе ги охрабри и ќе ги

поддржи демократските реформи, ќе ги унапреди моделите и навиките на соработка, консултациите и изградбата на консензус, што ги карактеризираат добрососедските односи во целата евроатлантска област, ќе ја зголеми довербата меѓу државите и ќе ја зајакне тенденцијата кон интеграција и соработка во Европа.

Експертските оцени велат дека "Третиот светски мир ни е на дофат на раката, а одлуката за четвртиот може да биде донесена со навремена акција на Самитот во Букурешт. Меѓутоа, ако го одлагаме донесувањето на суштинските одлуки и се занимаваме со споредни работи, ќе предизвикаме сомнеж во она за што се залагаат САД и во силата и единството на Европа кои се градат пред наши очи.

***Н.Е. Г-дин Љубиша Георгиевски,***
***Претседател на Собранието на Република Македонија***

Нашиот регион, Балканот, е обележан како буре барут. А ние во Македонија можеби први меѓу другите започнавме да учиме од историјата, наместо неа да ја сместуваме насила во своите митови. Така, овој Парламент едногласно донесе Декларација за пристап во НАТО уште во 1993 година, за денес сите ние во регионот докрај да ги усвоиме сите морални, историски, политички и културни вредности на Европа, која и самата потекнува од овде, како Европа прима и која самата беше жртва на митови донеодамна.

Впрочем, Република Македонија одговарајќи европски на сите предизвици од мирното отцепување од Југославија до денес, одговараше и на позивот на нејзината егзистенцијална суштина како држава да биде залог на мирот на овој не секогаш мирен регион.

Во исто време НАТО алијансата и Европската унија, многу транспарентно ја водат политиката на отворени врати. Како што е познато, на Самитот на НАТО во Букурешт во април, се очекува Македонија, Хрватска и Албанија, да добијат покана за членство во НАТО.

Дозволете, овде да потсетам на далечната 1949 година кога е формиран НАТО - пактот, на самиот почеток на Студената војна, НАТО одигра историска улога, спасувајќи ја западната цивилизација на Шекспир, на Декарт, на Гете од варварските наезди на комунизмот!

Длабоко верувам дека со поканата за членство на Македонија, Хрватска и Албанија, НАТО алијансата уште еднаш ќе ја потврди својата историска улога и ќе обезбеди траен мир во регионот. Ова е дотолку поважно доколку е вазна ситуацијата на Косово кое се уште не се граничи со ниту една членка на НАТО.

НАТО алијансата не е само воено-одбранбен сојуз, туку има исто толку важна цивилна димензија сфатена во најширока смисла на зборот.

Од неодамна, на посреден начин, НАТО е поставен пред една дилема како резултат на билатералниот проблем што го има само една единствена негова членка. Убеден сум дека ке се реши според најважните вредности на нашата цивилизација: правдата, вистината и солидарноста. За да се постигне тоа потребен е само еден услов ако едната страна во спорот е ирационална, другата треба да биде рационална.

***Н.Е. Г-дин Никола Груевски,***
***Претседател на Владата на Република Македонија***

Процесот на проширување на Алијансата мора да продолжи со упатување покани во Букурешт до трите земји Македонија, Албанија и Хрватска. Со тоа, а во пресрет на 60-годишнината на Алијансата во 2009 година, ќе се круниса принципот на Алијансата за прием на земјите кои го сакаат членството во НАТО и кои ги исполнуваат Евро-Атлантските критериуми и стандарди.

Обидите за вметнување нови и досега неприменети критериуми како услови за членство, не смеат да бидат применети во однос на било која земја. За жал, Македонија во овој историски момент за регионот, и покрај позитивните оценки на Алијансата за постигнатиот прогрес, се соочува со обид на една земја членка на НАТО, да биде

спречена во остварување на своето членство во алијансата, истовремено спречувајќи ја на тој начин и алијансата да ги оствари своите приоритети во регионот, се наметнува услов кој во својата суштина третира прашање што е надвор од надлежноста на алијансата, и кое не кореспондира со напорите на Алијансата за што поскоро постигнување на целосна безбедност во регионот. Искрено се надеваме дека Алијансата ќе опстои на своите принципи и ќе го спроведе она што е нејзина главна цел и долгогодишна инвестиција, односно проширување на зоната на безбедноста во Регионот.

Современите закани го поставуваат како приоритет натамошниот развој на индивидуалните и заедничките капацитети во борбата против тероризмот, пролиферацијата на оружјата за масовно уништување, компјутерскиот криминал и загрозување на информатичките системи и технологии. Затоа и развојот во рамките на разновидните партнерства е аспектот кој е поврзан со сите споменати прашања кои не чекаат во Букурешт, но и потоа.

Република Македонија во континуитет значајно придонесува за развој и унапредување на сите овие прашања од агендата на Алијансата и работејќи на остварувањето на својата главна стратешка цел, на Самитот во Букурешт во април 2008 година да добиеме покана за членство во алијансата, интензивно ги спроведуваме севкупните национални реформи и најголемиот дел од препораките за членство во НАТО веќе ги исполнивме.

На политички план, покажавме дека знаеме да работиме заеднички, градејќи консензус за важните прашања. Овој процес не е едноставен, но е секако неопходен. Сето тоа во секојдневниот живот резултира во постојано унапредување на меѓуетничкиот соживот, што позитивно е рефлектирано и потврдено и во анкетите на релевантни меѓународни организации.

Република Македонија, како лојален и кредибилен партнер на алијансата, веќе 17 години работи на остварување на својата цврста определба да стане членка на алијансата. Денеска таквата можност како реалност временски е оддалечена само неколку недели. Вниманието на целокупната јавност во Република Македонија, која во повеке од 90% го поддржува членството на својата земја во НАТО, е насочено токму кон очекувањата од Самитот на Алијансата во Букурешт.

Искрено верувам и очекувам дека на претстојниот Самит на НАТО во Букурешт, сите ние ќе имаме заедничка причина за прослава, прослава по повод добивањето на поканите за Македонија, Албанија и Хрватска за членство во алијансата. Тоа ке биде успех на нашите држави, успех за регионот и успех за алијансата.

***Н.Е. Г-дин Алан Брајан Бергранд,***
***Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија - Контакт амбасада на НАТО***

Убеден сум дека Конференцијата ке биде одличен придонес кон вашите подготовки пред претстојниот самит на НАТО во Букурешт.

Словенија смета дека овој Самит ќе покаже дека алијансата има волја и е способна да донесе консензус меѓу своите земји членки за прием на нови членови. Словенија смета и очекува од Самитот во Букурешт дека ке се случи проширувањето што ке биде историски чин за целата група Албанија, Хрватска и Македонија. Веруваме дека овој чин ќе има позитивно влијание врз регионот, бидејќи ќе донесе стабилност, безбедност за соседните држави и ќе биде мотивација за другите сегменти на општеството, што мора да ги имплементираат евроатлантските стандарди.

Словенија целосно ја поддржува соработката на Босна и Херцеговина и Црна Гора во рамките на партнерството за мир и во исто време ја изразуваме својата подготвеност да им помогнеме на патот кон членството во НАТО. Истовремено подготвени сме да ја прифатиме и Србија како партнер и да и помогнеме на патот кон членството во НАТО.

Дозволете ми, да ја изразам и својата благодарност кон Македонија за нејзината улога во стабилизирањето на регионот. Македонија покажа дека таа е сигурен партнер на Алијансата и дека активно учествува во сите нејзини регионални иницијативи.

***Н.Е. Г-дин Зоран Јолевски,***
***Амбасадор на Република Македонија во САД и Почесен претседател на Институтот за економски стратегии и меѓнародни односи ОХРИД***

Како и во сите демократски општества, политичките партии во Македонија ја следат волјата на граѓаните кои континуирано ја поддржуваат интеграцијата на Македонија во евроатлантските структури. Невладиниот сектор каде што припаѓа Институтот ОХРИД е убеден во важноста на пристапувањето на Македонија, Албанија и Хрватска. Во рамките на НАТО тие можат да одиграат суштинска улога и можат да имаат витална улога во обезбедувањето на мирот и стабилноста во нашиот регион.

Поканата во Букурешт држејки ги вратите отворени за евроталанска интеграција и за останатите земји од Југоисточна Европа ќе отвори ново поглавје во историјата на регионот, поглавје на мир, стабилност, демократија, просперитет, пазарна економија и владеење на правото. Причината за ова е едноставна демократиите бараат мир, неконфронтација во разрешувањето на домашните и регионалните проблеми. Затоа грагјаните од регионот обезбедуваат целосна поддрска на парламентарците и владите во реформските напори на патот кон приклучување во НАТО. Сведоштвото за колективните успеси на Македонија, Албанија и Хрватска се покажа и мината година на Октомврискиот состанок во Рекјавик, Исланд, каде преставниците на меѓународните Парламенти од 26 НАТО земји членки ја поддржаа резолуцијата за влез на А-3 земјите.

Дозволете ми да му оддадам почит на починатиот Претседател Борис Трајковски, како Генерален секретар на неговиот кабинет имав можност да сведочам за неговиот ентузијазам да ја внесе Република Македонија во НАТО фамилијата.

И за крај, ние сме подготвени и можеме да ги превземеме одговорностите кои ги наметнува НАТО членството. Не постои ниту едно прашање кое може да не спречи. Македонија, Хрватска и Албанија се одлучни и истрајни во однос на гаранцијата и заштитата на основните НАТО принципи.

***Г-дин Антонио Милошоски,***
***Министер за надворешни работи на Република Македонија***

Сметам и уверен сум дека членство на Хрватска, Албанија и Македонија во НАТО алијансата ке биде додадена вредност на безбедносната архитектура на НАТО во Југоисточна Европа и ќе значи зголемен капацитет на сите овие земји како демократи, како пазарни економии и како проширена зона на мир и безбедност.

Проширувањето на НАТО со овие три земји кандидати за прв пат во историјата на НАТО ќе ја одбележи културната разноликост на Балканот, а во исто време ќе ја одбележи и неговата обединетост кон заедничката цел.

Во исто време дозволете ми да подвлечам дека е многу полесно за една Влада да работи на реформите кои се неопходни за членство во НАТО и на нивно исполнување кога зад себе ја има волјата на граѓаните.

Во Република Македонија постојано во еден подолг временски период аспирациите за членство во НАТО не се само политички консензус, туку се национален и социјален консензус кој ги преминува границите на етничка, политичка и религиозна припадност.

Проширувањето на НАТО во Букурешт со трите земји кандидати ќе значи зголемување на капацитетот за подобро менаџирање на имплементацијата на планот за стабилно Косово и за просперитет на Србија како дел од евроатланските процеси во регионот. Тоа ке значи дополнителен мотив и охрабрување за земјите членки од Партнерството за мир, Црна Гора, Босна и Херцеговина, но во секој случај очекуваме тоа да значи дополнително охрабрување и за Белград, да вложуваат двојни напори во нивните реформи со цел да го постигнат успехот кон кој ние веке наближуваме.

Тоа ке значи дека целиот регион на Југоисточна Европа ќе го затвори поглавјето на демократска транзиција и ќе влезе во едно ново поглавје кое ќе значи демократска интеграција во евроатлантските структури.

Она што во Македонија се цени како нешто кое не е дел од НАТО критериумите и кое може во заложниство да ги стави нашите заеднички регионални интереси и интересите на НАТО во регионот е нашиот однос меѓу Грција и Македонија и отвореното прашање кое има билатерална рамка и кое за жал ја става Атина во дилема дали да одбере меѓу интересите на НАТО во регионот, или своите внатрешно политички случувања или прашања.

Позицијата на Република Македонија е дека имаме намера и сме подготвени да продолжи нашето пријателство со Грција, да се создаде нашиот сојуз со НАТО, а притоа да се заштитат македонските национални интереси и достоинство.

**I тема на дискусија**

"НАТО - Букурешт и потоа": НАТО во новиот глобален безбедносен амбиент (борбата против тероризмот); трансформацијата и предизвиците за НАТО; мисиите предводени од НАТО; меѓународната солидарност и партнерство; улогата на НАТО во зајакнувањето на трансатлантската врска и како промотор на стабилноста во евроатлантската зона

***Г-дин Боб Симонс,***
***Заменик на помошникот на генералниот секретар на НАТО за безбедносна соработка и партнерство***

За алијансата во целина најглавна работа се операциите и ќе зборувам за двете главни мировни операции, тоа се Авганистан и Косово.

Ефектите на оваа мировна операција се дека Талибанците и Ал Каеда не се толку активни како што беа во минатото. Тоа е улогата на НАТО. Ние во овој момент се соочуваме со предизвикот да и помогнеме на државата да се развие, односно да ги исполнува потребите на државата, да ги зајакне своите граници и да го спречи извозот на тероризмот.

Нашата операција во Косово ке биде во рамките на нашите реални вредности. Мислиме дека ќе направиме подобра работа доколку ја обезбедиме безбедноста на Косово, некои од државите и покрај тоа што не се членки на НАТО, како Македонија, навистина даваат извонреден придонес на сите операции на НАТО.

Како клучен аспект тоа е една способност да се помогне, на пример на Армијата на Авганистан да може понатаму сите свои обврски да ги изведува независно, а една од оние армии што и помага е Армијата на Македонија.

Втората главна тема ќе биде проширувањето. Важно е НАТО да ги отвори вратите за сите држави коишто сакаат да се приклучат на оваа алијанса, а мислам дека тоа ке биде покажано и за Македонија, Хрватска и Албанија и ако работите на исполнување на условите и тоа ке биде можно.

Мислам дека е многу важно да се каже дека процесот ќе продолжи. Ова е политичка дискусија и она што е важно е дека мора да се истера процесот до крај, вратите треба да бидат отворени за сите држави. За ниедна држава не смее да има вето и да се спречи во приклучување на НАТО Алијансата.

Една од главните работи е трансформацијата. Второ, безбедност, енергетската безбедност, односно за заштита на енергетските ресурси, спречување на производството на оружје, градењето на одбраната, компјутерскиот тероризам.

За прв пат на еден НАТО самит претседателот Путин ќе присуствува на Самитот на НАТО во Букурешт, бидејки не е тајна дека имаме висок степен на несогласување околу некои прашања особено од одбранбена природа за она што зборував претходно по прашањето на Косово и сите овие предизвици се прашања околу кои мора да ја продолжиме нашата политичка дебата за да видиме на кој начин можеме да најдеме меѓусебно разбирање.

Има две партнерства кои се суштински за алијансата, тоа е продолзување на мировните мисии и заедно работиме со Обединетите нации и да се признае партнерството со Обединетите нации. Значајно е нашето партнерство во однос на Косово. Има проблеми од политичка природа во оваа соработка, меѓутоа се повеќе се развива дијалогот и со Советот и со Комисијата за да спроведеме проекти од заеднички интерес, а со нашите партнери да ги споделиме успесите во ширењето на безбедноста и сигурноста и во Европа и надвор од Европа и во 21век.

***Г-дин Јан Бжежински,***
***Поранешен Заменик помошник секретар за одбрана на САД за НАТО и Европска политика***

Суштинското прашање за НАТО по Букурешт е предизвикот НАТО да ја дефинира својата улога во еден глобален ред кој се повеќе се менува и да се обезбеди консензусот, фокусот и способностите неопходни за да се спроведе таквата улога и невиден проток на информации кои ги шират границите на демократијата. Глобализацијата, исто така, резултираше и со некои неповолни ефекти како што се климатските промени, огромниот раст на населението и пролиферацијата на разни технологии за вооружување на асиметрични закани.

Едно од тие прашања е односот меѓу глобализацијата и регионалните состојби. Ова е свет во којшто глобализацијата е реалност и таа ви е врз агендите на сите инволвирани страни. Државите имаат национални интереси коишто всушност се дефинираат под влијание на регионалните контексти. Значи проширувањето и развојот на капацитетите а за да бидат максимално делотворни, атлантската заедница треба да се насочи кон Европа целосна и безбедна. Европа која е поделена е хендикепирана да влијае врз светските настани и да одговори на предизвиците надвор од северноатлантската област. Според мене Албанија, Хрватска и Македонија ги исполнуваат критериумите и треба да добијат покана за членство во НАТО. Тие се однесуваат како дефакто сојузници и дејствуваат во име на интересите на НАТО алијансата. Заедно со европските сили се борат во Авганистан, Босна и на други места.

Самиот факт што сме тука во Македонија е знак за македонската подготвеност. НАТО има целосна доверба во војниците од македонската армија, тоа кажува многу за подготвеноста за членство во НАТО. Проширувањето со овие три земји ќе значи забрзување на реформите и проширување на мирот и безбедноста на Балканот и ќе донесе големи ефекти за Европа вкупно.

Бидејки НАТО се повеќе дејствува глобално, глобални партнери надвор од евроатлантската област е од суштинска важност. Затоа се потребни ресурси и разбирање на географските, историските разлики за да се изведат безбедно сите тие операции.

Но за воените операции не е потребна само воена поддршка, туку потребна е обука во областа на полицијата, судството итн. кое мора да биде дел од препознатливиот знак на НАТО. Демократиите од Северна Америка и Европа си се потребни едни на други повеќе од кога и да е и ако се поремети тој баланс ке има негативни последици.

***Г-дин Мурат Мерџан,***
***Претседател на Комисијата за надворешни работи на Парламентот на Турција***

Според некои критики ситуацијата во Авганистан е стабилна, но се влошува. Локалните власти ослабуваат, ја губат контролата особено на поголемиот дел од територијата на Авганистан. Би сакал да ми кажете како ја гледате иднината на НАТО ако НАТО операциите не успеат во Авганистан и што треба НАТО да направи за да го спречи можниот неуспех.

Што се однесува на придонесот на Русија јас некако не се согласувам со вас поради историските врски меѓу рускиот и авганистанскиот народ. Мислам дека

ангажирањето на било каков вид на трупи ќе се гледа позитивно од страна на Авганистанците. Имате поддршка за процесот на проширување, особено Македонија.

***Г-дин Боб Симонс,***
***Заменик на помошникот на генералниот секретар на НАТО за безбедносна соработка и партнерство***

Во Авганистан повеќе станува збор за тероризам отколку за фронтални напади, НАТО победува над Талибанците, кои веќе ја губат можноста за поголеми ангажмани. Меѓутоа сега тие се свртија кон терористички акции што е проблем не само на НАТО, туку и проблем на секоја држава што учествува таму. Друга работа е стабилноста на властите. Мислам дека создадовме демократија којашто веке функционира. Што се однесува на Русија јас не сугерирам дека Русија треба да испрати трупи на теренот, меѓутоа во нашата програма за Авганистан и за централно азиските држави мислам дека тие ќе помогнат во проблемот со трговијата на наркотици. Мислам дека Авганистан многу поефикасно ќе прифати доколку се овозможи транспорт преку територијата на Русија и доколку Русија може да ги ангажира своите трупи директно на теренот и мислам дека тоа се областите каде што треба да гледаме на соработка меѓу Русија и Авганистан. Не само Русија да испрати трупи во Авганистан, туку да обезбеди премин за сите други сили да дојдат до Авганистан, особено за да се спречи трговијата со наркотици како што веќе кажав.

***Г-гја Лилјана Поповска,***
***Член на Комисијата за надворешни работи на Македонија***

Македонија не е голема земја, но е голем сојузник и партнер на кој може да се смета, 4% од нашите воени сили учествуваат во мисии, имаме огромен консензус како ретко во која земја дека Македонија чувствува одговорност и посветеност на нашите мировници во мисиите на НАТО. Токму затоа покажаа голема храброст и се високо одликувани. Ние сме многу горди на тоа. Освен тоа Македонија покажува доследност во нашата определба. Треба да знаеме дека дури и по трагедијата со хелихоптерот кој се враќаше од мисијата во Босна кога загинаа 11 наши мировници ние опстоивме и понатаму со испракање нови трупи во таа мисија. Значи ние не сме тука за еднаш, ние сме тука за да останеме и да продолжиме заедно со вас да се бориме за светската демократија, мир и поредок. Трагедијата болеше, но обврската не водеше напред.

Македонија и сега е дел од НАТО, таа е дел од трупите и ги положи сите испити, токму затоа Македонија заслужува да биде и официјален дел од НАТО и очекуваме ваша поддршка на самитот во Букурест. Тоа впрочем го заслужувавме според наше мислење уште во 2006 година, но некако бевме прескокнати можеби поради регионални политички причини. Значи ако судиме според правдата, според заслугите и според потребите на регионот за мир и стабилност, Македонија треба да добие поката за НАТО и да не се дозволи да биде колатерална штета на регионот. И ако ми дозволите, повторно поврзано со меѓународната солидарност и партнерство, би сакала да го споделам со вас мојот став и ставот на голем дел од насите граѓани. Очекуваме дека меѓународната заедница ќе држи до своите принципи и ставови и нема да прифати уцени со критериуми за НАТО коишто се надвор од тој поредок. Дозволете ми да кажам дека ирационалното барање во врска со името многу не боли и многу не повредува. Македонија нема друг идентитет освен македонскиот. Доколку нашите соседи Грци ги болело толку многу за името, зошто не се нарекле Македонија, туку се нарекле Грција.

Освен тоа, дури во 1988 година Северна Грција беше преименувана во регион Македонија. Тоа е нешто што можеби многумина не го знаат, но тоа е дел од добрата тактика на нашите јужни соседи. Ние друг идентитет немаме и сакаме во НАТО да влеземе како држава, а тоа не подразбира само територија туку подразбира и идентитет и име.

***Г-дин Павле Трајанов,***
***Член на Комисијата за одбрана и безбедност***

Добро е воведните излагачи да дадат кратка оценка за состојбите на Балканот и како тие ке се развиваат, бидејЌи до неодамна се зборуваше дека Балканот е веќе стабилен, мирен, но, последните неколку дена веќе се зборува дека е можно на Балканот повторно да ескалираат состојбите.

Моето прашање е дали е подготвен НАТО да партиципира и евентуалните кризни жаришта или екстремни случувања на време да ги превенира, особено што веќе има најави, пред се, од страна на Србија за политички мерки, најави за економски ембарга, но исто така, никој не е сигурен дека може до крај екстремните структури да се контролираат на Балканот за да не започне циклус на дестабилизација на Балканот.

***Г-дин Јан Бжежински,***
***Поранешен Заменик помошник секретар за одбрана на САД за НАТО и Европска политика***

Визијата за Балканот. Според мене Балканот е сосема интегриран во Европа и не гледам дека е различен од другиот дел на Европа. Мислам дека трансатлантската алијанса придонесува многу овој дел од Европа да биде вклучен и во трансатланските структури. НАТО веќе два пати бил во овој регион со цел да донесе мир и демократија и стабилност во овој дел од светот и навистина е важен партнер за балканскиот регион. Дури Европската унија и НАТО за прв пат соработуваа овде на овој регион и тоа мислам дека беше многу добар знак. Партнерството за мир во којшто учествуваат Босна и Херцеговина и Црна Гора и Србија се знак дека сите се заинтересирани за стабилност во регионот.

***Г-дин Антонио Милошоски,***
***Министер за надворешни работи на Република Македонија***

Стабилен процес на менаџирање на состојбата во Косово поврзана со конечниот статус, чекор напред за Република Србија во нејзините демократски процеси и приближување кон Европската унија, приближување на земјите од Партнерството за мир како Босна и Црна Гора кон земјите кандидати за членство во НАТО и утрешни членки на НАТО, започнување на преговори за членство на Македонија со Европската унија, неколку чекори напред и нови поглавја за Република Хрватска во нивниот процес на преговарање со Европската унија, членство на Албанија во НАТО и напредок во процесот за евроинтеграција и тоа ќе биде една успешна година. Треба да го вклучиме и проектот за визна либерализација за Македонија и за целиот регион. Тоа е најдоброто можно сценарио кое може да му се случи на овој регион и да го доведе во една позиција своето време, енергија, капацитети, политика и поддршка од граѓаните. Не смееме да потцениме дека во регионов се уште има екстремисти. Најлошата порака која тие можат да ја добијат е покана за три земји кандидати за членство на Самитот на НАТО во Букурешт, а најдобрата порака која сите демократи во регионот со задоволство ќе ја прифатат и ќе бидат мотивирани да работат уште посилно.

**II Тема на дискусија**

“Улогата на НАТО во безбедноста на Југоисточна Европа и пошироко" - Поглед на безбедносните димензии кои секоја од земјите аспиранти може да ги преземе за да придонесе за стабилноста во регионот, истовремено проширувајќи го и поддржувајки ги демократските процеси во регионот; ПрошируваЊе на Јадранската група и менторство за други земји од регионот на нивниот пат кон Партнерството за мир и евентуално членство во НАТО

***Г-дин Илијаз Халими,***
***Заменик на министерот за одбрана на Република Македонија***

Република Македонија изминатата година постигна значаен напредок и заврши многу знажајно поглавје од одбранбените реформи и денес се наоѓаме пред самитот на НАТО каде очекуваме да добиеме покана за членство.

На крајот од 2007 година успешно заврши циклусот на трансформацијата на Армијата на Република Македонија, според заклучоците од стратегискиот одбранбен преглед 2004.

Армијата на Република Македонија е професионална војска со значајно поголеми способности, распоредливи капацитети за придонес во меѓународни операции, мобилност и ефикасност.

Придонесот со трупи во меѓународните операции претставува највидлив резултат од одбранбените реформи. Во моментов Македонија придонесува со околу 250 лица воен персонал во четири меѓународни операции во странство и поддршка на КФОР од дома. Со ова Македонија го исполни планираниот придонес од околу 250 лица кои планираме да го одржиме и во текот на 2008 година со намера за постепено зголемување паралелно со зголемувањето на способностите.

Иднината на целиот регион е во неговата интеграција во НАТО и Европската унија. Нема алтернатива на политиката на добрососедството. Билатерална и мултилатерална соработка, разбирање, доверба и придонес кон евроатлантската безбедност и стабилност. Безбедноста и просперитетот на една земја зависи од безбедноста и просперитетот на соседите, Европа и меѓународната стабилност.

И покрај подобрувањето на безбедноста, демократскиот и економскиот развој, балканските земји вклучително и Македонија се соочуваат со слични безбедносни закани како и Европа во целина. Најсилни закани по националната безбедност се меѓународниот тероризам, користењето на територијата на Македонија за пролиферација на оружје за масовно уништување, трговија со луѓе, организираниот и компјутерскиот криминал и корупцијата. Шверцот со дрога, трговијата со луѓе и присуството на големи количини на нелегално мало и лесно оружје на Балканот претставуваат сериозни закани за регионалната стабилност и безбедност. Нашиот интерес е стабилност и безбедност внатре во земјата, но и стабилно опкружување, односно демократски развој на соседните земји и земјите во регионот.

НАТО сега ја има можноста да го внесе регионот во 21 век. Пред 11 години регионот беше жариште на насилство а НАТО помогна да се донесе мирот и стабилноста на регионот. Денес НАТО ја има можноста да ја игра улогата на затворање на вратата на насилството на Балканот. Најдобар показател на успешната регионалната соработка е Јадранската повелба или А-3. Зад нас остана една многу значајна година. Но искрено се надеваме дека влеговме во историска година за Македонија, година која ке биде одбележана со покана за членство на Самитот во Букурешт.

***Г-дин Станислав Видовиќ,***
***Раководител на Сектор за безбедностна политика, Министерство за надворешни работи на Република Словенија***

Очекувањата на Македонија и другите две земји кандидати се големи затоа што многу е направено и многу енергија е инвестирана во овој процес на подготовки. Кога НАТО за прв пат се инволвира во безбедноста на Балканот, стана јасно дека кредибилитетот на НАТО е во прашање. Еден од главните генератори на овој успех е регионалната соработка, и е важна димензија на позитивен придонес кон евроатлантската безбедност.

Исто така, важен елемент е духот на солидарноста кој што е во темелите на Алијансата а ги споделуваат своите искуства со земјите од Партнерството за мир Босна и Херцеговина

Не е возможно да се формулираат критериуми коишто се толку прецизни што ќе можат да ги земат предвид сите специфични карактеристики во смисла на историски развој, културни разлики итн. на секоја од индивидуални земји кандидати. Затоа критериумите мораат да се мерат во оваа воопстена смисла.

Проширувањето е важен дел за решавањето на регионалната безбедносна клима и земајќи ги предвид влијанијата на регионалните настани тие ќе бидат надминати меѓу другото и со упатување на покана за членство на овие три земји кандидати. Очекуваме јасна порака од Самитот во Букурешт дека проширувањето не е легенда туку е сторија која никогаш не завршува.

***Г-дин Крешимир Ќосиќ,***
***Член на Комисијата за надворешни работи на Хрватска***

Способности за трансформација на овие земји да произведат поголема безбедност и стабилност во регионот се од огромно значење. Тоа е потенцијалот на овие три земји од Јадранската повелба и да учествуваат во мисии како што е ИСАФ.

Ние сме дел од Југоисточна Европа која што е оптоварена со нелегална трговија на дроги, оружје, мало, лесно вооружување итн. Значи, дефинирањето на вистинската мисија или задача како давање дополнителна вредност од страна на Јадранската повелба кон НАТО е многу битно.

***Г-ѓа Илинка Митрева,***
***Член на Комисијата за надворешни работи на Македонија***

Министерот за надворешни работи на Словенија, господинот Рупел, којшто исто така, претседава со Европската унија неодамна во Скопје ни упати повеке значајни пораки. Една од тие пораки беше врзана со крупен проблем што една наша соседна земја го има со уставното име Република Македонија. Упатувајќи ја пораката дека Македонија и Грција овој проблем треба да го решат до Самитот на НАТО.

Јас би сакала учесниците на оваа Конференција да ги потсетам на еден легален акт, Времена спогодба, кој што упатува на тоа дека двете земји треба да разговараат додека не се најде соодветно ресение.

Еден член од оваа Спогодба вели дека Грција не смее да го попречува, не смее да прави пречки за меѓународното интегрирање на Република Македонија се додека овој проблем не биде решен, меѓутоа пораките што доаѓаат од земји членки на НАТО, од земји членки на Европската унија, вклучувајки го и претседавачот на Европската унија укажуваат на фактот дека за Македонија оддеднаш се создава еден нов политички критериум којшто е невиден во досегашната историја на НАТО, прасањето со името кое за нас е прашање од фундаментално значење, бидејќи е врзано за идентитетот на земјата. Значи, доколку една земја членка на НАТО постави вето за приемот на Република Македонија во Алијансата три прашања се отвораат.

Прво, не ли е тоа надворешна политика заснована врз негативитет на една земја членка на НАТО.

Второ, не ли се доведува во прашање еден договор кој што е склучен под закрила на Обединетите нации, времената спогодба и

Трето не ли се доведуваат во прашање фундаменталните вредности и принципи врз кои што е заснована Алијансата, прашањето на слобода демократија и солидарност.

Македонија, беше речено во повеќе наврати дефакто дејствува како земја на Алијансата не само заради одличната соработка со повеќе последователни мисии на НАТО во Македонија, не само како земја којашто одлично соработува со КФОР, не само како земја која што има свои мисии во ризични подрачја каде што темелно и заеднички со земјите членки на НАТО го браниме светскиот мир, туку затоа што Македонија својот консензус за членство во НАТО го базира врз политичка, етничка и социјална

согласност. Јас не верувам дека во било која од земјите аспиранти досега или во иднина за членство во НАТО ќе се оствари таков висок процент на поддршка за членство во една политичко воена организација.

И бидејќи НАТО е политичко воена организација јас тука поставувам политичко прашање до нашиот ценет гостин од Словенија.

Дали Алијансата ќе воведе нови политички критериуми за прием на една земја во членство во оваа исклучително значајна стратешка организација.

***Г-дин Станислав Видовиќ,***
***Раководител на Сектор за безбедностна политика, Министерство за надворешни работи на Република Словенија***

Речиси е невозможно да се постави ваков комплет на критериуми и реков дека валидноста на критериумите може да се вреднуваат само според нивната општост. Но, знаете Алијансата се гради на консензус и ако не можеме да постигнеме консензус околу одредена одлука или одредена ситуација, тогаш одлуките не се донесуваат.

Јас реков дека Словенија верува дека сите три држави треба да бидат поканети на самитот во Букурешт. И верувајте дека Словенија се води исто така од билатералните комуникации, но исто така и НАТО. Со ова јас всушност ви одговарам околу тоа која е нашата позиција.

***Г-дин Азис Положани,***
***Член на Комисијата за надворешни работи на Македонија***

Република Македонија е земја која што е компонирана од повеќе етникуми, од мнозинството кое што е македонски етникум и од другите немнозински заедници, каде што поголемиот дел го сочинуваат Албанците.

Како мултикултурна заедница којашто не само поради религиските припадности и различните религии, туку и поради другите карактеристики кои што спаѓаат во таа културна димензија на посебностите Македонија и досега направи битни чекори во правец на зајакнување на своите политички капацитети за менаџирање на овие разлики, коишто како основа се поставија во Охридскиот рамковен договор, но коишто и како политика мора да продолжат и да се докажуваат постојано и континиурано.

Од таа гледна точка би ја изнел потребата за понатамошно зајакнување на овие капацитети и преку конкретни мерки за некои аспекти кои што од страна на Охридскиот рамковен договор, останаа недовршени, како што е проблемот на Законот за јазиците. Мислам дека позитивната енергија во овој правец и решавањето на заостанатите проблеми ќе придонесе кон зајакнување на социјалната и политичка кохезија во Република Македонија, а кога ќе станеме членка ќе бидеме поврзани и со исполнување на техничките стандарди кои што ќе останат и како членка на НАТО.

***Г-дин Фред Де Граф,***
***Претседател на Комисијата за надворешни работи на Холандија***

Господине претседавач кога ќе се суди за надворешната политика на нашите сопствени влади особено што се однесува до меѓународните преговори за нас парламентарците правилото на фер плеј е многу важно. Тоа значи дека не можете да ги менувате правилата во текот на играта. Според наше мислење 26-те земји членки на Алијансата треба врз основа на претходно договорените критериуми Македонија, Хрватска и Албанија да им понудат покана за членство во Алијансата.

***Г-дин Мурат Меџан,***
***Претседател на Комисијата за надворешни работи на Парламентот на Турција***

Прво, јас сосема ве разбирам од гледна точка на Турција, за која, исто така, Европската унија применува двојни стандарди во изминатите години кога почнавме со

преговорите со Европската унија одредени земји членки сакаа да ги изменат правилата на играта во текот на играта откога почна играта. Па, јас сосема ве разбирам колку е тешко за Македонците, исто така, да ги сватат овие двојни стандарди, нефер третман од страна на земјите членки на НАТО, но ова не може да ни послужи како оправдување. Ние треба да ја поддржиме не само Македонија, туку и да извршиме притисок врз земјите кои што го попречуваат членството на Македонија. Тоа е излезот. Ако само се жалиме за двојните стандарди треба нешто и да направиме за тоа, не двојни стандарди само во однос на Македонија, туку и во однос на мојата земја.

Според мене еден од несигурните региони во светот е Југоисточна Европа, Балканот. Средството во НАТО е големо средство, голем капитал при решавањето на проблемите и при обезбедувањето на безбедност во регионот, но не сметам дека тоа е доволно. Има многу етнички, верски, јазични поделби во регион и претставува потенцијална кризна област. Токму затоа го поттикнувам раководството на НАТО, генералниот секретар на НАТО да се справат со овие прашања во рамките на понудената безбедност. Ова ме потсетува дека сите земји во регионот мора да се посветат на визијата за Европската унија. Ќе им помогне побрзо да се трансформираат во смисла на нивната социјална кохезија, на индивидуално, национално ниво и во рамките на Европската унија. Ако сакаме навистина Македонија да стане земја членка на НАТО тогаш треба да извршиме силен притисок врз земјите кои го попречуваат тоа.

***Г-дин Владимир Ѓорчев,***
***Претседател на Комисијата за одбрана и безбедност***

Живееме во свет кој се соочува со нови предизвици, но кој нуди и нови можности. Колективната безбедност и одбранбената политика има потенцијал да даде голем придонес во справувањето со заканите и да се даде поттик да се зголемат можностите. Активните безбедносни и одбранбени политики во Југоисточна Европа можат да извршат влијание на регионално и глобално ниво. Со тоа може да се создаде ефикасен мултилатерален систем којшто ќе доведе до правичен, посигурен, пообединет свет.

**III Тема на дискусија**

“Научени лекции- на прагот на НАТО, успешни последни чекори"
"Завршните аргументи" кои земјите од Балтикот, Вишеград/Романија/Бугарија, Словенија ги користеа во последните неколку месеци пред Самитот на НАТО на кој беа примени во НАТО; Какви чекори презедоа пратениците - колективно и индивидуално? Како реагираа на проблемите во тој период?

***Г-дин Јан Бжежински,***
***Поранешен Заменик помошник секретар за одбрана на САД за НАТО и Европска политика***

Брус Џексон, основач и претседател на проектот Транснационални демократии. Некои велат дека тоа е најголемиот застапувац на проширувањето на НАТО на Југоисточна Европа, знам дека тоа не е точно затоа што ако почнеме од амбасадорот Хил тоа е онаа иницијална каписла, водач. Тој навистина имаше големо влијание врз вкупната политика на последните рунди на проширување.

***Г-дин Брус Џексон,***
***Основач и претседател на Проектот за транснационални демократии***

До каде сме во изнесувањето на извршните аргументи? Јас не сметам дека сме во последните пет минути во играта, а од натпреварот ние сме на полувремето. Очигледно претседателот Буш одлучи, донесе одлука да се продолжи со зачленувањето на овие три земји кандидати. Тука е и сослушувањето на 11 март во Конгресот, каде што ќе се разгледува оваа одлука, тука е и одлуката која треба да се

донесе во април и процесот на ратификација која што трае 24 месеци. Формалната покана нема да се упати се додека не ги ратификува договорот за сите земји членки, а потоа треба да се депонира инструментите за пристапување во Вашингтон, каде што е сместен депозитарот. Значи мора да се игра внимателно во следните 24 месеца.

Според мене има три различни нивоа на аргументирање коисто се меѓусебно поврзани.

Прво, тука е општиот аргумент во корист на земјите членки на Јадранската повелба, но во суштина овие аргументи сугерираат дека тука е македонскиот придонес во европскиот контекст. Зборуваме на поставување на темелите на балканскиот мир, значи за 15 години на заеднички напори на Евопската унија и Америка по распаѓањето на поранешна Југославија. И тука е независноста на Косово, која исто така има улога во упатувањето покани. Ова е сето поврзано и со клучната улога која што Европската унија треба да ја има во Југоисточна Европа. Ако не се упати покана на овие три земји кандидати тогаш ќе се усложни процесот и со Украина, се усложнуваат и глобалните мисии на НАТО. Тоа е аргумент кој најглавно се изнесува во меѓународните граѓански заедници.

Вториот технички аргумент го нуди Владата на Република Македонија, кој постојано се повторува ние се квалификуваме, ние ги имаме исполнето условите и се фокусира врз објективните критериуми. Што се случило во деветте години на Акциониот план за членство. За тоа се пишува на околу 3000 страници и значи одново и одново се повторува што се направило во спроведувањето на Охридскиот договор и потоа се изнесува придонесот на Македонија кон коалицијата. Затоа што првото прашање сто ќе го постави американскиот Сенат е дали ги исполнуваат условите. Во текот на годините Македонија навистина се квалификува, односно ги исполнила условите. Не им кажувате на луѓето зошто да гласаат за вас, туку изнесете едноставно факти, не им давајте, не им сугерирајте заклучок. Самите заклучоци ќе бидат дадени од разни политички фигури, Генералниот секретар на НАТО итн. Третиот аргумент кој што е од критична важност е придонесот на Парламентот. Доколку невладините организации го изнесат општиот аргумент, а македонската Влада ги изнесе техничките аргументи за исполнување на условите, тогаш каква е улогата на Парламентот. Мислам дека Парламентот има политичка улога во три области. Тука се земјите членки на Европската унија и НАТО коишто ќе поставуваат прашања за политичкиот дијалог меѓу партиите и меѓуетничките заедници како што беше изнесено многу пати. Можеме да тврдиме дека ова е успешно мултиетничко општество и тука ке биде фокусот. Се работи за прашања на тонот кој постои во комуникацијата меѓу заедниците. Значи не се работи за некои конкретни прашања, туку за општата клима, за процесите коишто се одвиваат во опстеството. Она што се обидуваат да го направат е да го разгледаат квалитетот на македонското општество и ми се чини дека Парламентот тука има голема ако не и доминантна улога да изнесе и да потврди што навистина значи македонската демократија. Често се појавуваат историски прашања кои што доминираат со последните фази, во овој случај тоа ке биде прашањето со името. Значи проблемот е тука без оглед на различните предлози на Нимиц, се инсистира на заемно прифатливо решение, да се изнајде и мислам дека е можно изнаоѓање на такво решение и е многу блиску. Јас сум сигурен дека Парламентот навистина ги подржува премиерот и претседателот за да дојдат до изнаоѓање на решенија.

Македонија и останатите земји од Јадранската повелба ќе го преземат овој историски чекор кој што не само на земјата туку и на Европа ќе им овозможат да навлезат во следната историска фаза.

***Г-дин Јан Хамачек,***
***Претседател на Комисијата за надворешни работи на Парламентот на Чешката Република***

Мислам дека на врвот на агендата претстојниот Самит во Букурешт ќе биде проширувањето на Алијанстата. Чешката Република која што беше членка на НАТО во 90-тите години и ја подржувам политиката на отворени врати на Алијансата и сакаме

сите држави од Партнерството за мир да бидат поканети на Самитот во Букурешт. Оваа симболика со проширување со три нови држави ке биде многу значајна, бидејќи сите три држави се стратешки лоцирани на Балканскиот регион и сите имаат различна вероисповест. Но, треба да имаме на ум дека целосната интеграција со НАТО значи почеток на еден долг процес во кој што се воспоставува и ризичната работа на применување на сите НАТО-стандарди и прифаќање на нивните мировни операции. Проширувањето, откако Чешка, Полска и Унгарија беа и официјално поканети имаше 4 рунди на разговори. Разговорите беа фокусирани на политички и економски прашања, на воените реформи, ресурси и безбедносни прашања и сето тоа заврши со потпишување на протоколи. Процесот заврши во декември во 1998 година, меѓутоа до март 99-та заврши во Чешка, кога Чешка и формално стана членка на Алијансата. Моравме да имаме преговарачки тимови составени од стручњаци, министерот за надворешни работи, внатрешни работи, министерот за одбрана и министерот за финансии, бидејки НАТО постави прашања на коишто моравме да одговориме на писмено и да ги предадеме за време на преговорите. Ние сметавме на времето и тоа се покажа како доста ефикасно дека треба да соработуваме со другите две држави кои исто така преговараа, а тоа беа Полска и Унгарија, затоа што ни помогна да останеме во контакт и имавме голема корист од размената на искуствата и идеите. Можеби едно од прашањата што беше важно за време на разговорите, а мислам дека ке биде неизбежна тема за време на дебатите што следат, беше нашиот придонес кон Буџетот на НАТО. Што се однесува до ратификацијата, ние моравме да го ратификуваме нашето членство во НАТО и ќе требаше да се чека, додека сите 16 држави го ратификуваат нашето членство, а потоа да се чека на нашето ратификување, меѓутоа тоа ќе го забавеше целиот процес. Поради тоа ние одлучивме домашната ратификација да биде условена и ние на нашата Влада и дадовме одредена власт, да ја прифати поканата за членство во НАТО со што не допуштивме целиот процес да се одложи, туку се се случи во исто време и во Прага и во Будимпешта и во Варшава. Значи, ние поголемиот дел од работата го направивме однапред наместо да чекаме сите држави да го ратификуваат нашето членство. Значи, се движевме во согласност со другите две членки и го забрзавме процесот.

Има две работи односно искуство кое треба да се сподели. Првото се однесува на човечките ресурси, односно функционирањето на нашата мисија во Брисел и во седиштето на НАТО. Мислам дека е ова многу важно да имате една постојана мисија. За нас исто така, беше многу важно да се создаде една таква мисија, да имаме луѓе кои ќе работат во една таква мисија и тоа е само по себе доста сложен процес кој не дозволува грешки, затоа што тие грешки можат да имаат влијание и врз другите земји аспиранти за членство. Да се направи една таква мисија е доста сложена структура која што има два дела, политички и воен дел, тие два дела мора меѓусебе да соработуваат и да ги решаваат сите прашања заеднички. Ние сметавме дека процесот на ратификација треба да биде интезивен и треба да се искористи за вработување на компетентни луѓе. Тоа беше навистина предизвик, затоа што НАТО веднаш потоа ни понуди пристап до сите негови комитети така што беше тоа една многу сложена работа за нашите вработени во Брисел да можат да присуствуваат на сите состаноци на комитетите. Само како идеја, перманентната мисија на Чешка имаше некаде околу 50 лица.

Првата препорака на која што треба да се фокусирате, тоа е на регрутирањето на луѓето во тие мисии.

***Г-дин Соломом Паси,***
***претседател на Комисијата за надворешни работи на Бугарскиот парламент***

Испровоциран од она што го кажа Г-динот Боб Симонс за позитивната тенденција во односите меѓу Кина и НАТО, ке кажам нешто за две големи држави тоа се Кина, а другата држава е Македонија. Без оглед на тоа што односите со Кина прогресираат, напредуваат, мислам дека е време да се ревидира нашиот став кон оваа земја и да се подигнат односите на ново ниво. Попрецизно верувам дека е време да почне да се разговара за воспоставување на некој вид на Совет НАТО - Кина. Ќе споменам три

различни аргументи коишто сметам се во поддршка на оваа идеја. Во 2004 година се обидувавме да започнеме дијалог со Кина, да ги вклучиме во ОБСЕ. Во 2004 тоа беше се уште прерано. Моите неодамнешни посети во Кина и овој дел од светот ме уверија дека сега е време одново да се започне со таков дијалог. Ако ја погледнеме картата ке видиме дека девет од најблиските соседи на Кина се инволвирани со дијалогот на ОБСЕ, да се издвои, да се држи настрана вака голема земја се чини неприродно.

Внимателно ги слушав говорниците и не можам да најдам, да се сетам на нов аргумент во корист на македонското членство во НАТО. Сите аргументи до сега беа изнесени, некои беа и повторени. Една работа која што треба да ја надминеме е овој проблем со името. Спорот со името со Грција којшто постои веќе 17 години, Македонија сепак во овој момент е во една единствена ситуација да има само еден проблем за решавање. Ова е навистина неповторлива ситуација. Јас се сеќавам кога преговаравме со НАТО за членство Бугарија никогаш не била во таква привилегирана ситуација да има само еден проблем за решавање. Обично имавме стотици, илјада проблеми, но никогаш само еден проблем.

Во периодот меѓу 1949 година кога беше основан НАТО и денес ние бевме во една единствена ситуација, проширувањето на НАТО да биде поврзано со едно билатерално прашање, значи сега прв пат се случува проширувањето на НАТО да биде поврзано и условено од едно билатерално прашање. Го слушнав премиерот и многу сум пооптимистичен за иднината на овој процес. Иднината на овој процес во голема мера ќе зависи од медиумите и јавното мислење, затоа што она за што се грижат политичарите е јавното мислење.

На крајот би сакал да дадам една јазична забелешка за оние кои не разбираат македонски или бугарски јазик, ќе го преведам ова: Јадранската група се нарекува на Македонски Јадранска група, на бугарски тоа значи Нуклеарна група, мислам дека на НАТО му треба свежа нуклеарна сила со оваа Јадранска група и затоа цврсто сум убеден дека ќе го имаме ова ново гориво, свежо гориво после Букурешкиот самит.

***Г-дин Јан Хамачек,***
***Претседател на Комисијата за надворешни работи на Парламентот на Чешката Република***

Што се однесува до Чешка мислам дека има една грешка којашто се случи, и на извесен начин влијаеше врз нашето пристапување. Имаше одлагање од три месеци пред целосно да се вклучиме во Алијансата во март 1999. Причината за тоа беше што Република Чешка не можеше да ги исполни минималните воени барања. Моравме да се справиме со компатибилноста на нашата противвоздушна одбрана, со системот на Алијансата. Втората работа што ја пропуштивме или не ја исполнивме соодветно, беше нашата правна рамка за учество на нашата војска, Армија во операции на НАТО, преземани во согласност со членот 5 од Договорот за основање на Алијансата. Моравме тоа да го корегираме, беше потребно одредено време и на тоа се должеше тримесечното одлагање.

**Три** грешки се покажаа доста сериозни.

**Едната** беше опасноста во Полска од антисемитски изјави, исто така имавме проблем и со дијаспората која можеше и 50 години откако ја имаше напуштено државата сепак да каже некои непристојни изјави. Така што Полска навистина успеа ова да го побие и тоа беше голем успех.

**Втората** грешка беше американската, а тоа е дека ние дојдовме многу блиску до тоа да помогнеме само на Словенија и Литванија што беше многу прагматички, односно направивме една мала рунда на помош и застанавме и тоа беше катастрофална грешка од наша страна.

**И трета** грешка што речиси сите ја прават, тоа е тенденцијата да не заборавите да останете великодушни. На пример, ако Бугарија има лош ден ние едноставно ја заборавамe, ако утредента Романија има лош ден, ние ја заборавамe, значи секогаш треба да останеме заедно во добро и во лошо и тоа е од клучна важност. Македонија во последните девет години остана навистина постојана, освои многу пријатели.

***Г-дин Соломом Паси,***
***претседател на Комисијата за надворешни работи на Бугарскиот парламент***

Мислам дека има две главни грешки кои беа направени во последните два или три круга на проширување.

Првата грешка беше работата со јавното мислење. Всушност ние создадовме многу високи очекувања во јавноста дека после нашето примање во Алијансата ќе се случат чуда. Моравме да ги убедиме луѓето дека членството не значи чуда, меѓутоа е потреба. И нашиот најголем проблем не е меѓународниот тероризам, туку јавното мислење. Ако го имаме јавното мислење како наш сојузник тогаш проблемот со меѓународниот тероризам ќе биде многу помал.

Втората грешка, можеби не толку грешка, колку што е важен детал е што ние никогаш не кажуваме колку широко е отворена вратата на НАТО. Ние секогаш велиме дека НАТО има политика на отворени врати, меѓутоа тоа не го кажуваме доволно често. И луѓето не знаат дали вратите се отворени за нив или не. Секогаш кога јавноста не е оптимистички расположена за членството во НАТО, таа не го поддржува членството. Ако го почуствувате оптимизмот на јавноста врз тоа треба да ја градите својата поддршка. Мислам дека тоа е многу важно за следниот круг на проширување на НАТО Алијансата.

***Г-дин Есад Рахиќ,***
***Член на Комисијата за одбрана и безбедност на Македонија***

Сакам да ве прашам како Бугарин, доколку вие кога ве примаа во НАТО го имавте само тој проблем, како ние што имаме еден единствен проблем со една членка што има замерки на нашето исконско и државно име. Како вие ќе реагиравте? Би сакал само да додадам дека сум сигурен дека со поддршката што ја имаме, прв пат Македонија има толку искрени и стратешки сојузници, како САД и 99% од земјите од Европската унија и сметам дека со вашиот одговор ќе ми дадете и поттик како и ние да размислуваме во овие неколку недели до нашиот полн прием за членство во НАТО.

***Г-дин Соломом Паси,***
***претседател на Комисијата за надворешни работи на Бугарскиот парламент***

Бугарија си го сменила името неколку пати, ние сме биле Кнежество Бугарија, Источна Руменија, Царство Бугарија, Народна Република Бугарија и на крај станавме Република Бугарија. Не постоел таков проблем кога преговаравме со НАТО, но во преговорите со Европската унија имаше еден голем проблем кој од бугарска гледна точка, верувајте ми, е точно толку остар колку и од вашата гледна точка во врска со името. Ние требаше да затвориме два атомски реактора. Бугарското општествено мислење има фанатична љубов спрема атомската енергија и со такво расположение на Бугарија и се укажа единствената ситуација во која народот сакаше да влезе во Алијансата, а не сакаше да ги затвори атомските електроцентрали. Ве уверувам дека политичката цена која ние ја плативме во Бугарија е максимално возможната цена која едно општество може да ја плати за такво решение. Но, ако треба да ја вратиме лентата назад пак би направил се, но можеби многу побрзо.

***Г-дин Станислав Видовиќ,***
***Раководител на Сектор за безбедностна политика, Министерство за надворешни работи на Република Словенија***

Словенија и Романија беа кандидати во исто време и многу од земјите членки на Алијансата во тоа време беа против членството на Романија и една од сојузничките, Франција рече, ако не ја покaниме Романија нема да ја поканиме и Словенија. Значи, ние бевме заложници на ставот на Франција. Но, тоа не е проблем, најголемата грешка

во првата рунда на проширување што не беа поканети одеднаш сите пет земји членки кандидати, тоа ќе отвореше можност да бидеме подарежливи на последната рунда на проширување. Тогаш нема да има постојано проблеми со промена на правилата на сред натпревар, на сред игра и ќе можевме полесно да го прифатиме фактот на зачленување на трите земји членки на Јадранската повелба во Букурешт.

***Г-дин Кресимир Косиќ,***
***Член на Комисијата за надворешни работи на Хрватска***

Во документот со сличен наслов "Извлечени поуки" од конфликтот во поранешна Југославија, една од 12-те вредни поуки се однесува на времени одлуки, вистински одлуки во вистинско време за превентивна политика. Ова може да се илустрира со 600 илјади војници на ООН, трупи на ООН коишто беа распоредени во Македонија и Србија, во овој простор. Значи, ако имам 600 илјади трупи, се извинувам ако се донесе навремена одлука, вистинска одлука навреме, тоа ќе резултира со помалку ангажирани војници, а ако се задоцни со одлуката тогаш ќе треба поголемо воено присуство. Ова е една од поуките од конфликтите од поранешна Југославија. Вистинска одлука во вистинско време. Што е мојата поента? Одлуката во Букурешт да се упати покана на земјите од Јадранската повелба да се приклучат кон НАТО, секако ќе биде вистинска одлука во вистинско време особено во контекстот на регионалната безбедност и стабилност во контекстот на признавањето на Косово. Значи, тоа треба да биде вистинска одлука во интерес на регионалната стабилност и во интерес на НАТО и Европската унија.

**IV Тема на дискусија**

"Улогата на парламентарните комисии за надворешни работи и одбрана во имплементацијата на целите и политиката на НАТО"

Усогласување на националната легислатива во согласност со барањата за членство во НАТО; развој на парламентарните механизми и практики за ефективна демократска контрола на вооружените сили; Дијалог меѓу пратениците за главните прашања од областа на надворешните односи и безбедноста; парламентарната свесност и разбирање на клучните безбедносни прасања и политиката на НАТО; поголема транспарентност на политиката на НАТО

***Г-дин Бесим Догани,***
***Потпретседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата во ПС на НАТО***

Со оглед на комплексноста на секторите за безбедност и за надворешна политика, од битно значење е да постои добро развиена комисиска структура доколку парламентот треба да врши вистинско влијание врз извршната власт во имплементација на целите и политиката на НАТО, организација кон која сите се стремиме. Демократскиот надзор мора да вклучува дијалог помеѓу политичките лидери и дипломатите и воените фунционери од висок ранг, заснован врз доверба, отворени линии за комуникација и заедничка вклученост. Вклученоста на парламентот преку комисиите носи легитимитет и демократска отчетност.

***Г-дин Антон Андерлиќ,***
***Претседател на Комисијата за одбрана и безбедност на Словенија***

Република Словенија е многу заинтересирана сите земји на поранешна Југославија да дојдат во фамилија на европски земји, Европската заедница, како и во членство во Сојузот на НАТО. Парламентот на Република Словенија од самиот почеток, всушност од донесувањето на основните документи кога се конструираше нашата

држава на многу високо место ја постави задачата како да осигури за себе безбедност, сигурност во кругот на земјите кои тоа го прават на демократски принципи кои работат заедно и кои се грижат за светскиот мир. Наша цел беше што побрзо да се достигнат сите критериуми и да се достигнат земјите кои беа во Сојузот на НАТО. Во Парламентот дискутиравме колку треба да имаме во оптшествениот бруто производ одредени средства за издвојување за одбрана, за опремување на војската и организирање на мировни операции што е оптимално за земјите со ваква големина како што е Словенија или Македонија.

Поради тоа се прават анализи - тука веќе е Парламентот и Комисијата за одбрана која има задача да се грижи за тоа како да се обезбедат во Буџетот доволно пари, во смисла на консултации, но одлуките не се донесуваат во Парламентот. Ние не постигнавме уште состојба во која Одборот за одбрана и Парламентот би го вршеле она свое примарно пратеништво. Тоа е надзор над извршувањето на операциите, односно на сите активности што војската ги прави, како и надзор над потрошувачката на парите што ги определуваме за тие потреби. Тоа е во фаза на развој, очигледно е дека сите влади во светот тежнеат кон тоа што помалку парламентите да ги вклучува во планирањето, во информирањето и на крајот да им полагаат сметки за да може да се прави увид во сите активности и да се врши демократски надзор над вооружените сили.

***Г-дин Золт Немет,***
***Претседател на Комисијата за надворешна политика и унгарското малцинство во светот***

Потребни ни се трансатлантски мостови за да можеме да дискутираме за проблемите, а мостови секогаш ни недостигаат. Многу од нас во Европа сметаат дека НАТО е тој мост меѓу Европа и Северна Америка. И парламентарната дипломатија, исто така, може да одигра клучна улога во зацвтстувањето на тој мост. Така што се надевам дека ова е еден добар пример што ќе се следи во иднина и дека ќе можеме да се состануваме во еден ваков формат и почесто.

Очигледно проширувањето и величината на НАТО се многу важни парламентарни прашања. Би сакал да ја изразам целосната подршка за трите нови потенцијални НАТО членки Македонија, Хрватска и Албанија. Ние во Унгарија сме убедени дека тие се подготвени за членство, не прифаќаме никакви нови услови и не ги поддржуваме тие погледи коишто сметаат дека постои нешто друго што треба да се исполни освен веќе постојните критериуми. Западен Балкан не може да биде заложник на ваквиот вид на пристап. Западен Балкан е клучниот агол на европската безбедност и мислам дека имате голема шанса целиот регион да влезе во една нова фаза на неговата историја. Ова се историски денови, и во историските денови веројатно е логично да зборуваме за историја, и покрај тоа што не сакаме многу да се осврнуваме на историјата бидејќи сме малку уморни од такви теми. Косово стана независно. Албанија, Македонија и Хрватска стануваат членки на НАТО. И ако денес има спогодба меѓу Македонците и Грците, тогаш навистина можеме да кажеме дека следните неколку денови или следните неколку седмици се историски. Не смее да се заборави дека стабилноста е карактеристика само на една држава, туку стабилноста е карактеристика на цел еден регион. И со тоа се дава легитимитет за едно групно прошируvanje, односно за пристап со групно пристапување.

***Г-дин Жељко Грубешиќ,***
***Советник во Комисијата за одбрана и безбедност на Босна и Херцеговина***

Државите на Југоисточна Европа, исто така, треба преку програмите на НАТО да воспостават модел на соработка, со што ќе се збогатат односите меѓу собранијата и парламентарните тела, одбори и комисии преку интензивирана соработка, размена на искуства, билатерални и мулитилатерални средби. Помошта на искусните држави е неопходна. Но, и нашите искуства треба да се сметаат како ново поглавје за безбедноста и одбраната. Научените поуки од нашиот регион секако дека ќе бидат

корисни за оние држави коишто се пионери во областите што ги дискутираме овие два дена. Самитот на НАТО во Букурешт треба да биде дополнителен мотив за сите нас да ја прегледаме работата што сме ја завршиле, да одлучиме за идните чекори и да ја насочиме со рок соработката и координацијата во правци што ќе го направат целиот регион на Југоисточна Европа побезбеден и економски посилен. За нас во Босна и Херцеговина нема сомнение дека ке бидеме членки или на НАТО или на Европската унија, а бидете убедени ке бидеме членки и на едното и на другото.

***Г-дин Фред Де Граф,***
***Претседател на Комисијата за надворешна политика на Холандија***

Јасно ми е дека младите демократи и парламентите сакаат да имаат колку што е можно влијание врз секој дел на политиката, особено надворешните работи. И кога го споредувам она што го направиле Словенците и она што го направиле Унгарците, мислам дека секаде постои една тенденција да се вратат некои овластувања на Владата. И тоа е многу јасно. Затоа што ние парламентарците немаме доволно информации ниту пак искуство, самите да одлучиме за потребата да распоредиме наши трупи во странство. Така што се зависи претходно од владината одлука, Владата е таа што треба да даде целосни информации и да даде целосна слика на ситуацијата надвор и врз основа на тие информации Парламентот треба да одлучи дали е потребно и оддржливо да се испратат трупи во туѓа држава.

Мислам дека кога системот на рамнотежа во вашата држава ке биде воспоставен, тогаш тоа ќе биде една нормална ситуација Владата секогаш да биде прва, а Парламентот да ја следи. Во Холандија имаме еден член во Уставот, тоа е член 100 којшто кажува што треба да се направи пред да распоредиме трупи во странство. Значи Владата мора да донесе одлука, не само да го собере Парламентот, туку да донесе одлука да распореди трупи, а потоа да добие одобрување од двата дома на Парламентот. И тогаш тоа го направивме со продолжувањето на мандатот на нашите трупи во Авганистан пред неколку години, каде што во Парламентот мораше да се добие согласност од сите, па и од опозицијата, односно мораше да има согласност од двата дома за легитимноста на нашето учество во конфликти во странство. Значи уште еднаш, мораше прво да има одлука од Владата, па потоа Парламентот требаше да ја одобри. И до сега Парламентот секогаш го одобрувал тоа, и мислам дека и вашите демократски држави ќе дојдат до тој степен.

***Г-дин Бесим Догани,***
***Потпретседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата во ПС на НАТО***

Јас само би сакал да додадам дека членството во НАТО претставува витален интерес и голема стратегиска цел на нашата земја. Република Македонија иднината на својата одбрана и развојот на своите сили ги планира соодветно на своето идно членство во Алијансата. Република Македонија мора да ја планира одбраната за заштита на сопствените интереси и истовремено да придонесува за алијансата на реален и конструктивен начин. Притоа треба да се води сметка дека Алијансата станува главен безбедносен систем кој сега и во иднина презема задачи и надвор од границите на Алијансата. Меѓу многубројните активности на Собранието поврзано со интегрирањето на Република Македонија во НАТО, би набројал само неколку, односно донесена е Декларација за подигнување на нивото на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО, го поддржа унапредувањето на соработката во рамките на Партнерството за мир, Евроатланскиот партнерски совет, Повелбата за партнерство меѓу САД, Хрватска, Албанија и Македонија позната како Јадранска група, како и активностите содржани во документот Елементи на стратегијата на Република Македонија за членство во НАТО.

***Г-дин Владо Бучковски,***
***Член на делегацијата во Парламентот на НАТО, Македонија***

Сметам дека оваа Конференција е исклучително битна во периодот кој го очекуваме, да заврши успешно напорот што го прави Република Македонија во изминатите девет години за добивање покана за членство во НАТО. Имајќи предвид дека за разлика од другите држави, Република Македонија има искуство кое не посакувам никој друг да го има. Значи, немало досега случај и покрај исполнетите реформи во делот на одбраната, и покрај завидното ниво на политички реформи да се има сепак проблем кој сметам дека ги надминува димензиите на билатерален проблем. Треба отворено да говориме и покрај сериозната подршка што ја има Република Македонија од најмоќната членка на Алијансата тоа се САД, сепак Алијансата почива на правила каде што ветото не е исклучено. Во НАТО мораме да признаеме само има печат дека Турција ни е најголемиот пријател. Заради Турција во НАТО се слуша и нашето име и на секој документ го има она што сакаме да го чуеме, ни ветуваа и бугарските пријатели, ни ветуваа и словенечките пријатели, но до сега тоа не го напривија. А тоа е полесно отколку тоа што очекуваме, да ја убедат во овој момент Грција да биде попустлива и да ни даде дополнителен рок од неколку месеци да добиеме покана, а до ратификацијата да најдеме заеднички прифатливо решение.

***Г-дин Крешимир Ќосиќ,***
***Член на Комисијата за надворешна политика на Хрватска***

Нема сомнение дека улогата на Парламентот е многу важна и суштинска кога се обидуваме да донесеме одлуки за така чувствителни прашања, како што е на пример испраќање на војници во далечни мисии како што се Авганистан или на други места. Многу е важно да ја имаме поддршката на граѓаните, да го имаме нивното разбирање, што правиме таму, зошто сме таму и колку долго би можела да трае дадената мисија. Улогата на Парламентот, е исто така, многу важна кога настојуваме да воспоставиме стабилност и предвидливост на некоја стратешка одлука за инвестирање во одбранбениот сектор. Најважното прашање, според мене, се вистинските способности да ја разбереме сета сложеност на овие прашања како што се способностите на НАТО, односно потенцијалот на НАТО да се справи со сите овие предизвици во смисла на опрема, во смисла на потрошувачка, во смисла на модернизација, во смисла на инвестиции. Малите земји навистина имаат многу ограничувања за да обезбедат соодветни инвестиции во многу скапите системи на вооружување.

***Г-дин Владимир Ѓорчев,***
***Претседател на Комисијата за одбрана и безбедност***

Јас сакав да поставам прашање до моите колеги, која активност од вас беше преземана од страна на вашите комисии, што вие сметате дека беше најкорисно, односно кои се двата или трите чекора во последните две години што ги направивте и што сметате дека беа најефикасни. Дали можеби одевте на терен и ги посетувавте касарните или вашите трупи за да ги видите конкретните резултати. Значи, кои се двете или трите активности што ги направивте што привлекоа најмногу внимание? Дали вие можете да ни препорачате, не само нам од Македонија туку на сите нас, или да споделите некое искуство од работата во вашите комисии.

***Г-дин Ен Есма,***
***Заменик претседател на Комисијата за надворесна политика на Естонија***

Естонија има многу јасна порака дека ги поддржува новите држави апликанти и тоа го правиме не само теоретски, туку и практично и тоа е нешто што сакам да ви го кажам. Парламентот на Естонија ги има посетено сите држави во регионот и многу често сме организирале заеднички мисии со нашите колеги од Комисијата за одбрана и

Комисијата за надворешна политика од Естонскиот Парламент. Ние сме биле во Македонија и во сите други држави во регионот вклучувајќи ја и Албанија. Што се однесува до желбата за членство, можам да кажам дека во последните три години овие посети беа навистина чести и бевме многу активни во балканскиот регион.

***Г-дин Преч Зогај,***
***Претседател на Комисијата за надворешна политика***

Пред две три-недели Комисијата за надворешни работи во нашиот Парламент покрена иницијатива за подготовка на една резолуција за последните чекори на Албанија за зачленување во НАТО. По оваа резолуција формиравме две комисии во нашиот Парламент, Комисија за реформа на изборниот систем и Комисија за реформа на правосудниот систем. Ова се две особено важни реформи за демократијата и нашата иднина. Ова е иницијатива на нашата Комисија, нашата резолуција беше донесена едногласно со консензус. Би сакал да се придружам на мојот хрватски колега во изјавата дека одлуката да се упати покана за членство е вистинска одлука во вистинско време. Слушнавме од земјите членки за грешките кои ги направиле на тој пат. Ако одредена земја станала земја членка на НАТО прерано тогаш Македонија, Хрватска и Албанија всусност прекасно стануваат земји членки на НАТО.

Заклучок и затварање на Конференцијата “НАТО - Букурешт и потоа"

***Г-ѓја Флора Кадриу,***
***Претседател на Комисијата за надворешна политика***

Би ги сумирала дискусиите од овие два дена на нашата Конференција. Најпрвин би сакала да ви се заблагодарам за вашиот голем одзив и на вашето учество на Конференцијата што е израз на вашиот несомнен интерес за темата на овој настан "НАТО, Букурешт и потоа". Сите се согласивме дека НАТО алијансата е исправена пред сериозни предизвици. Од 1949 година се конципирани шест различни стратески концепти, а сега пред Букурешкиот самит Алијансата се наоѓа пред задача на адаптирање на новите предизвици. Станува збор за соочувања со прашањата како што се борба против тероризмот, енергетската безбедност, одбрана од кибернетски закани, ракетната одбрана и други прашања. Длабоко сме убедени дека тоа ќе има исклучително поттикнувачко и стабилизирачко значење за нашиот турбулентен регион и ќе биде од пошироко стратешко значење во однос на унапредувањето на политиката на идно проширување. А-3 групата, Македонија, Хрватска и Албанија, поминаа низа години во сериозни подготовки за членство во НАТО. Јадранската повелба за партнерство меѓу Македонија, Албанија и Хрватска и САД се потврди како исклучително значаен инструмент. За остварување на индивидуалните и заедничките достигнувања зад целосна евроатлантска интеграција. Меѓу другото, тоа се изрази и се изразува и со забележителниот придонес со војниците во операциите и мисиите во Ирак и Авганистан. Се радуваме што е создадена атмосфера на отвореност и прифаќање во НАТО клубот. Тоа можевме да го почувствуваме во постојните контакти, семинари, обуки, конференции, што на евидентен начин е изразено и на оваа наша денешна средба. По прогласувањето на декларацијата за независност на Косово, НАТО потврди дека силите на КФОР ќе останат на Косово врз основа на Резолуцијата на ООН 1244 и во согласност со нивниот оперативен план. Тоа подразбира дека НАТО решително ќе одговори на било каков обид за загрозување на безбедноста и сигурноста на населението на Косово.

***Г-дин Владимир Ѓорчев,***
***Претседател на Комисијата за одбрана и безбедност***

Спроведувањето на целите и политиката на НАТО од нас парламентарците бара ангажман и посветеност на усогласување во националната легислатива со барањето за членство во НАТО. Во повеќе обраќања и дискусии беше посебно подвлечен напредокот на Македонија кон изградбата на интегрирано, мултиетничко општество, како и позитивно искуство коешто предизвидува веќе интерес во регионот и пошироко. Предизвиците со коишто ние се соочувавме ги имаат и други држави и во Централна и во Источна Европа, но и во Западна Европа. Македонското мултиетничко општество се соочи со предизвиците, има свој начин на функционирање и ние нашиот модел сестрано го препорачуваме на сите оние кои ги имаат предизвиците на различноста. Во однос на улогата на НАТО во Југоисточна Европа во дискусиите беа поттикнати и поддржани. Владите на земјите аспиранти за членство во НАТО да го забрзаат реализирањето на реформскиот процес и приоритетните задачи кои ќе дојдат до исполнување на НАТО стандардите за да им бидат упатени покани за членство до следното проширување на Алијансата на НАТО на Самитот во Букурешт. Следејќи ги искуствата од земјите на Централна и Источна Европа, Јадранската група е подготвена за проширување и поддрска на другите земји од регионот на нивниот пат кон Партнерство за мир и евентуално членството во НАТО. Во врска со улогата на парламентите и неговите комисии подвлечено е значењето на парламентарната димензија како еден од главните столбови за изградување, зацврстување и транспарентност на процесот на евроатлантската интеграција на земјите од регионот. Во распоредувањето на воените сили во кризните региони националните парламенти имаат централна улога. Таа е дотолку поодговорна што треба да им објасниме на нашите гласачи, јавноста зошто нашите вооружени сили треба да бидат дел од овие ризични акции надвор од нашите земји. Тоа ја имплицира и зголемената парламентарна одговорност во однос на зајакнатиот надзор и контрола на вооружените сили. Јас би додал уште нешто, а тоа е дека во изминативе години во нашиот Парламент никогаш немаше ниту еден глас против, за операциите во Ирак, Авганистан, Либан и Босна и Херцеговина, сите гласавме за, затоа што бевме свесни дека имаме одговорност, дека треба да дадеме придонес и дека членството во НАТО значи солидарност. Независно дали се менуваа или не се менуваа владите, дали имавме левица или десница, дали имавме мали или големи партии, дали беа пратениците христијани или муслимани, Македонци или Албанци, Бошњаци или Срби, Турци или Власи, Роми или некој друг. Сите заедно заеднички едногласно гласавме за тие операции, се надевам дека таквиот консензус ке продолжи и понатаму.

Тука сме, тука живееме за да правиме што подобро, да се разбираме меѓу себе. Цврсто веруваме дека сите ние земјите од Балканот имаме капацитет да изградиме нов Балкан растеретен од остатоците на минатото и постојаните конфликти. Имаме иста цел, исти интереси нашите народи имаат исти аспирации и заедничка иднина, европска иднина. Потребни се натамошни напори постигнатиот прогрес да стане сигурен и неповратен. Помирувањето од Западна Еворпа во последните 50 години се добра лекција и препорака како ние на Балканот треба да се помириме и веќе се помируваме меѓу себе. Нашата политика мора да биде проактивна со што побрзо интегрирање на регионот во евроатлантските структури. Во тој правец ќе ја насочиме нашата енергија овие неколку последни недели пред одржувањето на Самит на НАТО во Букурешт кога се надеваме дека ќе ја добиеме долго очекуваната покана.

Два милиона луѓе кои сакаат да имаат подобар живот, кои заслужуваат подобар живот, кои имаат право на безбеден живот и кои со изборите ги донеле пресудите, мислењата, ставовите, толеранцијата којашто ја граделе во овие 17 години докажале дека како општество заслужуваме да бидеме членка на НАТО. Вашите влади за два месеца треба да донесат важна одлука. Вашите влади во Букурешт ќе треба да гласаат, односно ќе треба да ја поддржат или не одлуката за оваа земја да стане членка на НАТО или не. Ќе носат одлука за два милиона луѓе кои сакаат просперитет, сакаат посигурна иднина и кои ги делат истите верувања, надежи, инспирации кои ги

имаат и вашите граѓани, вашите семејства, нашите пријатели во вашите земји. Време е таквите ветришта, таквите моменти да дојдат и до Балканот затоа што нашите граѓани го заслужуваат тоа. Вашите парламенти се надевам дека можеби веќе некои и оваа година ќе треба да гласате за членството на Република Македонија во НАТО. Знам дека вашите агенди се обременети, дека вашите распореди се преполни. Но, побрзата ратификација ќе биде охрабрување за сите нас. Затоа што таму каде што е најтешко нашите војници се рамо до рамо со вашите војници, нашите војници веќе функционираат како НАТО армија. Затоа уште еднаш ќе речам, вашата брза ратификација ќе биде големо, навистина големо и конкретно охрабрување за сите нас, за нашите војници, за нашата Армија, но и за два милиони наши граѓани кои ја сакаат стабилноста што ќе ја донесе НАТО да имаме помала невработеност, поголем економски раст и поголеми инвестиции.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од седницата на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржана од 18 до 21 февруари 2008 година во Брисел, Белгија***

***Скопје, март 2008 година***

*Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), ја одржа својата редовна седница од 18 до 21 февруари 2008 година во Брисел, Белгија. На седницата учествуваше г-ѓа Благородна Цветковска[1], член на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и член на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за мултилатерална соработка и извршен секретар на Секцијата.*

Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) е формирана во 2002 година во Берн, Швајцарија, а во неа членуваат сите парламентарки членки на секциите на ПСФ. Мрежата има за цел да го промовира оптималното учество на жените во политичкиот, економскиот, социјалниот и културниот живот, како на национално ниво, така и во вкупниот франкофонски простор и да ги зацврсти местото и улогата на жените во парламентите членки и во меѓународните организации. Покрај ова, мрежата ја охрабрува солидарноста меѓу жените парламентарки, со цел да придинесе за заштита на човековите права, особено правата на децата, младите девојки и мајките.

Во Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ членуваат 12 парламентарки, односно претседателот на Мрежата, двете потпретседателки, три известители и шест члена. Од нив пет се претставнички на Регионот Африка, три на Регионот Европа, три на регионот Америка и една на Азискиот регион.

На седницата на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки, одржана во Брисел беа разгледани четири предлога на извештаи поднесени од известителите на Мрежата. Претседателот на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ **г-ѓа Роз-Мари Лозие-Кул** информираше за активностите на Мрежата во периодот од 33. сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржана во јули 2007 година во Либравил, Габон.

На седницата се обрати и **г-ѓа Фадиа Насиф**, одговорна за проектот "Жените и развојот" на Меѓународната организација на Франкофонијата, која се осврна на стратешките цели на овој проект и неговата реализација.

Известителот **г-ѓа Женевиев Коло**, пратеник од Франција го презентираше извештајот "Правата на детето: следење на Меѓународната конвенцијата за правата на детето (МКПД)". Во извештајот г-ѓа Коло се осврнува на ратификацијата на оваа конвенција, законското регулирање на поимот "дете", прашањата во врска со децата и граѓанските права, образованието, здравството, трудот, злоупотребата на децата, посвојувањето, децата со посебни потреби, заштитата на децата и сл. Разгледани се и мерките што се спроведуваат за подигнување на свеста за содржината на МКДП во земјите членки на ПСФ и нејзиното приближување до возрасните и децата.

Во дискусијата по извештајот учествуваше и **г-ѓа Благородна Цветковска,** член на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и член на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ. Изразувајќи задоволство што Мрежата одлучила да дискутира за значајно прашање, како што е заштитата на децата, г-ѓа Цветковска даде краток осврт на состојбите во Република Македонија на овој план. Таа нагласи дека во Македонија поимот "дете" е дефиниран во Законот за заштита на децата, согласно со кој како дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лице со пречки во физичкиот и психичкиот развој до наполнети 26 години живот.

Госпоѓата Благородна Цветковска информираше дека во Република Македонија основното и средно образование е задолжително и бесплатно. Од друга страна, во земјата постојат специјализирани институции за прифаќање и помош на децата со посебни потреби. Министерството за труд и социјална политика финансира и вонинституциоанлни форми на згрижување на децата со посебни потреби и тоа 18

[1] Г-ѓа Цветковска учествуваше на Седницата како замена за г-ѓа Теута Арифи, член на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ.

дневни центри за деца со пречки во интелектуалниот развој и со комбинирани пречки и еден дневен центар за деца заболени од церебрална парализа.

Во врска со вработувањето на децата, г-ѓа Цветковска истакна дека според членот 42 од Уставот на Република Македонија, лице помладо од 15 години не може да биде вработено. Малолетните лица имаат право на посебна заштита при работа и не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот.

Осврнувајќи се на измените на Законот за семејство, усвоени во 2004 година, таа истакна дека е утврдена обрска органот за старателство, односно центарот за социјална работа, да го праша детето за неговото мислење и истото да го цени во постапките кои се однесуваат на него. Со овие измени се овозможи детето да се третира како рамноправен субјект, со можност активно да учествува во постапките кои се однесуваат на остварувањето на неговите права и заштита на најдобриот интерес на детето. Госпоѓа Цветковска нагласи дека со Законот за семејство е уредена заштитата на децата од запоставување, злоставување и насилство, преку утврдување на мерки за заштита и вршење на надзар над родителското право. Центарот за социјална работа континуирано врши надзор над вршењето на родителското право. Кога центарот ќе констатира дека родителите го занемаруваат или злоупотребуваат детето, како и кога за детето постои сериозна опасност за понатамошниот развој и воспитување во семејството, може да го одземе детето од неговите родители и да го смести во згрижувачко семејство.

Госпоѓа Цветковска исто така информираше дека Законот за заштита на децата во Република Македонија е хармонизиран со европското право кое ја уредува оваа област.

Известителот **г-ѓа Лиз Терио**, пратеник од Квебек го претстави Предлогот на извештајот "Трговија со луѓе". Овој извештај, покрај дефинирањето на трговијата со луѓе и корените на овој феномен, г-ѓа Терио се осврнува и на *Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал* и нејзиниот *Протокол за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, а особено со жени и деца*, како и на иницијативите на меѓународните и интерпарламентарните организации на ова поле. Во Предлогот на извештајот е даден осврт и на улогата на парламентите и средства за акција кои им стојат на располагање на парламентарците за справување со овој глобален феномен.

Извршниот комитет расправаше и за Предлогот на извештајот "Состојбата на жените бегалци", поднесен од третиот известител на Мрежата на жени парламентарки **г-ѓа Мари-Роз Нгуини Ефа**, пратеник од Камерун. Извештајот се фокусира на дефинирањето на поимите бегалец, барател на азил, раселено лице, апатрид и репатрид, како и новите судски норми за вооружени конфликти и насилство врз жените за време на конфликт и постконфликтни состојби. Известителот г-ѓа Нгуини Ефа, во извештајот дава примери за евидентирани случаи на насилство врз жените за време на конфликтите во Авганистан, Бурунди, Колумбија, ДР Конго, Источен Тимор, Косово и Индонезија.

**Госпоѓата Лиз Терио** го презентираше извештајот "Следење на спроведувањето на *Конвенцијата за спречување на сите форми на дискриминација врз жените* (ЦЕДЕФ) и нејзиниот Факултативен протокол". Таа информираше дека оваа конвенција ја ратификувале 185 земји, што претставува 90% од земјите членки на Обединетите нации и 100% од земјите членки на Франкофонијата. Госпоѓата Терио се осврна и на периодичните извештаи за усвоените мерки и постигнатиот напредок, што земјите пристапнички на Конвенцијата се должни да ги презентираат, а информираше и за семинарите за ЦЕДЕФ што ги организира Парламентарното собрание на Франкофонијата. Овие семинари се одржуваат со цел за продлабочување на знаењата за оваа конвенција меѓу парламентарките-франкофони, со што тие би можеле поефикасно да влијаат врз владите за спроведувањето на Конвенцијата.

На седницата на Извршниот комитет се дискутираше и за подготовките за седницата на Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи на 4 јули 2008 година во Квебек, Канада, во рамките

на редовната 34. Годишна сесија на ПСФ. Беше договорено на седницата да бидат разгледани и усвоени четирите извештаи предложени од известителите на Мрежата, како и да бидат презентирани извештаите од комисиите на ПСФ, чии известители се членки на Мрежата на жени. Предвидено е на седницата на Мрежата да се обрати и министерката за култура, комуникации и женски прашања на Квебек, г-ѓа Кристин Сент Пјер. На седницата ќе се дискутира и за прашањето што од името на Мрежата ќе му биде поставено на генералниот секретар на Меѓународната организација на Франкофонијата, г. Абди Диуф, кој ќе се обрати на Свеченото отворање на 34. Годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

На седницата на Мрежата на жени парламентарки што ќе се одржи во Квебек, на барање на членовите на Мрежата за прв пат ќе биде организирана едночасовна дискусија на слободни теми, на која жените парламентарки ќе можат да дискутираат за отворени прашања од нивни интерес.

Госпоѓата Лиз Терио, пратеник од Квебек ги информираше членовите за организациионите подготовки за 34. Годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата (2-8 јули 2008 година, Квебек), при што истакна дека во рамките на Сесијата ќе бидат организирани и Конференција на претседателите на парламентите членки на ПСФ, Сесија на Регионот Америка на ПСФ и прослава на 400-годишнината од формирањето на градот Квебек.

На седницата стана збор и за алармантната состојба во Демократска Република Конго, по што Извршниот комитет на жени парламентарки во ПСФ донесе "Декларација во врска со насилството на цивилното население во источниот дел на Демократска Република Конго". Во декларацијата се осудува повторувањето на конфликтот во овој дел на ДР Конго и свирепоста на која се изложени жените, децата и старите лица, а особоено сексуалното насилство врз жените и децата, кои во овој конфликт се користат како воено оружје. Извршниот комитет се обврзува да им обрне внимание за овој проблем на Секциите во Парламентарното собрание на Франкофонијата, на Владите на земјите членки и на меѓународната заедница, со цел да се преземат сите средства за што поскоро постигнување на мир, запирање на масакрите и згрижување на жртвите.

* * * * *

Со учеството на Седницата на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), што се одржа од 18 до 21 февруари 2008 година во Брисел, Белгија уште еднаш се потврди интересот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата за активно партиципирање во активностите на ова меѓународно парламентарно собрание. Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ е единствен претставник на земјите од Центарална и Источна Европа и во Извршниот комитет на Мрежата.

За време на одржувањето на седницата, пратеничката г-ѓа Благородна Цветковска имаше можност да воспостави контакти со сите членови на Извршниот комитет и да размени мислења за темите кои беа разгледувани на седницата, како и за други прашања од заеднички интерес.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегацијата на Собранието на***
***Република Македонија во СЗЕУ***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од посетата на НАТО на Делегација на Собранието на Западноевропската унија, остварена на 11 февруари 2008 година***

***Скопје, февруари 2008 година***

*Делегација на Собранието на Западноевропската унија - Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана (СЗЕУ), на 11 октомври 2007 година оствари посета на НАТО, на покана од г. Јаап де Хоп Шефер, генерален секретар на НАТО. Во Делегацијата на СЗЕУ беа вклучени г. Насер Ајдини и г. Рафиз Алити, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ, г. Павле Трајанов, заменик член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.*

Во рамките на посетата на НАТО, членовите на СЗЕУ остварија средби со Н.Е. амб. Ришар Дуке, постојан претставник на Франција во НАТО, г. Џејмс Пердју, заменик помошник на генералниот секретар на НАТО задолжен за операциите на НАТО, г. Роберт Симонс, заменик помошник на генералниот секретар на НАТО задолжен за безбедносна соработка и партнерство, генералот сер Џон Меккол, заменик на врховниот командант на сојузничките сили во Европа (DSACEUR), генерал полковник Карл В. Ајкенбери, заменик претседавач на Воениот комитет на НАТО и г. Јаап де Хоп Шефер, генерален секретар на НАТО. На средбите доминираа темите за престојниот Самит на НАТО во Букурешт, операциите во Авганистан и Косово, односите меѓу НАТО и Европската унија, односите со Русија и Украина и местото на Франција во НАТО.

Амбасадорот Ришар Дуке, постојан претставник на Франција во НАТО, се осврна на изјавите на претседателот г. Никола Саркози и на министерот за одбрана на Франција г. Ерве Морен, во врска со можноста земјата повторно целосно да се интегрира во воената структура на НАТО. Француската влада смета дека реинтеграцијата на Франција е можна само доколку се зацврсти европската одбрана. Во врска со НАТО, амбасадорот Дуке оцени дека е потребна ревизија на системот за одбранбено планирање и подлабока реформа на командната структура.

Двајцата воени претставници, генералот сер Џон Меккол, заменик на врховниот командант на сојузничките сили во Европа (ДСАЦЕУР) и генерал-полковникот Карл В. Ајкенбери, заменик претседавач на Воениот комитет на НАТО, се задржаа на одличната соработка меѓу војниците кои служат во мисиите на НАТО и на ЕУ. Блокадата на односите меѓу двете организации е чисто политичка и постои ризик за создавање на скапи дуплирања и штетно ривалство. Постои итна потреба за договор на највисоко ниво на командните структури, со цел да се обезбеди најефикасен одговор на бројните кризи со кои се соочуваат Алијансата и ЕУ.

Средбата со г. Џејмс Пердју, заменик помошник на генералниот секретар на НАТО, беше фокусирана на тековните операции на НАТО во Авганистан и Косово. Во врска со состојбата во Авганистан, се разгледуваат сите актуелни проблеми, вклучувајќи ги бројот на потребните војници и постојните ограничувачки клаузули (caveats) на одделни контингенти. НАТО не бара воено решение за состојбата во Авганистан. Обезбедувањето на безбедноста е само еден од клучните услови за успех и она што е потребно за подобрување на положбата на авганистанскиот народ е глобална програма со цврсто и централизирано меѓународно лидерство. Авганистанската влада треба да го подобри своето функционирање и да се посвети на формирање на национални воени и полициски сили кои ќе бидат способни да ги исполнат своите функции.

Господинот Пердју истакна дека КФОР, воената мисија на НАТО на Косово, е целосно подготвена за очекуваното прогласување на независност. Плановите за итни случаи се подготвени и мисијата КФОР е убедена дека може да ја обезбеди безбедноста во рамките на границите на Косово.

Господинот Роберт Симонс, заменик помошник на генералниот секретар на НАТО го нагласи значењето на руските ставови во врска со Косово. Тој, исто така, ја презентираше состојбата со партнерствата и другите програми на НАТО, како и нивниот можен развој на претстојниот Букурешки самит на Алијансата.

Генералниот секретар на НАТО г. Јаап де Хоп Шефер, кој е поранешен исклучително активен член на Собранието на Западноевропската унија, во своето излагање се осврна на бројни прашања: состојбата во Авганистан и Косово, противракетната одбрана, односите на НАТО со Русија, Украина и особено со Европската унија. Тој се задржа на релациите меѓу агенциите за вооружување на НАТО

и Европската одбранбена агенција, кои според него треба да се развиваат на многу поконструктивен начин. Генералниот секретар изрази жалење заради недостатокот на вистински прогрес во севкупните односи меѓу НАТО и ЕУ, коишто имаат голем потенцијал, но остануваат екстремно лимитирани заради познатите причини.[2]

Осврнувајќи се на Самитот на НАТО што ќе се одржи во април во Букурешт, генералниот секретар истакна дека се надева (а не може да каже "очекува") дека трите земји од Јадранската повелба ќе добијат покана за членство во НАТО. Истакнувајќи дека меѓу Скопје и Атина се уште се водат преговори околу прашањето за името, тој изрази надеж дека до одржувањето на Самитот ќе биде најдено заеднички прифатливо решение за ова прашање.

Во врска со предизвиците околу Косово, г. Јаап де Хоп Шефер нагласи дека КФОР е подготвен да реагира во секаква ситуација. Истовремено, тој истакна дека не се очекува воен одговор од страна на Белград, по се поизвесното прогласување на независност на Косово.

Операциите во Авганистан претставуваат значајна инвестиција за НАТО, која дава добри резултати во одредени клучни области, како што се програмите за опрема и трансформацијата на силите. Главниот проблем со кој се соочува Алијансата во Авганистан е разликата во пристапот меѓу 26-те земји членки на НАТО како во учеството во операциите, така и во врска со ограничувањата (caveats) наметнати на одредени национални контингенти, кои значително ја намалуваат ефикасноста на целокупната операција.

Во овој контекст г. Јаап де Хоп Шефер го подвлече значењето на јавното мислење за НАТО. Тој нагласи дека поддршката од парламентарците претставува клучен фактор за убедување на граѓаните и ги повика членовите на Собранието на ЗЕУ да му помогнат во објаснувањето и охрабрувањето на иницијативите на НАТО.

Во дискусијата што следеше, пратеникот Павле Трајанов на генералниот секретар на НАТО му постави прашање во врска со актуелната безбедносна состојба на Балканот, истакнувајќи го при тоа мислењето дека ситуацијата е стабилна, мирна и тивка, но постојат очекувања и стравови дека истата може да "експлодира", што не би смеело да се случи. Господинот Трајанов запраша за очекуваните реакции од Србија по прогласувањето на независност на Косово и кој ќе биде одговорен за зачувувањето на стабилноста и безбедноста на Косово - ОН, ЕУ, НАТО или властите на Косово. Тој, исто така, постави прашање во врска со можноста Грција да стави вето за прием на Република Македонија во НАТО, заради ирационалниот спор околу името на земјата.

Генералниот секретар Шефер се согласи со оценката на безбедносната состојба на Балканот како мирна и стабилна, но нагласи дека е тешко да се предвиди како ќе реагира Србија по прогласувањето на независност од страна на Косово. КФОР е одговорен да се грижи за заштитата на сите граѓани на Косово, а тоа го прави во соработка со УНМИК и Косовската полиција. Господинот Јаап де Хоп Шефер укажа дека се очекува започнувањето на новата мисија на ЕУ на Косово, која ќе се реализира во рамките на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСПД). Истовремено, тој оцени дека постои еден рецепт за обезбедување на мир и трајна стабилност и безбедност на регионот, а тоа се евроатлантските интеграции.

Во врска со поканата на Република Македонија за членство во НАТО, генералниот секретар оцени дека е можно да дојде до употреба на вето од страна на Грција и попречување на членството на земјата во Алијансата, со оглед на тоа што во НАТО се одлучува со консензус. Тој апелираше да се продолжи со преговорите за името во рамките на Обединетите нации, а со посредство на посредникот г. Метју Нимиц и изрази надеж дека набргу ќе се најде решение за овој проблем, бидејќи во спротивно би можело да се искомплицира приемот на Македонија во НАТО.

Во рамките на посетата на НАТО, членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ оствари средба и со Н.Е. г. Нано Ружин, амбасадор на Република Македонија во НАТО, на која беа разменети мислења во врска со

[2] Несогласувањата меѓу Турција (членка на НАТО) и Кипар (членка на ЕУ).

очекувањата од претстојниот Самит на Алијансата, што ќе се одржи во месец април во Букурешт, Романија.

* * * *

Посетата на НАТО во организација на Собранието на Западноевропската унија - Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана, а на покана од генералниот секретар на Алијансата г. Јаап де Хоп Шефер, претставуваше извонредна можност за информирање од прва рака во врска со актуелните прашања и тековните случувања во рамките на НАТО. Членовите на СЗЕУ беа во можност да разменат мислења за области од заеднички интерес како со високите претставници на НАТО, така и со пратениците од другите земји членки на ова меѓународно парламентарно собрание.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на оваа посета се остварува континуитет на соработката со Собранието на ЗЕУ и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во активностите на интерпарламентарните собранија.



*СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

*Делегацијата на Собранието на*
*Република Македонија во СЗЕУ*

# *ИЗВЕШТАЈ*

*за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на заедничкиот состанок со Постојаниот совет на Западноевропската унија - Политичко-безбедносниот комитет на ЕУ, оддржан на 25 февруари 2008 година во Брисел, Кралство Белгија*

*Скопје, април 2008 година*

*Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ) на 25 февруари 2008 година во Брисел, Кралство Белгија, го организираше заедничкиот состанок со Постојаниот совет на СЗЕУ Политичко-безбедносниот комитет на ЕУ. На овој состанок присуствуваа пратениците Насер Аједини, Рафис Алити, членови на Делегацијата и Борис Кондарко, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија, како и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.*

*Првиот дел беше посветен на европската безбедност и одбрана, како заедничка сесија на членовите на Постојаниот совет на ЗЕУ и на Политичко-безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ, а вториот дел на теми од надлежност на комисиите на СЗЕУ, како заедничка сесија на Комисијата за одбрана и Политичката комисија на СЗЕУ.*

*На состанокот учествуваа делегации од Шпанија, Република Македонија, Обединето Кралство, Франција, Полска, Белгија, Италија, Бугарија, Норвешка, Романија, германија, Луксембург, Норвешка, Чешка Република, Естонија, Финска, Грција, Словенија Холандија, Унгарија, Турција, Кипар, Литванија, латвија и Австрија. Работниот дел на состанокот се одржа во Комитетот на Регионите во Брисел. Со седницата претседаваше г. Жан-Пјер Масере, претседател на СЗЕУ.*

* * * * *

## 1. Состанок на Постојаниот совет и Политичко-безбедносниот комитет на ЕУ

На овој состанок воведни излагања поднесоа г. Лик Ван ден Бранде, Претседател на Комитетот на Регионите, воените претставници на Франција и Словенија, адмиралот Жан-Пјер Тифу и Бригадниот генерал Антон Турк и Н.Е. г-ѓа Метка Ипавиќ, амбасадор, постојан претставник на Словенија[3].

Господин Ван Ден Бранде наведе дека европските институции претставуваат инструменти наменети за подобрување на секојдневниот живот на граѓаните и додаде дека врските помеѓу европските институции и националните парламенти треба секогаш да им служат на интересите на граѓаните. На крајот тој истакна дека Европа треба да ја градиме во партнерство и наведе дека целта е една политичка унија да го гарантира истовремено безбедноста и просперитетот на сите европски граѓани.

На почетокот на своето излагање, г-ѓа Метка Ипавиќ, амбасадор, постојан претставник на Словенија ги наведе главните приоритети на Словенечкото претседателство со ЕУ: ратификација на Лисабонскиот договор, активности од областа на енергијата и климатските промени, нов циклус на Стратегијата од Лисабон за зголемување на вработувањето, проширување на ЕУ и политика на добрососедство и мултикултурен дијалог. Потоа, таа додаде дека Словенечкото претседателство со ЕУ цени дека стабилноста на Западниот Балкан е од ”витален" интерес за безбедноста и стабилноста на целата Европа. Сите земји од регионот треба да пристапат кон членство во ЕУ и Унијата треба да делува со сите средства со кои располага за да го фаворизира мирот, економскиот развој и регионалната соработка во Југоисточна Европа. Што се однесува до Европската безбедносна и одбрамбена политика, таа ги наведе сите операции што се во тек или кои ќе се реализираат во иднина, особено во Босна и Херцеговина, Косово, Авганистан, Чад, Демократска Република Конго и во Гвинеја Бисао и истакна дека од 2003 година, Европската унија превзела повеќе од 18 операции. Потоа, таа истакна дека стабилизацијата на Косово претставува голем актуелен предизвик и подвлече дека на 16 февруари 2008 година Советот на ЕУ одлучи да ја лансира мисијата "Правна држава" на ЕУ во Косово, EULEX КОСОВО. СЕ работи за најобемна цивилна мисија досега превземена од ЕУ. На крајот таа наведе дека Словенечкото претседателство со ЕУ ја цени позитивната улога на Европската агенција

[3] Амбасадорите кои ги претставуваат земјите членки во политичко-безбедносниот комитет на ЕУ, извршен политички орган на Европската безбедносна и одбрамбена политика, го сочинуваат исто така и Постојаниот совет на ЗЕУ

за одбрана, особено заложбите за подготвување на Планот за развој на капацитетите до крајот на лето 2008 година.

Вице адмиралот Жан-Пјер Тифу истакна дека подготвувањето на Планот за развој на капацитети од страна на Европската агенција за безбедност треба да ги има предвид различните национални приоритети и искуствата од разните операции спроведени од ЕУ и наведе дека поставувањето на една "структура на командување и цивилна контрола на ЕУ" претставува голем напредок. Потоа, тој наведе дека со оглед на тоа дека сегашниот центар за операции на ЕУ е "виртуелен", формирањето на еден таков постојан оперативе центар со седиште во Брисел би било најдобро решение од воена гледна точка. На крајот тој наведе неколку елементи за операцијата ЕУФОР во Чад/Демократска Република Конго.

Прашањата на членовите на СЗЕУ до амбасадорите главно се однесуваа на начинот на зацврстување на односите меѓу НАТО и ЕУ, за Косово, за политиката на ЕУ кон Русија, за интероперативноста на воените ефективи за одбрана во рамките на мултинационалните операции, за постојан Главен Штаб за операции на ЕУ, како и за улогата на Сателитскиот центар на ЕУ за поддршка на тековните операции. За овие прашања ќе се дебатира на следната пленарна сесија на СЗЕУ во Париз (3-5 јуни 2008 година).

**2. Седница на Комисијата за одбрана**

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата за одбрана г. Роберт Валтер и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од одржаниот состанок на 5 декември 2007 година во Париз, Франција.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: Командните структури на операциите на Европската Унија-одговор на Годишниот извештај на Советот, известител г. Хендерсон (Обединето Кралство), Мисијата на Европската Унија ЕУФОР Чад/ДРК, известител г. Руке и Одбрамбената политика на Русија, известител, г. Ригони.

Известителите на овие работни документи истакнаа дека истите сеуште се во почетна фаза на подготовка и по истите ќе се расправа на седницата на оваа комисија во Париз на 18 март 2008 година.

**3. Седница на Политичката комисија**

Седницата ја отвори претседателот на Политичката комисија г. Аграмунт и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од одржаниот состанок на 3 и 4 декември 2007 годинас во Париз, Франција.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: Ревизија на Европската стратегија за безбедност-одговор на Годишниот извештај на Советот, известител г. Дикарн (Белгија).

Презентирајќи го овој работен документ, г. Дикарн изјави дека Европската стратегија за безбедност денеска ја рефлектира идеологијата којашто беше во тек во 2003 година по инвазијата на Ирак. Но со оглед на тоа дека тогашните услови се изменети а Стратегијата не е сеуште адаптирана на новите услови на делување. Потоа тој наведе дека овој извештај ги става на прв план предизвиците со кои што ЕУ треба да се справува во иднина, ако и целите што треба да се реализираат. За оваа цел, Европа треба да биде подинамична во развојот на нејзините капацитети и во односите со своите партнери. Тој се осврна и на односите меѓу НАТО и ЕУ и подвлече дека треба да се интензивира политичкиот дијалог со НАТО и ако ЕУ сака да формира еден европски столб за одбрана кој ќе ги обедини сите земји, тогаш тоа подразбира и вклучување на Турција која дава огромен придонес во операции. Овој одбрамбен столб треба да се реализира во согласност со Лисабонскиот договор. По овој работен документ се отвори расправа на која што учествуваа Лорд Томилсон (Обединето

Кралство), г. Масере (Франција), г. Горенс (Ликсембург). Во текот на расправата беше истакнато дека помеѓу желбата на ЕУ да биде актер на меѓународната сцена и реалноста има голема бездна затоа што често пати средствата и политичката желба не се совпаѓаат.

Вториот работен документ се однесува на Политичките случувања во Авганистан и Пакистан, известител г. Џембрицки (Германија). На почетокот тој ја претстави географската состојба и етничкиот состав на Авганистан и наведе дека Конференцијата во Лондон за Авганистан ги утврди следните приоритети: безбедноста, владеењето, Правната држава и човековите права, економскиот и социјалниот развој и искоренувањето на трговијата со наркотици. На крајот, тој истакна дека што се однесува на целината на регионот, треба да интензивира соработката со Пакистан во врска со конфликтот во граничната зона со Авганистан, но исто така треба да се смета на поддршката од Пакистан во рамките на ´војната против тероризмот´.

На крајот беше разгледан и третиот работен документ под наслов "2008-одлучувачка година за Западен Балкан" и известител беше г. Аграмунт (Шпанија).

Со седницата претседаваше г. Валтер, претседател на Комисијата за одбрана. прашања Под раководство на претседателот на СЗЕУ г. Масере и генералниот секеретар на СЗЕУ г. Камерон, воведно излагање имаше претседателот на ПБК на ЕУ амбасадорот К. Фон Гетзе, од Германското претседателство (ГП). На почетокот г. Фон Гетзе ги потсети учесниците на неколкуте значајни настани последниве месеци посветени на европската безбедносна и одбранбена политика, што сведочи за големата важност што ГП ја придава на реформите во цивилните и одбранбените капацитети на ЕУ согласно со стратегијата на ЕУ, со цел за успешно соочување со присутните конфликти и предизвиците во светот. Во тие рамки посебно место има стратешкиот дијалог ЕУ-НАТО, при што е договорена тесна соработка особено во однос на Косово и Авганистан. Тој се осврна и на состојбите во БиХ, Конго, Блискиот Исток, Кавказ и др. и во тие рамки на реализацијата на тековните мисии и подготвеноста на силите за брза реакција. Господин Фон Гетзе нагласи дека бројот на ЕУ мисиите последниве две години е на завидно ниво.

Во дискусијата по излагањето повеќе пратеници дадоа коментари и поставија неколку прашања, меѓу кои:

- дали ГП ќе настојува спојувањето на двојната функција на Високиот претставник на ЕУ за ЗНБП и МНР на ЕУ од 2009 година да биде вградена било во Уставот за ЕБОП и надворешната политика на ЕУ генерално;
- претставникот на Португалија постави прашање дали во ЕУ има политичка клима за позначаен напредок кон формирање европска армија, за што неодамна се заложи А. Меркел во интервјуто за Билд.

Господинот Јелинчиќ потсетувајќи на неуспехот на ЕУ и меѓународната заедница во 90-тите години од минатиот век за целосно решавање на проблемите во поранешна Југославија, запраша зошто ЕУ не дава поголем приоритет во решавањето на конфликтите во регионот на Западен Балкан и конкретната реализација на неговата европска перспектива, имајќи предвид дека нестабилноста е на самата граница на ЕУ со опасност да се прелее. Во таа смисла го спомена Косово, можните идни проблеми во Војводина, граничните спорови на Хрватска со БиХ и Словенија и "внатрешните проблеми во Република Македонија".

Господинот Александар Николоски изрази согласност со коментарите на својот словенечки колега и во однос на Косово истакна дека статусот треба да се реши што поскоро, но и запраша дали решението за независност ќе биде доволно за обезбедување стабилност на Косово во следните неколку години. Интересирајќи се за конкретните чекори на ЕУ за реализација на европската перспектива на регионот, тој запраша кога Република Македонија и Хрватска, како земји кандидати ќе можат да сметаат на членството во ЕУ, што ќе биде охрабрување на целиот регион.

Во одговорите, амбасадорот Фон Гетзе одговори потврдно на потребата за реализација на двојната функција на ВП за ЗНБП и МНР на ЕУ од 2009 година. Формирањето на европската армија треба да се реализира чекор по чекор. Во врска со Уставот тој истакна дека 18 земји членки го ратификуваа, било со референдум или

преку парламентите, зависно од новите уставни решенија, што претставува солиден успех. Се согласи со коментарот на словенечкиот пртставник за неуспехот на Балканот во 90-тите години, но не се согласи дека ЕУ повеќе инвестира во решавањето на конфликтите во другите делови на светот. Што се однесува до европската перспектива на Западен Балкан, тој наведе дека таа е конкретна преку големиот обем на реализирана помош на ЕУ во реконструкција и бројот на европски мировници на Косово и БиХ.

Во однос на прашањето на г. Николоски, тој оцени дека европската перспектива на Западен Балкан постепено се реализира. Хрватска веќе ги започна преговорите, а Република Македонија ќе биде помогната на тој пат и покрај тоа што брзината на процесот најмногу ќе зависи од реформските резултати во земјата.

На крај, претседателот ги информираше учесниците дека следниот состанок на Проширениот претседателски комитет ќе се одржи на 22 мај 2007 година во Италијанскиот сенат во Рим.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската унија на состанокот на Проширениот претседателски комитет може да се оцени како многу успешно и плодотворно. Македонската делегација оствари бројни контакти со пратеници од земјите членки на СЗЕУ и даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на овој состанок се остварува континуитет на соработката со Собранието на ЗЕУ и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во активностите на ова Интерпарламентарно собрание.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на 53-та Годишна сесија (прв дел), што ќе се одржи од 4 до 6 јуни 2007 година во Париз, Франција.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на колоквиумот на тема: "2008 - одлучувачка година за Западниот Балкан"***

***Љубљана, Република Словенија, 3-5 март 2008 година***

***Скопје, март 2008 година***

*Од 3-5 март 2008 година, во организација на Собранието на Западно-европската унија (ЗЕУ) и Собранието на Република Словенија (Државниот збор), во Љубљана, се оддржа Колоквиум-трибина на тема:"2008 - одлучувачка година за Западниот Балкан".*

*Делегацијата од Собранието на Република Македонија, која активно, со свои дискусии учествуваше во работата на колоквиумот, ја предводеше потпретседателот на Собранието, Благоја Зашов, а во нејзиниот состав беа и пратениците Владимир Ѓорчев, Александар Николовски, Весна Јаневска, Насер Ајдини и Рафис Алити. Во делегацијата беше и советникот за надворешна политика на Претседателот на Владата на РМ, д-р Александар Лепавцов, кој, во рамките на втората тематска сесија, имаше и свое излагање за постигнувањата на РМ во изминатиот период.*

На колоквиумот, кој се оддржа во рамките на Словенечкото претседателство со ЕУ, присуствуваа голем број пратеници од националните парламенти, политичари и научни работници, кои изнесоа свои видувања за актуелните состојби и предизвиците со кои се соочуваат земјите од регионот на Западниот Балкан, но и меѓународната заедница и посебно Европската унија.

Расправата се одвиваше во четири тематски сесии:

1) Претседателството на ЕУ и Западниот Балкан во 2008,

2) Водењето/владеењето, економскиот и општествениот развој и безбедноста во Западниот Балкан,

3) Европската унија и безбедноста и стабилноста на регионот и

4) Европските перспективи за Балканот.

Колоквиумот го отвори Претседателот на Државниот збор, **Франце Цукјати**, кој во своето воведно излагање се осврна на лекциите што меѓународната заедница и посебно Европската унија ги научија од конфликтите и кризите на Балканот. Притоа, нагласи дека најзначајната научена лекција е дека безбедноста и стабилноста (на Балканот) не можат да се постигнат без соработка, договор и координација на различни субјекти и институции, кои се грижат за безбедноста на Европа. Меѓународното учество во решавањето на кризите на Балканот покажа и предупреди дека Европската унија е навистина економски моќна, но недоволно ефикасна да се справува со безбедносните предизвици во нејзиниот двор. Неговото мислење е дека 2008-та година е клучна за Западниот Балкан, подрачје што и натаму останува политички, правно и економски нестабилно, соочувајки се со бројни предизвици (ги спомена следниве: недоволната соработка во регионот, неефикасното правосудство, прогласената независност на Косово, европската определба на Србија, како и изградбата на државните структури во Босна и Херцеговина). Словенија ги поддржува напорите на ЕУ да креира ефикасна заедничка безбедносна и надворешна политика, но за да стане глобален лидер во борбата за мир и стабилност во светот, мора најпрво да стане водечки миротворец на европското тло. За успешно остварување на таквата задача, значајна улога треба да има и меѓупарламентарната соработка и соработката во рамките на Собранието на Западно-европската унија, која веке 50 години се залага за европски интеграции во областа на безбедноста и одбраната и претставува своевиден форум и врска меѓу националните парламенти и европските влади. Европа мора да стапи во нова фаза на развојот на заедничката одбрана, за да се оспособи за навремено и ефикасно делување.

Безбедносната и одбранбената политика на Унијата не претставуваат веќе нејзина амбиција, туку нејзина одговорност. А, за развој на европската безбедност и одбрана не е доволна само институционална рамка, туку пред сé, чувство за поврзаност, соработка и меѓусебна координираност, засновани на заеднички интереси и приоритети. Стабилноста, безбедноста и подобрувањето на благосостојбата во регионот на Западниот Балкан, остануваат приоритетна задача на ЕУ. Повторното потврдување на неговите европски перспективи, како значаен поттик за политички и за економски реформи, се клучни фактори за долгорочна стабилност на регионот. Словенија доследно се залага за вклучување на државите од Западниот Балкан во

евроатлантските структури, и воедно води активна улога во процесите за нивна демократизација и се залага да се финализира процесот на потпишување на спогодбите за стабилизација и за асоцијација. Излагањето, Цукјати го заврши со пораката дека народите и владите од Западниот Балкан заслужуваат подобар пристап во поврзувањето со европскиот политички и стопански живот. Време е ЕУ да покаже поголемо разбираЊе и конструктивна одлучност да му помогне на регионот, кој го обременуваат бројни тешкотии и меѓунационални спорови.

**Роберт Волтер**, Претседавач со Комитетот за одбрана на Собранието на Западно-европската унија, нагласи дека значајни прашања остануваат отворени во регионот на Западниот Балкан, посебно по прогласувањето независност на Косово (ги наброја следниве: Како Србите ќе се соочат/справат со траумата дека изгубиле подрачје, што претставува важен дел од нивниот идентитет? Дали Владата во Приштина ке се држи до своите намери да го обезбедува мирот и јавниот ред; да формира независна полиција и правосудство; заштита на правата на Србите; да создаде амбиент за развој на стопанството и за вработување? Како прогласувањето на независноста на Косово ке влијае на другите потенцијални конфликти мегју суверените држави и тенденциите за отцепување?) Потребна е голема меѓународна поддршка и присуство на Косово, кои треба да помагаат во зачувувањето на мирот и стабилноста, но исто така, мора да се води грижа Србија да не биде отсечена од европските интегративни процеси.

Сефот на словенечката делегација во Собранието на Западно-европската унија, **Змаго Јелинчич Племенити**, констатира дека и натаму иднината на Балканот е тесно поврзана со стравот и нерешените прашања од минатото. Според него, денешното отсуство на конфликти и молкот на оружјето на Балканот, повеќе се резултат на меѓународното присуство, отколку знак на помирување и реинтеграција на регионот. Пред само една деценија, беше невозможно да се верува дека земјите од Западниот Балкан ќе бидат способни да се справат со предизвиците на транзицијата, но иако досега е многу постигнато, сепак многу прашања треба да се решат и потребно е на земјите од регионот да им се покаже вистинскиот пат кон евроатлантските интеграции. Гледано од денешна перспектива, стабилизација на Југоисточна Европа подразбира знаци: промовирање на демократизацијата и поддршка на демократски избраните парламенти и влади, поддршка на плурализмот и на отвореното граѓанско општество, почитување на човековите права и на правата на малцинствата, промоција на слободните и независни медиуми, поддршка на развојот на пазарната економија и соодветни структури за постигнување економски просперитет и зајакнување на колективните безбедносни структури. Сé додека се дебатира за потребата од воспоставување европски идентитет во одбраната, проблемите ќе останат да се решаваат во рамките на НАТО, што помалку или повеќе претставува следење на насоките добиени од Вашингтон. Нашата желба да бидеме сојузници ја надмина нашата потреба да бидеме Европјани, што е всушност чуден парадокс и е најголем генератор на слабоста на Европа. Сé уште не е јасен концептот за "европска безбедност". На Европската унија и се потребни моќна (сопствена) воена сила, силни одбранбени и безбедносни механизми и моќни заеднички разузнавачки служби. На Европската унија и натаму ќе и биде потребна Западно-европската унија и нејзиното Собрание, како единствена интерпарламентарна институција, одговорна за прасањата од Европската одбранбена и безбедносна политика, надгледувајќи го спроведувањето на одлуките од оваа сфера.

Претседавачот со Комитетот за одбрана во Државниот збор на Република Словенија, **Антон Андерлич**, говорејќи за критичноста на јавното мислење при испракање војници во мисии во странство, рече дека е потребно националните парламенти да бидат навремено информирани и вклучени во почетни фази на планирање на воените мисии на ЕУ, со цел соодветно да им се објасни на граѓаните оправданоста на тие мисии.

Министерот за одбрана на Република Словенија, **Карл Ерјавец**, презентираше видување дека вистинската причина за конфликтите во регионот не беа меѓуетничките поделби и антагонизми, туку економските и социјалните тешкотии. Се осврна на актуелните проблеми во регионот на Западниот Балкан. Посебно се задржа на подготовките и значењето на EULEX мисијата на Косово, а пред сѐ, за конструктивната и координирана соработка меѓу повеќето институции и фактори (NATO/KFOR, UN, OSCE, како и локалните власти), што мора да биде заснована врз принципот на "споделена одговорност". Ги пренесе заедничките позиции на министрите за одбрана во однос на Косово и на Босна и Херцеговина. Министрите го споделуваат гледиштето дека, на долг рок, декларацијата за независност на Косово ќе придонесе за стабилизација на регионот, и дека неодамнешните немири во Србија не го покажуваат вистинското лице на таа земја. Во рамките на ЕУ постои согласност дека на Србија мора да и се даде поддршка за европска перспектива, што би водело кон натамошна демократизација на земјата, и да се овозможи нејзин најбрз финансиски и економски развој. Во однос на БиХ, постои согласност дека и натаму е потребно ЕУ да остане воено присутна во таа земја, а одличната соработка меѓу НАТО и ЕУ во БиХ би можела да послужи за пример како да се соработува и во други операции. Потребно е да продолжат реформските процеси во политиката, одбраната и економијата во БиХ и само на тој начин земјата може да има јасна евроатлантска перспектива. Целта на ЕУ е да промовираат владеење на правото и демократијата, безбедноста, стабилноста и европските стандарди во целиот регион на Западниот Балкан. Со цел да се спречи ефектот од евентуално прелевање, главна желба и задача на меѓународната заедница е подобрување на состојбите на Косово и успешно завршување на мисијата**. Најави дека на 21-22 јуни 2008 година, во организација на Министерството за одбрана на Република Словенија, во Љубљана ќе се одржи неформален регионален состанок на министрите за одбрана од земјите од Југоисточна Европа.**

**Началникот на Генералштабот на ЕУ, генерал-полковникот Дејвид Лики (David Leakey)**, се осврна на актуелната безбедносна состојба во БиХ, оценувајќи ја како бенигна од 2004 година, односно од доаѓањето на EUFOR мисијата, и со проценка дека независноста на Косово нема директно да влијае за нови конфронтации меѓу претставниците на различните етнички заедници. Клучни за стабилноста остануваат економскиот развој, борбата против корупцијата и реформите во полицијата. Тоа е и причината за постигнатата согласност да не се утврдува датум за завршување на EUFOR-ALTHEA мисијата, сѐ додека не се обезбеди самоодржив развој и трајна безбедност и стабилност во БиХ.

Претседавачот со Бордот на директори на **Transparency International Bosnia, Борис Дивјак**, презентираше графички приказ и податоци за степенот на корупција и мито, што се присутни во сите земји од Западниот Балкан. Главните проблеми остануваат во јавниот сектор, непримената на легислативата, недостатокот на меѓуинституционална соработка, како и не докрај прецизираната поделба на задачите меѓу националните влади и меѓународната заедница.

**Д-р Андреј Лепавцов**, советник за надворешни работи во Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија, ги презентираше постигнувањата на РМ со реални очекувања дека РМ ќе добие покана за прием во НАТО на Самитот во Букурешт, иако не ја исклучи можноста од вето од страна на Грција. Изрази и очекување дека по три години кандидатски статус, Република Македонија, заслужува (врз основа на постигнатите резултати и спроведените реформи) да ги отпочне преговорите за прием и во ЕУ. Потенцира дека РМ, од самиот почеток изразува јасна поддршка на Планот на Ахтисари, со посебно нагласување на потребата од што поскоро демаркирање на северната граница со Косово.

Потпретседателот на Националното Собрание на Република Српска, **Огнен Тадиќ**, рече дека е време да се одлучи дали Босна и Херцеговина ќе биде третирана како независна земја или сé уште на неа ќе се гледа како на меѓународен протекторат? Дали БиХ ке стане дел од ЕУ или засекогаш ќе остане на нејзините порти? Развојот на настаните во Србија директно ја засегаат и Република Српска иако меѓународната заедница го тврдеше спротивното. Ја нагласи и итната потреба од економски инвестиции од ЕУ.

**Министерот за одбрана на БиХ, Селмо Цикотиќ**, објасни дека одбранбениот сектор на БиХ значително е трансформиран од крајот на војната. Обединувањето на одбранбениот сектор во едно министерство за одбрана (што беше незамисливо до пред неколку години), придонесе за успешност во спроведувањето на реформите во одбраната, спроведувани и надгледувани од структурите на НАТО, преку Програмата Партнерство за мир. Сепак, останува уште многу работа и време до спроведување на реформите во полицијата. Очекува дека наскоро ќе нема потреба од воено присуство на ЕУ во земјата, но и натаму ќе биде неопходна цивилна поддршка.

* * * * *

Во расправите со свои прашања и дискусии активно учествуваа и пратениците од Собранието на РМ, Благој Зашов, Владимир Ѓорчев, Александар Николовски и Весна Јаневска. Во настапите беа презентирани аргумените на РМ за добивање покана за прием во НАТО, со оглед на успешно спроведените реформи во неколку значајни сфери (стопанството, судството, полицијата и одбраната) и исполнувањето на поставените задачи од НАТО. Посебно беше нагласен фактот дека РМ, иако не е членка на Алијансата, активно учествува во нејзините мисии во светот, придонесувајќи за глобалниот мир, но и квалитативно зајакнувајќи ја меѓусебната доверба со НАТО.



**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Република Македонија во Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-РМ***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***од Четвртиот мешовит парламентарен состанок за Лисабонската стратегија, одржан на 11 и 12 февруари 2008 година во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија***

***Скопје, февруари 2008 година***

*На 11 и 12 февруари 2008 година, во просториите на Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија, се одржа Четвртиот мешовит состанок за Лисабонската стратегија. На состанокот учествуваа пратеници од националните парламенти на сите земји членки на Европската унија, пратеници од националните парламенти на земјите кандидати и пратеници од Европскиот парламент. Од Собранието на Република Македонија учествуваше пратеникот* ***Панче Дамески****, како и* ***г-ѓа Маријана Опашинова****, советник за мултилатерална соработка во Собранието на Република Македонија.*

Со седницата претседаваа **г-ѓата Роди Краца Цагаропулу**, потпретседател на Европскиот парламент и **г. Франце Цукијати**, претседател на Парламентот на Република Словенија. На седницата, исто така, свои обраќања имаа **г. Жозе Мануел Барозо**, претседател на Европската комисија, **г. Гинтер Верхојген**, потпретседател на Европската комисија и комесар надлежен за претпријатија и индустрија и **г. Жига Турк**, министер за раст и развој на Република Словенија.

Потпретседателот на Европскиот парламент Краца Цагаропулу и претседателот на Словенечкиот парламент г. Франце Цукијати, по официјалното отворање на состанокот му дадоа збор на **комесарот Верхојген,** кој своето излагање пред парламентарците го посвети на актуелните прашања во Унијата поврзани со Лисабонската стратегија. Од нив, меѓу првите, го наведе проблемот со се поголемиот пад на наталитетот и стареењето на популацијата во Унијата, што директно влијае на растот, развојот и одржливата вработеност во Европа. Во однос на економската ситуација, тој наведе дека макроекономската стабилност е позитивна и дека проширувањето во значителна мера придонесло за подобрување на состојбата на тој план. Со креирањето на 6,5 милиони вработувања во Унијата од 2005 година наваму, пазарот на труд бележи значителен раст, а очекуваните проекции се нови 5 милиони вработувања во периодот 2008-2009 година. Она што загрижува во моментот и на што се фокусирани реформите предвидени во Лисабонската стратегија е имплементирањето на заеднички социјални, економски и образовни политики и мерки за нивелирање на состојбите во земјите членки поради нееднаквата развиеност на сите земји членки, недостигот на работна сила во одредени региони, недостигот на квалификуван кадар и нееднаквата образовна структура на населението во Унијата.

Во однос на глобализацијата, комесарот констатираше дека Унијата по неколкуте проширувања напредува со својата конкурентност, но сепак се потребни поголеми резултати во економијата и подоследно имплементирање на структурните реформи. Извозот е задоволителен, а европскиот единствен пазар е функционален, па заклучок е дека унијата е заштитена во одредена мера од потресите на глобалната економија. Со цел за успешно справување со предизвикот на конкурентност на светско ниво, тој рече дека Унијата тоа ќе го постигне само преку инвестирање во иновации и доколку 3% од БДП се инвестира во истражување и развој, доколку има поголема заштита на правата на интелектуална сопственост, како и со развивање на економија заснована на знаење и преку давање на поголемо значење на малите и средните претпријатија.

По отворањето на состанокот, работата се одвиваше во три работни групи, и тоа:
РГ1: Внатрешен пазар и стратегии - Истражување и развој, одговори на глобализацијата
РГ2: Инвестирање во луѓе и пазар на труд
РГ3: Мерење на напредокот и следење на имплементацијата на Лисабонската стратегија

Пратеникот Панче Дамески ја следеше работата во Втората работна група за инвестирањето во луѓе и пазарот на труд. Во текот на дискусијата, учесниците од одделни земји членки на ЕУ, како и европратениците, искажаа свои мислења по однос на начинот на имплементација на Лисабонската стратегија и за состојбите на тој план во секоја од тие земји. Сите пратеници, вклучително и пратениците од Европскиот парламент, беа едногласни во ставот дека од националните буџети и од европскиот

буџет се издвојуваат малку средства за истражување, развој и иновации. Исто така, малку внимание се посветува на инвестирањето во образованието, особено во делот на докомплетирање на средото образование, а состојбата покажува висока стапка на отпишување и голем процент на млади луѓе кои немаат завршено средно образование. Беа дадени предлози за воведување задолжително образование најмалку до 16 години во земјите членки. Исто така, преовладуваше мислењето дека Унијата постигнала значаен напредок во однос на конкурентноста на глобалниот пазар и дека во иднина треба да продолжи да се фокусира на инвестирање во делови во кои Унијата имала успех на економски план, а да се избегнува инвестирање во области во кои Унијата не може да биде конкурентна со државите од азискиот континент.

Учесниците, изложувајќи ги состојбите во своите земји во однос на процентот на вработеност на работоспособното население, стапката на вработеност кај женската популација, социјалните права и стандарди и наталитетот, уште еднаш го потврдија фактот дека во Унијата има големи разлики во овие сфери, кои со Лисабонската стратегија треба до одреден степен меѓусебно да се приближат. Карактеристично за сите пратеници од земјите од Западна Европа беше загриженоста за стареењето на популацијата и ниската стапка на наталитет, како резултат на брзиот економски развој и потребата за поголема конкурентност, потребата за ангажирање на работна сила по пензионирање, како и зголемениот увоз на работна сила од помалку развиените земји. Од друга страна, пратениците од земјите од Источна Европа изнесоа свои согледувања за намалувањето на процентот на невработеност, но не како резултат на отворање на нови работни места, туку како резултат на миграција на нивните граѓани за подобри плати во земјите од Западна Европа, потоа малиот процент на вработеност и помала платеност на женската популација во нивните земји, нискиот процент на квалификувана и образована работна сила, како и нискиот степен на социјални права и заштита на работниците во тие земји.

На крајот од дебатата во оваа работна група се изнесе заклучок дека Европската унија и земјите членки треба да инвестираат повеќе во истражувањето и развојот на сите нивоа, да им посветат поголемо внимание на младите луѓе, да ја намалат дискриминацијата кон жените на работното место и да го зајакнат и подобрат дијалогот со невладините организации и социјалните партнери во изготвувањето на пакет мерки и програми во овие сфери.

* * * * *

Министерот за раст и развој на Република Словенија **г. Жига Турк** и претседателот на Европската комисија **г. Жозе Мануел Барозо** имаа интерактивна размена на мислења со пратениците во вториот дел на пленарната седница. Министерот Турк рече дека со промовирањето на Лисабонската стратегија во 2005 година, Европа бележи успешни резултати, и тоа: економски раст од 2,7%, создавање на нови 6,5 милиони работни места, намалување на стапката на невработеност под 7%, јавен долг под 60% и намалување на буџетскиот дефицит на околу 1,1% од бруто домашниот производ. Тоа се должи на фактот што европските лидери во 2005 година ја поставија глобализацијата како конкурентност на Европа со САД и Јапонија и што во голем дел одговорноста за процесот се пренесе на земјите членки. Консолидирањето на светската сцена во изминатите години и овозможи на Европа да се отвори кон светот и да учествува во креирањето светски трендови како глобализацијата, комуникациската револуција, третата индустриска револуција и концептуалната ера. Новиот циклус на имплементација на стратегијата 2008-2010 година ќе налага поддршка од сите инволвирани актери.

На пролетниот состанок во март оваа година, Советот на ЕУ ќе усвои интегрирани насоки (макроекономски, микроекономски и насоки за вработување), како и посебни препораки за земјите членки во однос на нивниот напредок при

имплементирање на националните реформски програми и ќе ги повика сите страни - Советот, Комисијата и Парламентот да ја имплементираат Лисабонската програма. Советот, исто така ќе даде поддршка на неколку клучни активности и цели во четири области од приоритет: европската посветеност за животната средина, европската посветеност за граѓаните и нивниот социјален статус, напорите за поактивна Европа и напорите за поиновативна и покреативна Европа.

Енергијата и климатските промени не можат и не смеат да се разгледуваат одвоено, туку во склоп на Лисабонската стратегија. Индустријата, со помош на науката и технологијата, мора да биде поттикната да развива нова генерација на конкурентни, енергетски ефикасни производи и услуги со кои ќе се пробива на странските пазари.

Флексигурноста ќе овозможи баланс меѓу економијата која налага функционален пазар на труд и безбедност за луѓето што ќе им овозможи лесно наоѓање на работа. Во таа насока, посебно внимание треба да се посвети на доживотното учење, образованието на младите и секако на демографските предизвици.

Исто така, мора да се намали недостигот на иновативни и креативни мали и средни претпријатија во Европа и да се зголеми нивниот пристап до развојни ресурси. Треба да се продлабочи внатрешниот пазар во сферата на услугите и мрежните индустрии, да се подобри законодавството и да се намалат административните бариери. Моќниот и функционален пазар е подобра одбрана од глобализацијата од искушенијата за протекционизам.

Знаењето мора да стане петтата слобода, а Европа мора да има единствена област на знаење што ќе биде достапна за секого, ќе поддржува иновации, област на знаење што е соодветно заштитено со европски патент и авторски права, координирано со различни европски истражувачки и развојни политики и со националните политики на сите земји членки.

На крајот, министерот Турк рече дека мора да продолжиме во инвестирањето во истражување и развој, а целта од 3% ќе ја постигнеме со развивање на врвна наука и технологија, со промени во високото образование и со промовирање на европските вредност и креативност во светот.

**Претседателот Барозо** истакна дека Лисабонската стратегија е динамична стратегија и дека промените кои предвидуваат стабилност, кредибилитет, јачина на еврото и на европската економија се основите врз чија основа Европа може да ја преброди моменталната светска економска бура. Исто така, за постигнување на сигурен успех земен е предвид факот дека ситуацијата во секоја од земјите членки е различна и специфична на свој начин, но исто така и дека секоја од земјите мора да преземе национална сопственост врз процесот. Тој рече дека посебен акцент ќе се стави на инвестирањето во истражувањето и развојот и дека секоја од земјите членки треба да одвојува 3% од својот буџет за таа намена. Слободата на движење на знаењето треба да стане петта европска слобода. Лисабонската стратегија мора да биде стратегија за оспособување на секој европски граѓанин. Подоброто образование, подобрите можности и пазари и подобрената животна средина за сите, се областите во кои стратегијата треба да донесе резултати и да ја направи Европа поконкуретна на светскиот пазар.

Барозо, исто така, посочи дека граѓаните не се доволно информирани за новиот циклус на Лисабонската стратегија. Во периодот што следи, поголемо внимание треба да се посвети на нејзината промоција, но и избегнување на пропусти што беа правени во минатото како резултат на строгата централизираност на целиот процес. Промените предвидени во Лисабонската стратегија налагаат поголема вклученост на сите земји од Унијата и поширо〕ка информативна кампања меѓу граѓаните.

* * * * *

Учеството на Делегација од Собранието на Република Македонија на овој тип состаноци е од исклучителна важност за нашите пратеници, заради нивно изворно запознавање со актуелните случувања во Европскиот парламент и во Унијата пошироко, но и за разговори и размена на искуства со пратениците од националните парламенти и европарламентарците, како и за презентација на сите чекори што ги презема Република Македонија за исполнување на нејзината приоритетна цел, а тоа е полноправното членство во ЕУ.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Студиската посета на Италијанскиот парламент на група државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија, реализирана на 7 и 8 април 2008 година во Рим, Република Италија***

***Скопје, април 2008 година***

*Во организација на Италијанскиот парламент, а со поддршка на TAIEX Програмата на Европската комисија, на дводневна студиска посета наменета за парламентарни службеници кои работат во доменот на надворешната политика, меѓународната соработка и европските прашања, престојуваше група државни службеници од Службата на Собранието на Република Македонија во состав: г-ѓа Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Љиља Трпковска, советник на Комисијата за надворешна политика, г-ца Лаура Кадриу, помлад соработник за меѓуетнички односи во Кабинетот на претседателот на Собранието и г-ца Христина Рунчева, помлад соработник за надворешна политика во Кабинетот на претседателот на Собранието.*

Во рамките на Програмата, беа реализирани повеќе средби со службеници од Италијанскиот Сенат и една средба со службеници од Претставничкиот дом на Парламентот на Република Италија. Темите по кои се водеа разговорите беа следните:

- Надлежноста и активностите на Секторот за меѓународна соработка во Италијанскиот парламент;
- Постојаниот комитет за европски политики;
- Учеството на италијанските парламентарци во активностите на меѓународните организации;
- Сенатот и меѓународните настани;
- Односите на Италијанскиот парламент со Европската унија: креирањето на европското законодавство;
- Односите на Италијанскиот Сенат со Европската унија: транспонирањето на европската легислатива;
- Документација и банки на податоци за европски прашања;
- Улогата на информационите и комуникиционите технологии во работењето на парламентарците.

Целта на студиската посета, гледано од аспект на посветеност на Службата на Собранието на Република Македонија во континуираното подобрување на нејзините капацитети, беше здобивање на сознанија за начинот на одвивање на меѓународната соработка и водењето на европските политики во еден од парламентите на земја-членка на Европската унија која има долга и богата традиција на парламентарна дипломатија - Парламентот на Република Италија. Особено значајно беше осознавањето на методологијата на работа на Секторот за меѓународна соработка и Секторот за европски политики, од аспект на водењето на проактивна меѓународна политика и конструктивна улога на парламентот во креирањето на европската политика и европското законодавство.

* * * * *

**1.** На состанокот со ***г. Џовани Бајоки, Секретар на Постојаниот комитет за политиките на ЕУ во Италијанскиот Сенат***, беше разгледана улогата на Италијанскиот Сенат во креирањето на европското законодавство. Беше посочено дека и Сенатот и Претставничкиот дом имаат иста ваква комисија, кои во својата работа се меѓусебно поврзани и координирани, а администрацијата е организирана на идентичен начин. Притоа, и Сенатот и Претставничкиот дом во своите активности добиваат насоки за својата работа од Постојаниот претставник во Брисел, службеник кој не е постојано резидентен во Брисел.

Четиринаесетиот постојан комитет за политиките на Европската Унија е основан во 2003 година и го заменува поранешниот Комитет за европска заедница (основан во 1965 год.), кој всушност ја претставува рамката на поширока ревизија на Правилата на

Сенатот кои се однесуваат на односите помеѓу Сенатот и Европската Унија. Во 1993 година функционирањето и статусот на Постојаниот комитет се менува со усвојувањето на правото да расправа и да одлучува согласно со Законот за заедницата, т.е. европското право.

Постојаниот комитет е одговорен за Европската регулатива и негова примарна задача е да ја спроведува Европската легислатива во Италија. Тој се состои од 29 членови на комитетот. Според новото 22-ро Правило на Сенатот, составувањето на постојаниот комитет за политиките на Европската Унија е многу специфичен односно се разликува од другите тринаесет комитети на Сенатот. Имено оваа комисија се формира последна, откако ќе се состават другите комисии, како би можело да се определат по двајца пратеници од секој комитет да членува во четиринаесетиот комитет. Двојното членство им дозволува на членовите на четиринаесетиот комитет да ги комбинираат солидните европски познавања со квалитетни суштински и специјални познавања на области од општествениот живот.

Општо земено, Постојаниот комитет има општа јурисдикција над уставните аспекти на активностите на Европската Унија и над нејзините тела како и во однос на воведувањето на мерки од заедницата кон Италија. Исто така постои и овластување во врска со согласување со правото на заедницата. Тој е одговорен за односите со Европскиот парламент и со Конференцијата на комитетите за европската заедница на парламентите (COSAC). Како основна задача на овој Комитет е подготовката на Извештај до Сенатот за Community bill (Годишен извештај на Владата за европските закони), кој Владата го поднесува до Сенатот секоја година најдоцна до 31 јануари. За да овој Закон стане правосилен, потребна е согласност по истиот од двата дома на Парламентот.

Главните функции на Постојаниот комитет во овој контекст вклучуваат: дебати за предлог мерките на комисијата кога се присутни владините министри, прашања кои се поврзани со договорите на ЕУ, директивите на ЕУ и нивната имплементација во домашното законодавство, преку што Комитетот може да постави водечки насоки за Владата.

Интересно за споменување е дека европското законодавство, спаѓа во домашно законодавство и секогаш се разгледува како внатрешно право, а не како (надворешно) право на Унијата.

**2.** На состанокот со **г. Луиџи Џианити, Шеф на канцеларијата за односи со институции на ЕУ и Секретар на Постојаниот комитет за надворешни работи на Италијанскиот Сенат**, беше разгледана улогата на Европската комисија и Европската Унија во корелација со националните парламенти во процесот на спроведување на Европското законодавство.

Улогата на националните парламенти е да бидат конструктивни во Европската унија, со оглед на фактот што Европското законодавство станува се посложено. Секој нацрт закон за европските закони се доставува до националните парламенти, при што во период од 8 недели парламентот испраќа повратен одговор до Комисијата на Европската унија или пак до друга институција. Традиционалната улога на националниот парламент е да дава совети за прифаќање на закони, (на пример, Данска, Финска, имаат уставни одредби за задолжително разгледување на мислењето на парламентот во врска со прифаќањето на законодавството на ЕУ). Дотолку повеќе што со влегувањето во сила на Лисабонскиот договор следната година, улогата на националните парламенти ќе биде уште повеќе зајакната. Согласно овој Договор, секој закон ќе се разгледува во две фази: подготвителна (фаза во која најголемото внимание ќе биде фокусирано на квалитетот на законот) и имплементирачка фаза (кога владите ќе го разгледаат законот од аспект на избегнување на секаква евентуална повреда при неговото имплементирање во пракса). Лисабонскиот договор предвидува законска рамка за супсидијарна контрола, а тоа подразбира политички дијалог и обврска за повторна расправа во Европскиот парламент. Според Лисабонскиот договор, националните парламенти активно придонесуваат за доброто функционирање на

Унијата со тоа што земаат конструктивно учество во меѓупарламентарната соработка, односно помеѓу националните парламенти и Европскиот парламент.

**3.** На состанокот со ***г. Давид Капуано, парламентарен службеник во Службата за меѓународни работи во Сенатот на Италија и ЕУ законодавство***, беа разгледани условите и начинот за хармонизација на домашното законодавство во согласност со стандардите на законодавството на Европската унија, преку примерот на нашиот парламент. Кандидатскиот статус на Република Македонија, во фазата пред да бидат отворени преговорите со ЕУ, ја наметнува неопходноста од подготвеност на Собранието во насока на добро познавање на институциите на ЕУ, начинот на кој тие функционираат, како и начинот на преговори за триесет и едно полглавје кои се неопходни за исполнување на условите и стандардите за полноправно членство.

Беше нагласена комплексноста на процесот на хармонизација на домашното законодавство, кое неизбежно ќе претрпи низа промени со цел да се усогласи со законодавството на Унијата. Притоа треба да бидат спроведени два процеси, од кои првиот е адаптација на законодавството, а вториот е да се зачува националниот интерес на земјата.

Целта на Унијата е да обезбеди мир, благосостојба и просперитет на земјите членки. Г. Капуано очекува во следниот бран на проширување на Унијата, нејзини нови членки да станат Хрватска, Македонија и Турција.

Во однос на Community bill - законскиот текст кој се усвојува најдоцна до 31 јануари секоја година и кој содржи правила и насоки кои овозможуваат спроведување на директивите и регулативите на Европската Унија, беше нагласена важноста на овој акт кој единствено ги регулира прашања од сферата на ЕУ и при неговото разгледување, секој амандман кој не се однесува на работи од сферата на Унијата, нема да биде земен предвид.

**4.** На состанокот со ***г-ца Алесандра Лаи, раководител на Канцеларијата за односи со меѓународни тела за учество на италијанските Сенатори во активностите на меѓународните собранија***, беа разгледани улогата и активностите на меѓународната соработка на италијанските сенатори во рамките на меѓународните собранија. Овие активности се одвиваат преку петте делегации во: Советот на Европа, НАТО, ЦЕИ, ОБСЕ и ЗЕУ. Во моментот овие меѓународни активности се сведени на учество на дел од италијанските сенатори (кои не се кандидати за претстојните парламентарни избори) на некои од состаноците на меѓународните собранија. По конституирањето на Сенатот, ќе бидат оформени и делегациите во меѓународните собранија.

Делегациите се формираат согласно принципот за пропорционалната застапеност на различните политички партии, на предлог на парламентарните групи, а формално се составуваат од страна на Спикерот на Сенатот. Одржувањето на политички баланс е базично, при што често шефови на делегациите се сенатори од опозицијата кои се мошне активно вклучени во процесот на соработка. Така, задолжително е шефот на телото за парламентарна контрола на разузнавачките служби да биде од опозицијата, со што се обезбедува максимална гаранција на демократските процеси.

Со цел успешно остварување на својата должност, сенаторите се поддржани од парламентарните служби и тоа во три нивоа: логистика, истражување и парламентарно ниво:

а) Во поглед на логистиката, службите на Сенатот се обврзани да направат план на меѓународната посета и при тоа да остварат контакт со дипломатско-конзуларните претставништава, да обезбедат визи, протоколарни активности за патувањето.

б) Во делот на истражување, службите се задолжени да ја подготват секоја средба од меѓународен карактер. За таа цел се служат со сопствената документација на Сенатот, Министерството за надворешни работи, информации кои се обезбедуваат преку соодветни тинк-танкови (think-thank), како и медиумските

извештаи. Во оваа насока, Италијанскиот Сенат има ангажирано служби за превод на новинарски текстови објавувани од повеќе светски медиуми од арапски, руски јазик, и други јазици, по потреба. Истражувачката дејност е помогната повремено и од стажантите на Сенатот.

ц) Во поглед на политички и парламентарен контекст на меѓународната активност на Сенаторите, таа е насочена кон неколку приоритети. Тоа се:
- Градењето добри односи со Медитеранските земји;
- Јакнење на Трансатланските односи;
- Успешна парламентарна соработка со ЕУ и НАТО;
- Одржување на добри односи со Русија.

Покрај активната и успешно остварена меѓународна активност на сенаторите, медиумите не покажуваат интерес за следење на меѓународната соработка.

Г-ца Лаи на крајот од средбата го изрази незадоволството на Италијанскиот парламент од функционирањето на ЗЕУ, како институција формирана од владите на земјите членки, чија улога и надлежности во денешни услови се преклопуваат со оние на европските институции. Неефикасното функционирање треба да биде заменето со јакнење на постоечките институции на ЕУ во насока на безбедност и соработка во Унијата.

**5.** Главна задача на **Секторот за односи со Европската унија** во Претставничкиот дом на Италијанскиот парламент е да ја поддржи активната улога на Претставичкиот дом во процесот на одлучување во ЕУ и во политичките дебати за европските прашања во парламентот.

Како активности кои се извршуваат во Секторот од страна на службите се посочија: константно следење на активностите на европските институции, обезбедување на информации и документација за овие активности со цел да се помогне работата на работните тела на парламентот, односно пратениците, како и канцеларијата на Генералниот секретар, унапредување на односите меѓу работните тела на парламентот и оние на Европската унија, унапредување на соработката меѓу парламентите на Европската унија, извршување на задачите во врска со процедурите на Европската унија и нивно усогласување со Деловникот за работа на парламентот на Италија како и актулната легислатива, понатаму организирање на структура односно испраќање претставник на парламентот во институциите на ЕУ како и поддршка на разните иницијативи преземени од страна на Претставничкиот дом а во врска со европските прашања (организирање на состаноци, конференции и семинари).

Овој сектор работи постојано и во две седишта: едно во Рим и едно во Брисел (или Стразбур), каде што службениците ротираат како офицери за врска меѓу парламентот и институциите на ЕУ. Секторот брои служба од 18 члена (четворица советници, осум службеници за документација и 6 технички секретари)

При **мониторингот на институциите на ЕУ,** Секторот посветува посебно внимание на:

- процесот на ревидирање на Европските договори, во сите институции и форуми,
- генералните политички насоки поставени од Европскиот совет, законодавството и политичкото планирање на Европската комисија, Советот на ЕУ и претседателството на ЕУ во однос на релевантните документи на Претставничкиот дом;
- подготвителната фаза на законодавството и регулаторните иницијативи од страна на Европската комисија, а особено консултативните документи (Бели книги, Зелени книги и белешки);
- мониторинг на усвојувањето на нацрт законодавните предлози, особено во Европскиот парламент и Советот;

- разгледување на прекршочните процедури против Италија, иницирани од Европската комисија, како и другите судски процедури кои се однесуваат на Италија

Со цел успешно извршување на активностите на мониторингот во Секторот се користат различни извори, инструменти и работни методи како што се:

- Веб страната на институциите на ЕУ, новинарски агенција, како и други печатени документи (дистрибуирани во телата на ЕУ, списанија и публикации)
- спроведување на директни односи со Европските институции и нивните канцеларии;
- акти и документи кои Италијанскиот парламент ги добива од Владата кои потоа се менаџираат од страна на Секторот, а кој ги дистрибуира до релевантните комисии;
- соработка со релевантните сектори на Италијанската влада, особено со Секторот за европска политика и Министерството за надворешни работи.

Со цел навремено информирање на комисиите и пратениците, Во Секторот се подготвуваат два типа на документи:

- **Првиот тип на документи** директно се однесува на документите за активностите на ЕУ од различни европски извори, а кои им помагаат на пратениците поедноставно да ја следат работата на ЕУ институциите;
- **Вториот тип на документи** се однесува на фазите на парламентарно разгледување на предлог-законите или другите прашања од домашната политика а во врска со нивната европска димензија. Во вакви случаи **Секторот за истражување** подготвува генерални документи, кои вклучуваат анализи од актуелното законодавство на ЕУ.

.

**6.** Информационата и техничко-технолошката поддршка на работата на италијанските сенатори и парламентарци ја претставија претставници на ***Секторот за информатика***, при што беше презентиран Интернет порталот на Сенатот и банките на податоци. Основна функција е секојдневна поддршка, помош и грижа за информатичкото работење на парламентот во целина. Секторот за меѓународна соработка има свој посебен дел на веб-страницата, со база на податоци на документите од овој делокруг на парламентарното работење.

За илустрација: има 2,500 домејн корисници, 2000 лап-топи и 200 принтери. Секој пратеник и сенатор има две електорнски адреси (една службена и една приватна), а дневно се процесуираат 30,000 електронски пораки. Сите материјали се испраќаат електронски.

**7. Согледувања и препораки**

- Повеќе од потребно е во рамките на Службата на Собранието да се развие **Сектор за европски интеграции** која ќе служи како административна поддршка на Комисијата за европски прашања, Националниот совет за евроинтеграции како и на сите останати постојани комисии кога разледуваат закони со европски предзнак;

- Многу поголемо внимание во иднина треба да се посвети на развој на **Секторот за истражување и анализа**, негово доекипирање со квалитетен кадар и нивна тесна соработка со Секторот за меѓународна соработка и Секторот за европски интеграции;

- Воглавно, работата во **Секторот за меѓународна соработка** во Собранието на Република Македонија ги задоволува стандардите кои постојат во Италијанскиот парламент, но потребно е поголемата соработка со **Секторот за истражување и анализа и со новиот Сектор за европски интеграции.** Потребата се јавува заради координирана подготовка на заеднички документи за информирање на постојаните комисии, односно, постојаните и Ad-hoc делегации, како и на сите пратеници заради компаративни анализи за одредени закони, посети на странски делегации во земјата и учество на меѓународни настани;

- Во Претставничкиот дом на Италија постојат само тринаесет пратенички групи за соработка со одредени парламенти кои се регулирани со потпишување на одредени Протоколи за соработка, а тие земји имаат особен стратешки интерес за Италија. Меѓу нив спаѓаат Шпанија, земјите од Блискиот Исток и Латинска Америка, а во последно време и со Русија. Во оваа насока, може да се согледа можноста во иднина, при формирањето на пратеничките групи за соработка во Собранието на Република Македонија да се земаат предвид следните критериуми: стратешките интереси за парламентарна соработка, негувањето на добрососедските односи, традиционалните релации, и сл. Потребно е да се посвети внимание особено во бројот на пратеничките групи, за да може нивната работа да биде конструктивна и ефикасна;

- Потребно е зајакнување на улогата на постојаните комисии, како и унапредување на службите што работат во комисиите. Посебно место во Италијанскиот сенат има Комисијата за европски прашања и особено е впечатлив начинот на нејзино формирање со учество на по двајца пратеници од сите комисии, со што се обезбедува членување на пратеници со посебни познавања од различни области. Често пати Комисијата е овластена да дава свои мислења и да комуницира со Европските институции во име на Италијанскиот сенат.

- Во ерата на информатичкиот напредок, потребно е следење на сите негови придобивки преку примена на: е-парламент, електронско доставување на сите работни материјали до пратениците и секојдневно ажурирање и збогатување на постојната веб-страница на Собранието на Република Македонија.



**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Служба на Собранието***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за посетата на Делегацијата од Службата на Собранието на Република Македонија на Големото народно собрание на Република Турција, остварена од 12 до 20 април 2008 година***

***Скопје, април 2008 година***

*Во организација на турската владина администрација за развој и соработка - ТИКА, Претседателството на друштвото за законодавство и Големото народно собрание на Турција, Делегација од Службата на Собранието на Република Македонија оствари студиска посета на Големото народно собрание на Турција и на Службата на Собранието, во Анкара, од 12 до 20 април 2008 година. Делегацијата беше предводена од г. Вјекослав Анѓеловски, заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, а во нејзин состав беа: г-ѓа Снежана Гушева, државен советник за уставен и политички систем, г-ѓа Лилјана Ивановска, раководител на Секторот за законодавство, г-ѓа Ана Петрова Чемерикиќ, раководител на Одделението за преведување, г. Тодорче Лукаровски, раководител на Одделението за библиотека, г. Тодор Пендаров, советник за односи со јавноста во Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Илмије Јашари, советник во Одделението за подготвување на седници, г-ца Маријана Опашинова советник за мултилатерална соработка, г. Владо Кралевски, виш соработник за протокол и г-ѓа Ѓулсер Клинче, преведувач по турски јазик во Службата на Собранието на Република Македонија.*

Целта на проектот "Програми за споделба на знаењето" беше пренесување и споделување на искуства во однос на разни аспекти од парламентарното работење, вклучително целокупната законодавна постапка, уставната поставеност на Собранието во однос на другите институции, меѓународната соработка, организацијата и начинот на функционирање на Службата на Собранието, информатичката технологија и сл. Студискиот престој опфаќаше петдневна интензивна тренинг-програма во која Делегацијата од Службата на Собранието одблиску се запозна со секојдневната работа на колегите од Големото народно собрание на Турција.

Семинарот започна со официјално отворање и запознавање на Делегацијата со целта на овој проект, на која присуствуваа заменици на генералниот секретар на ГНСТ, претставник на државната агенција за развој и соработка - ТИКА, претставник на Друштвото за законодавство и сите раководни лица од Службата на ГНСТ, предавачи во текот на петдневниот семинар. На оваа средба заменикот на генералниот секретар на ГНСТ и директор на Директоратот за законодавство и резолуции **г. Ирфан Незиролу,** посака топло добредојде и информираше за заедничкиот проект на владината агенција за развој и соработка ТИКА и Претседателството на друштвото за законодавство. Заменикот директор на владината агенција за развој и соработка **г. Мехмет Јелмаз,** ја изрази безрезервната поддршка на Република Турција кон Република Македонија како пријателска и братска земја и воедно ја истакна потребата од размена на искуства во делот на легислативата. Исто така, на средбата се претставија и имаа воведно излагање за нивната работа **г. Џемал Осташ,** заменик на генералниот секретар за законодавство, а воедно и претставник на граѓаните со потекло од Румелија и г. Џенгиз Коксал, заменик на генералниот секретар за технички работи.

Шефот на Делегацијата од Собранието на Република Македонија г. Вјекослав Анѓеловски, заблагодарувајќи им се на поканата и срдечниот прием на гостите, ја претстави Делегацијата и истакна дека во Република Македонија многу позитивно се оценува принципиелниот став на Република Турција безрезервно да ја поддржува Република Македонија во интегративните процеси кон НАТО и Европската унија. Исто така, тој истакна дека билатералните односи меѓу двете земји се на завидно ниво, а своевидна потврда на тоа се и бројните спогодби потпишани меѓу двете земји од различни области на општествениот живот. Причина повеќе за одличните односи меѓу двете пријателски и братски земји се гледа и преку долгата традиција на заеднички соживот и почитување и гарантирање на правата на сите граѓани. Господинот Анѓеловски ги информираше домаќините и за фактот дека во Република Македонија, покрај македонскиот народ и другите заедници, живеат и околу 80.000 граѓани од турско потекло кои со измените во Уставот на Република Македонија од 2001 година се јасно наведени како дел од турскиот народ. Како заклучок г. Анѓеловски изрази надеж дека оваа соработка, што се одвива меѓу стручните служби на двата парламента, ќе се продлабочува и збогатува повеќе во иднина.

* * * * *

За време на семинарот беа организирани средби со следниве претставници на Службата на Големото народно собрание на Турција:

- г. Ерџан Челикер, експерт за законодавство,
- г-ѓа Јасмин Елибол, експерт за законодавство од Директоратот за надворешни работи и протокол,
- д-р Шереф Иба, заменик директор на Директоратот за закони и резолуции,
- г-ѓа Семра Ѓокчимен, заменик директор на Директоратот за закони и резолуции,
- д-р Фахри Бакрчи, заменик директор на Директоратот за закони и резолуции,
- г. Хабиб Коџаман, заменик директор на Директоратот за закони и резолуции,
- г. Исмаил Узгур, директор на Директоратот за записници,
- г. Мустафа Бичер, заменик-директор на Одделот за буџет,
- г. Ахмет Јлдз, директор на Центарот за истражување,
- д-р Ерол Јилмаз, директор на Директоратот за библиотека, документација и превод,
- г. Нихат Бук, директор на Одделот за собраниската телевизија,
- д-р Зеки Чифтчи, директор на Одделот за информатичка технологија,
-

како и со претставници на други институции:

- г. Муса Кулакликаја, директор на Турската владина администрација за развој и соработка - ТИКА и
- г. Мустафа Доган, заменик директор на Директоратот за закони и резолуции во Владата на Република Турција

Искуствата и практичните сознанија со кои се здоби Делегацијата за време на семинарот и во текот на разговорите со претставниците на парламентарната служба, се поделени и детално претставени во одделни делови од овој извештај.

**Уставната позиција на Големото народно собрание на Турција и неговите надлежности**

Почетоците датираат од времето на Отоманската држава со формирањето на првиот турски парламент под името "Генерално собрание" на 20 март 1877 година како дводомно собрание, со Претставнички дом и Сенат. Во тој период на војни и немири, Уставот неколку пати е менуван, и тоа во 1909, 1912, 1914 и 1916 година. Со тие промени се укинуваат правата на султанот да протерува граѓани во странство поради штетни активности против државата, се проширува слободата на медиумите и се укинува цензурата, се дава слобода за организирање собири, формирање организации и политички партии од страна на граѓаните, владата е ставена на одговорност пред Собранието, се ограничуваат правата и строго се дефинираат ситуациите кога султанот може да го распушта Собранието и се воведува институцијата интерпелација. Исто така, со промените им се дава можност на пратениците директно да предлагаат закони и правото претседателот на Собранието да се бира од страна на пратениците, без мешање на султанот.

Денешното Големо народно собрание на модерна Турција за прв пат е свикано на 23 април 1920 година, со негов прв претседател Мустафа Кемал Ататурк. До формирањето на новите институции, Собранието работело со Деловникот од парламентот на Османлиската империја. По една година е донесен првиот Устав на модерна Турција, каде што се наведува дека јавноста има право да одлучува за сопствената судбина, што всушност ја дефинира државата како република, потоа дека законодавната и извршната власт припаѓаат на парламентот и дека државната религија е исламот. По прогласувањето на Републиката на 29 октомври 1923 година и

избирањето на Мустафа Кемал Паша за нејзин прв претседател, следат измени на Уставот во 1924 година со кои се овозможува правото на Парламентот да ја распушти Владата, претседателот на државата да се избира од страна на Парламентот, да не одговара политички и да има право на вето. Исто така, се формираат независни судови, чии судии ќе бидат избирани на независен начин. Жените добиваат право на глас и право да бидат избирани со измените на Уставот од 1934, а со измените од 1937 година државата е дефинирана како "национална, популистичка, етатистичка, реформска и секуларна република".

И покрај сите овие значајни промени во тој период, почетоците на вистинската парламентарна демократија всушност почнуваат дури од 1946 година. Со оглед на фактот дека Турција е секуларна држава и имајќи предвид дека војската дејствува независно од другите државни институции, во периодот по Втората светска војна има два воени удари, и тоа едниот во 1961 година и вториот во 1982 година, кога следеле и уставни измени. Со Уставот изгласан во 1961 година на референдум од страна на граѓаните се воведува типичен парламентарен систем, со кој законодавната и надзорната власт припаѓаат на Собранието, кое се состои од два дома Национално собрание и Републички сенат. Извршната власт припаѓа на претседателот, а судската власт на независните судови. Со овој Устав е формиран и првиот Уставен суд на Република Турција. Во 1982 година, по воениот удар, се укинува дводомното собрание и се оформува денешното еднодомно собрание. Сепак, мора да се нагласи дека иако постоел континуитет во работењето на турското собрание, сепак воените удари често го прекинувале законодавниот процес.

Со идните измени на Уставот се направени коренити измени во парламентарната демократија на Турција. Од 2007 година, народот (граѓаните) го избираат претседателот на Републиката. Најважен аспект на нивниот парламентарен систем е континуитетот. Во 1920 година Кемал Ататурк донел наредба парламентот да работи во континуитет, без да добие наредба од друга институција. Има член во Уставот во кој се вели дека Собранието само одлучува дали ќе одлучи да работи и за тоа како само да се распушти. Со новиот Устав пратениците и по распуштањето на Собранието продолжуваат со своите обврски, а Собранието може да прекине со работа најмногу до три месеца.

Најбитен аспект на турскиот парламентаризам е и процедуралната независност. Техниката на свикување на седниците, одржувањето на седниците и сите работи врзани со тоа, се предвидени со Деловникот на Собранието и со Уставот, каде што има значителен број одредби со кои е уредена законодавната постапка на Собранието. Усогласеноста на законите согласно со Уставот кои се донесуваат од страна на Собранието, се контролираат од страна на Уставниот суд.

### Свикување на Собранието

Генералното собрание се собира без свикување на петтиот ден од објавувањето на конечните резултати од страна на Изборната комисија. Церемонијата на давање заклетва на новоизбраните пратеници се одржува на истата седница. Согласно со Уставот на Република Турција, секоја година на 1 октомври е денот за почеток на новата законодавна година. Периодот за прекин на работа на Собранието може да трае максимум три месеца во една законодавна година. Во пракса, почетокот на прекин со работа започнува на почетокот на јули и продолжува до 31 септември. Собранието, покрај овој прекин со работа, може да има прекин на своите активности, кој не е подолг од петнаесет дена. Одлуките за прекин (кои не се однесуваат на редовниот прекин од 1 јули), се донесуваат со гласање во Собранието. Во текот на прекинот, претседателот на Собранието на своја сопствена иницијатива, на барање на Советот на министри (Владата) или на писмено барање на една петтина (110) од вкупниот број пратеници (550), може да го свика Собранието.

Изборот на претседател на Собрание се врши од страна на предложените кандидати - пратеници, кои прво се предлагаат на Бирото на Собранието. Пратениците можат да номинираат кандидати во рок од пет дена, а секој пратеник има право да се

номинира себеси. Шефовите на политичките партии не можат да донесуваат заеднички одлуки. Изборот на претседател мора да се одржи во рок од пет дена по поднесувањето на имињата на кандидатите за претседател до Бирото на Собранието. Претседателот се бира со тајно гласање на седница на Парламентот, а се избира во три круга, од кои во првите два круга кандидатот мора да обезбеди две третини од гласовите, додека во третиот круг апсолутно мнозинство. Доколку ниеден од кандидатите во третиот круг не обезбеди апсолутно мнозинство, тогаш се одржува четврт круг во кој се бира меѓу двајца кандидати кои добиле најмногу гласови во претходниот круг. На крајот се избира кандидатот кој добил најголем број гласови во четвртиот круг.

**Биро на Собранието**

Бирото на Собранието се состои од 15 члена, и тоа: претседателот на Собранието, четворицата потпретседатели, седум секретари и три административци, од редовите на пратениците во Собранието. Бројот на членовите може да се зголеми на предлог на Советодавниот совет, со одобрување од страна на Генералното собрание. Соодносот на претставници присутни во парламентот од секоја партија, се рефлектира во Бирото на Собранието. Со Бирото претседава претседателот на Собранието. Изборот на членовите се менува два пати во текот на еден парламентарен мандат и тоа прво за период од две години, а потоа за период од три години. Секретарите во Бирото се надлежни за водење записници, читање на документи пред Парламентот, броење на гласовите и одржување на редот на зборување. Административците се одговорни за административните, финансиските и безбедносните прашања, како и за доставување на предлозите до претседателот за буџетот на Собранието. Овие членови, како дел од споделената одговорност, остануваат во Анкара и во текот на празниците и одморите за време на нивниот мандат.

Надлежностите на Бирото се утврдени со законите и Деловникот за работа на Собранието, и тоа: разгледување и одлучување по грешки утврдени со гласањето на пленарна седница, донесување одлуки, писмени регулативи за прашања од меѓународните активности, персонални работи на парламентарците и на вработените во службата, нивните здравствени и социјални потреби и осигурувањето. Бројот кој е потребен за одржување на седница на Бирото е апсолутно мнозинство, додека за донесување одлуки на седница на Бирото е апсолутно мнозинство од присутните членови. Доколку претседателот или некој од потпретседателите во својство на претседавач не е присутен, Бирото не може да работи и да донесува одлуки.

**Советодавен совет**

Ова тело е составено од претседателот на Собранието и од координаторите на пратеничките групи, замениците координатори или доколку тие не можат, од пратеник кој е писмено назначен од нивна страна. Со Советот претседава претседателот на Собранието. Надлежностите на Советодавниот совет се утврдени со Деловникот на Собрание, а истиот служи како тело за дијалог меѓу партиите застапени во Парламентот и за негово непречено функционирање. Истиот се свикува на барање на претседателот на Собранието или на барање на координатор на пратеничка група во рок од 24 часа. Предлозите и сугестиите на Советодавниот совет по состанокот се потпишуваат од страна на координаторите, но немаат обврзувачки карактер, туку повеќе консултативен карактер, или одлика на предлози, но во пракса парламентот ги прифаќа без измени. Доколку Советот не може да постигне договор за одредено прашање, тогаш претседателот на Собранието или политичките партии, може да ги изнесе нивните барања директно на пленарна седница.

## Пратенички групи

Секоја политичка партија, која е претставена во Собранието, може да формира пратеничка група која треба да брои најмалку 20 пратеника. Истите се формираат на почетокот на секој законодавен период, кога партијата подготвува процедурални правила кои ги поднесува до Кабинетот на претседателот, во која истата е обврзана да ја наведе листата на имиња, презимиња и изборни единици на кандидатите на пратеничката група. Координаторот на секоја пратеничка група се избира од редовите на членовите во таа пратеничка група. Координаторите имаат свои заменици, кои се грижат членовите на нивната група да ги застапуваат партиските ставови, а исто така дејствуваат и како потпароли на групата, во и надвор од Парламентот.

## Комисии

Собранието има седумнаесет постојани комисии. Застапеноста на политичките партии во комисиите е пропорционална на бројноста на нивните пратеници. Секоја комисија има претседателство составено од претседател, заменик на преседателот, записничар и потпарол од редот на пратениците - членови на комисијата. Комисијата заседава ако има присуство од 1/3 пратеници, а одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови. Кога се избира претседателство на комисија, потребно е присуство на мнозинството пратеници членови во комисијата. Дневниот ред го утврдува претседателството на комисијата.

Комисиите бројат по 15 члена. Комисијата за интеграција во ЕУ 18 члена, Комисијата за државни економски претпријатија 35 члена, а најголемата комисија е Комисијата за план и буџет составена од 40 пратеници, од кои најмалку 20 се пратеници од позицијата. Интересно, за споменување е Комисијата за испитување, која има надлежност да врши контрола на работата на министрите, т.е. да види дали министерот работи согласно со Уставот и законите. Оваа Комисија врши контрола како на сегашните, така и на претходните министри. Секоја комисија има надворешни соработници, кои се повикуваат за извршување услуги утврдени со закон. Комисии кои имаат вакви соработници се Комисијата за човекови права и Комисијата за жалби.

## Седници на Собрание

Седниците на Собранието по правило се одржуваат секој вторник, среда и четврток и се отворени за јавноста, невладини организации и други институции. Јавноста може да се исклучи само ако за тоа се донесе одлука. Секој вторник и среда, во траење од 1 час, има пратенички прашања. По пратеничките прашања, се разгледуваат точките на дневен ред. Агендата се изготвува според редоследот на пристигнување. Секој вторник, има потврдување на дневниот ред по приоритетност, а по претходна координација на Советодавниот совет. За кворум е потребно присуство на 1/3 од пратениците.

## Законодавна постапка

Право да поднесе закон има Владата, кој треба да биде потпишан од страна на претседателот на Владата и сите министри. Исто така, еден пратеник има право да предложи одреден закон.

Предлогот на закон се доставува до Кабинетот на претседателот на Собранието, потпишан од предлагачот/ите и придружен со образложение во кое се наведуваат причините за донесување, изменување или дополнување на законот. Деловникот на Собранието предвидува:

- разгледување на предлогот на законот во комисии и
- разгледување на предлогот на законот на пленарна седница.

Претседателот на Собрание, по добивањето на предлогот, директно го доставува до комисијата, за која тој/таа (во консултација со Директоратот за закони и резолуции), ќе одлучи дека ќе биде матична комисија за разгледување на тој закон. Покрај матичната комисија, законот може да биде разгледан и од секундарна заинтересирана комисија, која ќе изрази интерес да го разгледа законот. Законот се објавува на листата на пристигнати документи и на веб страницата на Собранието. Комисијата, 48 часа по добивање на предлогот, може да одржи седница на која ќе го разгледа тој закон, а во тој рок треба да им се испрати известување на членовите на комисијата за предлогот на закон. Потоа, матичната комисија треба во рок од 45 дена целосно да ги заокружи дискусиите и да подготви извештај за пленарна седница, додека рокот за секундарните комисии е десет дена. Кога се работи за обемен закон, матичната комисија има право од Собранието да побара уште денови за разгледување на тој закон.

Матичната комисија на седница одлучува дали има потреба за донесување на тој закон или не и дали е во согласност со Уставот. Право на учество и дискусија имаат сите пратеници, но без право на глас и без право на поднесување амандмани. Тоа право им припаѓа само на членовите на комисијата. Доколку има амандмани со слична или иста содржина, комисијата може да реши да ги спои истите. На седница на комисијата мора да има претставник на Владата, по правило од ресорното министерство кое го подготвило законот. Комисијата го разгледува, дискутира и гласа по законот, член по член, заедно со пристигнатите амандмани. По завршување на работата, матичната комисија подготвува извештај кој добива собраниски број, се нумерира и се става на дневен ред на Собранието. Извештајот треба да биде потпишан од страна на сите членови, а доколку има пратеници кои не се согласуваат со предлогот, тоа мора да биде наведено во извештајот. Истиот може да се разгледува на пленарна седница 48 часа по неговото објавување.

На пленарна седница се разгледува извештајот на матичната комисија. На седницата на Собранието мора да присуствува претседателот на комисијата. Ако тој не е присутен, тој предлог не се разгледува. На седницата претседателот на комисијата мора да го извести Собранието за ставот на комисијата. Амандмани може да се доставуваат од страна на кој било пратеник, на почетокот на пленарната седница, а се прифаќаат по правилото "прв дојден, прв услужен", поточно се прифаќаат само првите седум амандмани по редослед на пристигнување. На седницата прво се рагледуваат сите ставови по предлогот на закон и, доколку нема против, се дава право на координаторите во име на пратеничката група да дискутираат по однос на извештајот во траење од 20 минути, потоа по двајца пратеници (обично членови на комисијата) од секоја пратеничка група по 10 минути и за членови на владата по 10 минути. По ова следи период на поставување прашања и одговори по предлогот во рок од 20 минути - 10 минути за пратениците да поставуваат прашања до министерот, а министерот одговара 10 минути. Со завршувањето на дискусиите, предлогот се става на гласање. Доколку мнозинството гласа против предлогот, тогаш истиот се одбива, а доколку предлогот се прифати, тогаш се разгледуваат членовите од законот и тоа член по член. Секој член се дискутира (со време за 50% пократко од горенаведеното, по иста постапка) и потоа се става на гласање. На крај се гласа по целиот текст на законот.

За законот да влезе во сила истиот мора, во рок од 15 дена, да биде потпишан од страна на претседателот на Републиката. Доколку претседателот не го потпише законот, истиот се враќа во Собранието за разгледување, во целост или за одредени членови, зависно од барањето на претседателот. Собранието, доколку изврши измени на тој закон и го испрати на претседателот, претседателот има право повторно да го врати во Собранието, по што со одлуката на Собранието, законот влегува во сила. Буџетските закони спаѓаат надвор од оваа процедура и се објавуваат директно во Службен весник, без верификација од страна на претседателот на државата.

За измена на Уставот предлогот мора да биде поддржан од најмалку 1/3 од пратениците, поточно 184 пратеника (од вкупно 550). Измените на Уставот налагаат

разгледување на предлог два пати и усвојување на предлогот од најмалку 330 пратеници, со тајно гласање.

**Контролна улога на Парламентот**

Големото народно собрание на Турција, својата контролна улога ја извршува преку поставување пратенички прашања, испрашувања и интерпелации. Пратеничко прашање може да се постави од страна на пратеник, на седниците во вторник и среда, кога е предвидено поставување на пратенички прашања, во времетраење од еден час. Пратеникот прашањето треба да го достави до Кабинетот на претседателот на Собрание, кој го упатува до Владата. Прашањето треба да биде кратко, да не содржи неоправдани или персонални ставови, ниту да содржи прашања од лична или приватна природа и не може да има во прилог дополнителни информации. Прашањето мора да биде потпишано од страна на подносителот. На истото треба да биде одговорено во рок од петнаесет дена. Доколку министерот одговори усно на пленарна седница, истото се третира како усно прашање. Времетраењето на одговор на одредено прашање на пленарна седница е 5 минути. Доколку не одговори усно тогаш министерот тоа треба да го направи во рок од десет дена. Во случај да не одговори и во текот на тие десет дена усно, истото се објавува како неодговорено со сите доставени материјали и министерот е обврзан писмено да одговори на истото прашање и тоа се третира како писмено прашање. Сите поставени прашања од 2000 година па наваму, можат да се најдат на веб страниц ата на Собранието.

Парламентарните испрашувања се насочени кон сегашни и претходни членови на Владата и се однесуваат на тврдења за нивното дејствување спротивно на законот додека се или биле на функција. Предлогот за покренување истрага мора да се усвои на Собранието, по постапка предвидена како и за разгледување на закон и доколку Собранието позитивно се изјасни по прашањето, се формира анкетна комисија која има задача, во рок од четири месеца да заврши со истрагата и да изготви извештај кој ќе го презентира на посебна седница. Доколку Собранието, со апсолутно мнозинство и со тајно гласање, се изјасни позитивно по извештајот на комисијата, засегнатиот функционер се испраќа на Висок суд.

Предлог за интерпелација за работата на одреден министер или на цела Влада, може да се достави и потпише од страна на пратеничка група или на барање на 20 пратеници. Во рок од 15 дена интерпелацијата треба да биде ставена на дневен ред на Собрание и по истата да се гласа. За да и се изгласа недоверба **(соборување)** на Владата или на одреден министер во Владата, потребно е повеќе од половина од пратениците, поточно 276 гласа, позитивно да се изјаснат по предлогот за интерпелација.

**Логистика**

Директоратот за закони и резолуции е надлежен за обезбедување на комплетна логистика во текот на законодавниот процес. Истиот брои 120 вработени, вклучувајќи експерти кои ја разгледуваат усогласеноста на одреден закон со Уставот и другите закони, експерти кои работат со собраниските комисии, експерти кои подготвуваат амандмани и технички персонал за административните работи. Директоратот е надлежен за претставување и објавување на законот во сите негови фази, од неговото пристигнување во Парламентот до неговото објавување. Сите фази на предлогот на закон се објавуваат во посебни брошури и на веб страницата на Собранието.

**Записници**

Директоратот за записници почнал да работи од 1923 година. До 1928 година се користело арапското писмо. Оттогаш се воделе стенографски белешки и записници за тоа што се случувало на седниците. Директоратот е надлежен и за изготвување на стенографските белешки од расправата на пленарна седница и на седници на комисии.

Записниците ги содржат основните податоци за работата на седницата, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со прашањето од дневниот ред.

За секоја седница се чуваат стенограми, кои се објавуваат и на веб страницата на Собранието. Стенографските белешки се вршат во текот на седницата, со менување на стенографите на секои 2,5 минути. Истите ги следат експерти од Директоратот за записници, кои потоа ги корегираат од јазичен и стручен аспект пред нивното објавување. Стенографските белешки во рок од еден час се изготвуваат и се ставаат на веб страницата на Собранието. На крај стенографските белешки, извештаите на комисиите и записниците се систематизираат и чуваат во посебна датотека на Директоратот.

**Буџет**

Законската рамка за буџетот на Република Турција е уредена во Уставот, Законот за управување со јавните финансии и контрола и Законот за јавни финансии и управување со долгови. Уставот ги поставува принципите за јавни набавки, системот за контрола и дистрибуцијата на надлежности во процесот на изготвување на буџетот меѓу извршната и законодавната власт, крајниот рок за доставување на нацрт буџетот и завршните сметки во Парламентот и парламентарните дебати за буџетот. Законот за управување со јавните финансии и контрола детално ги уредува принципите за буџетскиот систем и ревизијата. Законот за јавни финансии и управување со долгови го поставува Министерството за финансии кое е одговорно за подготвување, извршување, управување, известување и пресметки на буџетот. Законот за турските финансиски судови ја регулира надворешната ревизија.

Согласно со горенаведената регулатива, три институции се вклучени во подготвување на државниот буџет: Министерството за финансии, Потсекретаријатот на организацијата за државно планирање и Потсекретаријатот за трезор. Согласно со членот 162 од Уставот и членот 18 од Законот за управување со јавните финансии, Владата треба да го подготви и достави предлогот на државниот буџет до Собранието најдоцна 75 дена (17 октомври) пред почетокот на фискалната година.

По пристигнувањето во Парламентот, буџетот мора најпрво да биде разгледан од Комисијата за план и буџет во рок од 55 дена и да биде ставен и разгледан на пленарна седница во рок од 20 дена и да влезе во сила на 1 јануари од новата фискална година.

Нацртот на буџетот, заедно со предлозите на законите за финансиски сметки за новата фискална година се доставуваат до Комисијата за план и буџет, која заседава во рок од 15 дена од добивањето на овие предлози на закони, а расправата ја завршува во рок од 35 дена. На првата седница министерот за финансии го презентира нацртот на буџетот за следната фискална година. Потоа, комисијата се договара за начинот на распределба на времетраењето на дискусиите за членовите на комисијата, согласно со нивниот капацитет во Собранието. По дискусија на целиот закон, се разгледуваат првиот и вториот член од трошоците и приходите на Владата. Ресорните министри ја претставуваат Владата во текот на дискусијата. По завршување на дискусијата по ресорните владини буџети, се гласа посебно по законот за завршни сметки и буџетските приходи. Потоа се преминува на другите членови од законите и се гласа. Кога ќе заврши гласањето по ставки, на крај се гласа за буџетот во целост. Комисијата има право да предлага измени во ставките на буџетот, односно да ги зголеми или намали буџетските средства на одредена ставка. Исто така, Комисијата за план и буџет е единственото овластено тело да врши измени во буџетот. Во текот на расправата на комисија, членовите можат да предложат максимум до 300 амандмани, од кои во пракса се прифаќаат околу 2 %.

Кога предлогот на буџетот ќе се изгласа на комисија, се доставува до претседателот на Собранието, кој понатаму го доставува до пратениците на разгледување на пленарна седница. Пратениците на пленарна немаат право да предлагаат амандмани за нови трошоци и нови ставки во буџетот, на пленарна седница се гласа само "за" или "против" ставките и целиот буџет. Ако буџетот не се донесе до 1 јануари, се работи со привремен буџет. Тоа е предвидено со Законот број 5012.

**Логистика и парламентарен буџет**

Директоратот за закони и резолуции и Директоратот за буџет се службите кои ја даваат целата логистика во изготвувањето на буџетот за Собранието, како и во процесот на разгледување на државниот буџет на седница на комисија и на пленарна седница. Големото народно собрание на Турција има свој буџет, кој се вметнува како дел од Државниот буџет на Република Турција. Министерството за финансии, ниту кој било друг владин функционер, нема право да интервенираат во парламентарниот буџет, а Собранието е самостоен и независен корисник на своите финансиски средства.

**Парламентарна служба**

Според Законот за државни службеници, има три вида на службеници, и тоа: државни службеници, работници и времени службеници, поточно службеници вработени на одредено време. Покрај него, има и други закони за државните службеници, како Закон за академски професори, Закон за воен персонал и Закон за судии. Над сите овие закони, основен е Законот за државни службеници, којшто важи подеднакво за сите државни службеници во однос на нивните права, за начинот на вработување, именување, преместување во други државни институции, дефинирањето на нивните примања, одредени одредби за нивно пензионирање итн.

Структурата и надлежностите на вработените во Големото народно собрание на Турција се уредени согласно со Деловникот за работа на Собранието и согласно со посебен закон, како и со други подзаконски акти со кои тие како служба се издвојуваат од другите државни службеници. Во поранешните години имало околу 300 вработени, но со текот на времето и зголемените потреби тој број денес достигнува над 5.000 вработени, вклучително и 550 лични асистенти и 550 технички секретарки на пратениците.

Со службата раководи генерален секретар, кој го именува претседателот на Собранието. Под него има тројца заменици, и тоа: за законодавство, за административни работи и за технички работи, при што има јасна поделба меѓу нив, на нивните овластувања по сектори и децентрализиран начин на работа во самата служба. Генералниот секретар и неговите заменици можат, но не мораат да бидат избрани од редовите на Службата во Големото народно собрание, но клучниот услов за нивен избор е да имаат најмалку десет години работно искуство во државната администрација. Во хиерархијата на функции, покрај генералниот секретар и неговите заменици, има директори на директорати и заменици директори. Личните примања на вработените во Големото народно собрание на Турција се повисоки од тие на државните службеници во министерствата, иако во последно време има тенденции за нивно изедначување.

Вработувањата на службеници во Собранието, како и во другите државни институции се вршат преку јавни конкурси и налагаат полагање на државен испит, а приемот се врши со избор на лица кои имаат освоено највисок број поени на тој испит. Сите именувања во Собранието ги врши генералниот секретар, по претходно добиена согласност од страна на претседателот на Собранието. Вработените во Собранието, како и сите државни службеници се професионално вработени и со закон им е забрането да членуваат во политички партии.

Во делот на служба за пратениците, секој пратеник има по еден личен асистент и своја техничка секретарка, лица кои се времено вработени во Собранието, зависно од мандатот на пратениците. Условите за ангажирање на личен асистент од страна на пратеник се истиот/истата е да имаат завршено високо образование, да имаат минимум две години работно искуство и да не се во никакви роднински врски со пратениците и можат, но не мора, да бидат членови на партии. Овие лица се вработени на времена основа и се плаќаат со средства од Државниот буџет на Турција.

Меѓународна соработка

Меѓународната соработка на Собранието е дефинирана согласно со Законот 3620 на Република Турција. Овој закон е примарен во однос на другите закони кои се сврзани со меѓународната соработка и го регулира членството на Собранието во меѓународни организации, основањето на групи за пријателство, критериумите за членство на пратениците во меѓународните делегации, групите за пријателство и сл. Исто така, во Деловникот за работа на Големото народно собрание има одредби кои се однесуваат на меѓународната соработка на Собранието.

Собранието е член на разни меѓународни организации со кои остварува редовна и интензивна соработка преку своите делегации, и тоа: во ПС на Советот на Европа, ПС на НАТО, ИПУ, ПС на Црноморската економска соработка, Асоцијацијата на азиски парламенти за мир и Парламентарната унија на Организацијата на земји членки на Исламската конференција. Во ПС на ОБСЕ и ПС на ЗЕУ, Собранието на Турција има статус на "асоцијативен член". Исто така, во рамките на билатералната соработка, Собранието основа парламентарни групи за пријателство со други парламенти, а нивниот број во моментот е осумдесет. Во делегациите и во групите за пријателство со парламентите на други земји, право на членство имаат само оние пратеници кои имаат пратеничка група составена од најмалку 20 пратеници. За активностите на пратениците во меѓународни организации, групите за пријателство, организирањето меѓународни конференции во земјата и билатералните посети, одлучува претседателот, во консултација со Претседателството на Собранието.

**Директорат за надворешни односи и протокол**

Меѓународната соработка, меѓународните парламентарни настани во Собранието и целосната коресподенција со странство се врши од страна на Директоратот за надворешни односи и протокол, кој брои 50 вработени. Истиот ги организира меѓународните активности на претседателот на Собранието и делегациите во меѓународните парламентарни собранија, каде што Големото народно собрание на Турција е член или каде што зема активно учество. За секоја меѓународна организација или собрание, има по двајца службеници -секретари на делегацијата од овој сектор. Тие ги придружуваат парламентарните делегации во странство и ги подготвуваат пратениците, во соработка со Министерството за надворешни работи на Република Турција, за нивните настапи на меѓународните настани. Личните асистенти на пратениците можат да ги придружуваат пратениците во странство само доколку самите си ги покријат сите трошоци за патувањето, бидејќи Собранието не ги покрива таквите трошоци.

Во рамки на Секторот е организиран и делот на преводот во функција на меѓународната соработка на ГНСТ. Дванаесет вработени во Секторот ги покриваат следниве јазици: англиски, француски, германски, италијански, кинески и руски и вршат писмен и усен консекутивен превод. Тие во исто време извршуваат и други работни задачи во делот на меѓународната соработка, односно не се стриктно задолжени за превод. Само еден преведувач за англиски јазик е обучен за вршење симултан превод. Во случаи на посети на странски делегации или организирање на други настани кои не можат да се покријат со вработените во Секторот, се ангажираат надворешни хонорарни соработници.

Протоколот во рамките на Секторот го покриваат пет вработени (од кои двајца се задолжени за покривање на активностите на претседателот на ГНАТ), а обврските се состојат во реализирање на официјални пречеци, протоколарни средби, ручеци и вечери. Притоа, протоколот има широка финансиска слобода. Покрај тоа, во извршување на протоколарните активности се вклучуваат и другите вработени во Секторот.

## Европски прашања

Европските прашања се во надлежност на Секторот за надворешни односи и протокол вклучувајќи ја, покрај Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Турција, исто така, и Комисијата за европски прашања, заради подобра координација на целокупната соработка со европските институции.

Во однос на фондовите од ЕУ, Турција како земја кандидат за членство и земја која има започнато преговори со Унијата, има право на користење на таквите фондови. Од Програмата ИПА, Големото народно собрание на Турција ќе искористи околу 1.000.000 евра, наменети за опремување на Канцеларијата за европски прашања, службата, како и за семинари за службеници во земји членки на ЕУ, и тоа Белгија, Франција и Данска. Проектот е предвиден да заврши на 12 ноември 2008 година. Координацијата на овие фондови се врши од страна на Секторот за надворешни односи и протокол.

Во делот на директна комуникација на Големото народно собрание на Турција со Европскиот парламент, веќе е одобрен мандатот на еден висок службеник од Собранието да биде постојан собраниски претставник во Европскиот парламент, од 1 јули 2008 година во Брисел.

## Истражување и анализа

Во склоп на Службата на Собранието, од пред неколку години е формиран посебен Центар за истражување и анализа, кој е надлежен за подготвување информации и анализи за потребите на пратениците, службата и бившите пратеници на Собранието. Извештаите и анализите можат да бидат подготвени за еден пратеник и за група пратеници, како и бивши пратеници на Собранието, кои согласно со Деловникот на Собранието, имаат право да ги користат услугите на секторите во Парламентот. Центарот е поделен на помали одделенија специјализирани за одделни видови истражување и тоа: правни прашања, политички науки и јавна администрација, меѓународни односи, финансии и економија, социјална политика, природни науки и земјоделство.

Секое одделение има во просек од четири до пет експерти кои работат на овие проблематики. Исто така, Центарот е задолжен за коресподенција со ЕЦПРД, од каде што добиваат корисни и исцрпни информации за работењето на другите парламенти во Европа, а кореспондент со оваа организација од турскиот парламент е раководителот на Центарот за истражување и анализа.

Значајно е да се спомене дека Центарот порано бил заедно со Библиотеката на Собранието, а подоцна издвоен како посебен центар. Сепак, несомнена е поврзаноста меѓу нив и со Директоратот за закони и резолуции, бидејќи најголем дел од барањата за вршење истражувања и анализи произлегуваат од работата на седници на Собранието. Исто така, по барање на Директоратот за надворешни односи и протокол, Центарот за истражување и анализа подготвува извештаи кога има посета на странска делегација на Големото народно собрание на Турција. Извештаите, прегледите и анализите, пред да бидат дадени до корисникот и пред да бидат ставени на Интранет страницата на Собранието, мора да бидат одобрени од страна на раководителот на Центарот.

Сите анализи и извештаи можат да се најдат на Интранет страницата на Собранието, на кои може да се најдат изворите кои се користени за изготвување на секој извештај, кои во најголем дел се платени ресурси на располагање на Собранието, како и бројот на корисници кои го прочитале тој извештај или анализа. Тие документи се дадени во ПДФ формат, со можност за нивно отворање и читање, а без право на менување од страна на одреден корисник. Исто така, има статистички податоци за бројот на изготвени извештаи по лица согласно со бројот на вработени, поточно кој вработен колку извештаи или анализи направил во претходниот период. Освен горенаведеното, многу се цени проактивниот пристап на вработените во однос на работата и нивната самоиницијативност за изготвување на извештаи по одредени

актуелни теми на дневен ред на Собранието, притоа секогаш обезбедувајќи професионално и експертско мислење за проблематиката за разработка, оставајќи го политичкиот став за личните асистенти на пратениците и на самите пратеници.

**Библиотека**

Библиотеката е стара колку и самата Република. Првите обиди за основање на парламентарната библиотека датираат уште од отоманскиот период и тоа во периодот од 1908 до 1920 година, кога Парламентот бил дводомен. Од 1960 година Библиотеката е префрлена во новата парламентарна зграда каде што се наоѓа до ден денес и е на располагање на пратениците, личните асистенти на пратениците, вработените, поранешните пратеници, магистранти и докторанти кои обработуваат одредени теми кои можат да се најдат во оваа библиотека.

Согласно со Законот за колекција, библиотеката може да добие бесплатна копија од секоја книга која е издадена во Република Турција, па така секоја година библиотеката добива меѓу 5.000 и 6.000 дела годишно, како и меѓу 1.000 и 2.000 дела на странски јазици. Денес, истата располага со 300.000 томови на книги на турски и на странски јазици, кои се ставени во компјутер со МАРЦ (машински читлив каталог) формат, потоа 55.000 томови весници и списанија, 6.700 микрофилмови на весници кои датираат од 1831 година па наваму и над 7.000 томови периодика. Библиотеката е особено добро снабдена со ресурси од областа на јавната администрација, правото, економијата, политичките науки, филозофијата, социологијата, локалната администрација, меѓународните односи, историјата, географијата и парламентарните проблематики. Библиотеката поседува документација систематизирана според насловот на делото, писателот и темата која ја обработува. Документацијата ги опфаќа весниците и списанијата. За неколку весника од 1991 година па до денес, се подготвуваат индекси по теми, како и истражувања на одредени теми кои се систематизираат во каталози. Во делот за микрофилмување, во моментот се врши префрлување на сите податоци кои се однесуваат на работата на Собранието и на микрофилм и нивно систематизирање.

**Логистика**

Директоратот за библиотека, кој е задолжен за Библиотеката, е поделен на Оддел за библиотека, Оддел за документација, Оддел за истражување и Оддел за микрофилмување. Вработените се на располагање за помош на сите кои доаѓаат во библиотеката, а нивниот вкупен број изнесува 62, од кои 22 се со високо образование (најчесто со магистратура или докторат), а другите се технички персонал.

**Собраниска телевизија**

Големото народно собрание на Турција има своја парламентарна телевизија. Првото емитување на седница на Собранието на Република Турција го има направено 1920 година и тоа на 10 декември, на Денот на човековите права. Работењето на Собранието на почетокот го емитувала Државната телевизиска куќа, но сега тие сами ја емитуваат преку нивната телевизија, односно преку собранискиот канал. На 23 април - Денот на ГНСТ - се прави пригодна емисија во која се емитуваат сите активности што се подготвени за патронатот на ГНСТ. Исто така, треба да се наведе дека во организациона смисла Телевизијата на ГНСТ наликува на француската, иако многу земји се угледале на нив, како што е Америка.

Освен емитувањето на пленарните седници, се снимаат сите активности кои се случуваат во Собранието и врз основа на тоа се прават "вести", кои ги презентираат собраниските спикери. За таа цел, опремено е специјално студио за емитување на вести и за снимање дебатни емисии. Покрај ова, се следи работата на парламентарните комисии, активностите на претседателот на Собранието, односно на целокупното

функционирање на ГНСТ. За таа цел, собраниската телевизија е опремена со најсовремени технички и технолошки средства за работа. Секторот за телевизија, во склоп на собраниската служба брои 50 вработени, од кои двајца спикери, седум новинари а останатиот дел е технички персонал. Во смисла на одговорноста, Секторот на Телевизијата на ГНСТ одговара директно пред генералниот секретар на Собранието и пред Претседателството на Собранието.

Во главната зграда на Парламентот, каде што е сместена Телевизијата на ГНСТ, има канцеларии за надворешните телевизиски куќи, кои ги следат и известуваат за активностите на Собранието и посебна сала за одржување на прес-конференции. Радијата немаат свои канцеларии за известување во Парламентот.

**Заклучни согледувања**

Учеството на Делегацијата од Службата на Собранието на Република Македонија на Семинарот во Големото народно собрание на Турција се оценува како многу значајна и целна. Семинарот беше одлична можност за стекнување сознанија и искуства за начинот на функционирање на турскиот парламент, при што службениците од Делегацијата и преку поставувањето на прашања, добија директни одговори за сите поединости од парламентарното работење и целосна претстава за работењето на нивните колеги во Големото народно собрание на Турција. Исто така, колегите од Службата во Големото народно собрание на Турција, изразија задоволство од нивната можност да стекнат нови искуства за начинот на функционирање и организацијата на Собранието на Република Македонија и позитивните искуства да ги применат во нивниот начин на работа.

Во текот на престојот, покрај средбите со парламентарни службеници, Делегацијата имаше средба и со претседателот на Групата за соработка со Република Македонија г. Седат Кизилџикли, на која беа искажани изрази на искрена благодарност за поддршката на Република Турција на Република Македонија во меѓународните организации и за одличните билатерални односи меѓу двете земји. Ова е од особено значење за продолжување на континуитетот во развивање на добрите врски и меѓусебна соработка меѓу двата парламента. На средбата беше искажан ставот дека Република Турција, како земја членка на НАТО и земја кандидат на ЕУ, е искрен пријател на Република Македонија и дека и во иднина ќе продолжи со давање на несебична поддршка на Република Македонија на нејзиниот пат кон полноправно членство во НАТО и ЕУ.

Посетата на Делегацијата од Службата на Собранието на Република Македонија се оценува како исклучително значајна за збогатување на искуствата од парламентарно работење. Проширувањето на знаењата и примената на стекнатите искуства ќе помогне во подобрување на квалитетот на секојдневното работење и ќе ја подобри функционалноста на целата Служба на Собранието на Република Македонија.